## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто и дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јануари 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господо пратеници,

Ја отварам Сто и дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лалуренчиќ, Благородна Мингова Крепиева, Славица Грковска, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Андреј Жириновски, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Хисни Шаќири, Теута Арифи, Рафис Алити, Гзим Острени, Марјан Ѓорчев, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовие на Владата на Република Македонија, претседателот на државната Комисија за спречување на корупцијата, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Назми Беќири, Жарко Караџоски, Силвана Бонева и Исмет Рамадани.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Цветанка Гашоска, Ефтим Манев, Јордан Михајловски, Есат Рахиќ, Илија Србиновски, Драго Шајноски и Ацо Спасевски.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Лилјана Поповска, Наташа Биковска и Силвана Бонева.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Хисни Шаќири, Ристо Пејовски, Михајло Георгиевски, Назлие Даути, Александар Флоровски и Жарко Караџоски.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Лилјана Поповска, Хисни Шаќири, Тома Глигоријевски и Зоран Томиќ.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ацо Спасовски.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Марјан Ѓорчев, Зоран Томиќ и Силвана Бонева.

Народниот правобранител достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Зоран Томиќ.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашање поставени од пратениците Јордан Михајловски, Славе Арсовски, Жарко Караџоски и Никола Апостоловски.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам пратеникот Назми Беќири да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Назми Беќири не е тука.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине потпретседателе,

Дали е ова за прашање од Владата.

**Слободан Најдовски:** Добиен од Владата на Република Македонија.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Помина подолго време, тоа прашање е од седницата на 25 октомври 2005 година, тоа се однесуваше за состојбите во Тутунскиот комбинат Прилеп, според информациите што ги добивме дека Владата на Република Македонија, Комбинатот го ставила под некакви мерки, јас добив одговор, морам да признам со кои што одговор на Владата и не можам да бидај кој зане како задоволен, за тоа што одговорот на Владата е одговор на менаџерскиот тим, кој таму работи. Повеќе ме интересираше што ќе се случи и што ги очекува работниците во Тутунскиот комбинат.

Така што, од тоа што го прочитав од одговорот, а за што најмногу се интересирав, прашањето беше дали на Тутунски комбината, вака како што работи, Владата може да преземе мерки, поточно дали му следи и стечај? Со оглед дека оние мерки што ги презема и менаџерскиот тим и Владата, со она што го напишала овде, не гледам резултати. Сепак, Владата се потрудила да каже дека ќе се преземат соодветни мерки, согласно законските прописи во некаков си нареден период, па би сакал да знам колкав е тој нареден период, има ли рок тој нареден период? Ако пак тој временски рок не се знае, тогаш би требало да се ограничи, затоа што според едно од решенијата што Владата, заедно со менаџерскиот тим бара стратешки партнер, до ден денеска тој стратешки партнер никаде го нема или се крие или не е заинтересиран. Тоа не може да трае до недоглед,

да се бара стратешки партнер вечно, да не се најде.

Од друга страна, тоа што овде пишува дека е продолжена гаранцијата за 100 милиони денари одобрен кредит од Стопанска банка, би требало да се знае дали тој кредит е вратен, не е вратен, дали има можнсти за враќање на тој кредит или не? Факт е дека состојбата во Комбинатот продолжува и понатаму иста. Се уште работниците не одат на работа, се уште се испуштени 80%, Тутунскиот комбинат денеска нема ниту тутун, нема што да работи, затоа работниците седат дома. Предстои откупна сезона.

Се поставува прашањето може ли Комбинатот да врши откуп, не може ли да врши откуп? Значи, конкретното прашање до Владата, со оглед дека 35% од капиталот е државен, односно општествен, би морало да има поконкретни мерки, односо поконкретно да се одговори. Би сакал нешто поконкретно да се каже до кога ваквата состојба некој ќе ја толерира, затоа што факт е дека таму работите не одат, а повторно поради сето тоа страдаат тутуно производителите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господнине Караџоски,

Колку што можев јас да ве сфатам, со оглед на тоа што не беше прецизирано, прашањето ви е до кога вака ќе се толерира? Јас така сфатив. Може ли точно да го формулирате прашањето?

**Жарко Караџоски:** Прашањето, потпретседателе го дефинирав, ама не ме слушавте вие, разговаравте.

Ќе пофторам - посто ли временски рок во кој што Владата ќе ги преземе мерките, согласно Законот, затоа што во одговорот стои дека во наредниот период, значи кој е тој нареден период од сите оние работи, има ли рок, што конкретно ќе преземат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Во името на Владата ќе одговори претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Проблемите во Тутунскиот комбинат во Прилет беа преокупација на Владата во последните 18 месеци и сметам дека нашата интенција да најдеме стратешки партнер сега е многу повозможно, споредувајќи со периодот од пред 10 или 12 месеци. Затоа што во меѓувреме подготвувајќи го Комбинатот да биде во подобра кондиција Владата, дел од своите побарувања што ги имаше од Управата за јавни приходи успеа во процесот на дивестирање на несуштествените функции на комбинатот да намири дел од своите побарувања, со тоа што би го направила Комбинатот поактрактивен.

Пратеникот Караџоски знае дека во фазата број еден направивме дивестирање на амбулантата, што се наоѓа во кругот на Тутунскиот комбинат, на спортската сала што се наоѓа во центарот на Прилеп и на хотелот што го имаше Тутунскиот комбинат во Охрид и на дел од деловните и станбени простории што ги имаше во Белград.

На тој начин ако да речеме пред 10 месеци, кога своите побарувања Владата би ги капитализирала како удели, имаше од прилика 60% од Комбинатот во овој момент нашето учество во Комбинатот е некаде помеѓу 20-30%. Имајќи предвид дека на последната седница на Владата, последната гаранција што беше падната на една од сметките што ги има Тутунскиот комбинат во Прилеп, а за потсетување на јавноста Тутунскиот комбинат во Прилеп работи со три сметки: една е на име Холдингот Тутунски комбинат, еден од ДООЛ - ите е Тутун, еден од ДООЛ-ите Цигари, така што сметката што сега треба да ја работат менаџерскиот тим од Тутунскиот комбинат е на ДООЛ Тутун беше одблокирана по последната одлука на Владата, каде што Владата прифати пребивање на дел од побарувањата што ги имаше Тутунскиот комбинат кон Бирото за стокови резерви. На тој начин, гаранцијата што беше падната за некаде 36 милиони денари, по пребивањето и компезацијата што со владината одлука од минатиот четврток ја реализира Министерството за финансии создадени се предусловите да може Комбинатот да работи.

Едно од барањата што го достави менаџерскиот тим до Владата е да добие подршка во овој период од откупот, не беше прифатена. Менаџерскиот тим беше упатен преку Комерцијалните банки, со евентуална подршка на Банката за подршка на развојот да се обезбедат минимум средства за да отпочне откупот во прилепскиот регион.

Мојата проценка, проценката на Владата е дека во овој момент имаме многу подобри шански успешно да завршат преговорите со стратешките партнери одколку минатата година. Тоа што прашува пратеникот Караџоски кој е тој разумен рок, разумниот рок е во следните 2-3 месеци, затоа што станува извесно дека пролонгирањето на агонијата може негативно да се одрази на оние 5-6 илјади семејства што се врзани како коопeранти со Тутунскиот комбинат Прилеп. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволена од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнителни прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам, потпретседателе.

Моето прашање се однесуваше на долгот што го има Србија и Црна Гора односно тогашната Сојузна Република Југославија за авионските прелети низ македонскиот воздушен простор, врз

основа на направената Спогодба помеѓу Министерството за транспорт и врски и Сојузното министерство за урбанизам, сообраќај и екологија на Југославија, со важност од 1992 до 1996 година, значи за сите прелети што се правени над воздушниот простор на Република Македонија, за кои што тогашната СРЈугославија има наплаќано. Требаше да се одговори колкав е тој износ на средства што припаѓа на Република Македонија заради користење на нашето македонско небо за прелет.

Во одговорот има дадено дека за прв пат тоа е констатирано во јули 2005 година и се покренало прашањето за должничко-доверителски односи што произлегуваат од оваа Спогодба што ја наведов.

Кажано е дека двете страни не располагат со прецизни податоци и е договорена средба со експертски работни групи, што ќе подготват детален материјал по ова прашање.

На почетокот на месец ноември, Министерстовот за транспорт и врски и Управата за цивилна и воздушна половидба упатиле допис до органите на Србија и Црна Гора за итна средба на експертските групи. Тоа е одговорот на прашањето од месец јули кога е констатирано дека, навистина, тогашна СРЈ и должи на Република Македонија средства за направените прелети над нашата територија. До денеска поминаа 6 месеци. Во ноември е упатен допис до органите на Србија и Црна Гора за итна средба на експертските групи, меѓутоа никаде во одговорот е кажано дали нашите експертски групи имаат некакво експертско сознание, дали имаат утврдено некоја сума што ја должи Република Србија и Црна Гора, ако е изготвен било каков материјал, кој е тој износ на долгот што е ставен во материјалот, ако не е направено што е направено за интензивирање на постапката, освен упатениот допис од месец ноември. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Во името на Владата кој ќе одговори?

Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање. Тоа е во однос на второто прашање.

Во однос на првото прашање, имате ли дополнително прашање?

Задоволна сте одговорот, нема дополнително прашање.

Господинот Исмет Рамадани не е овде.

Го молам пратеникот Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволена од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

Повелете госпоѓо Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине потпретседателе.

Да, задоволна сум од одговорот на министерот, особено од тајниот дел на одговорот каде што вели дека отворањето на стечај не значи и трајно затворање на фабриката, туку напротив создавање услови или предуслови за рестатирање на фабриката со нова структура на капиталот и со враќање на работа на поголем дел од работниците.

Исто така ме прави задоволна одговорот во оној дел кога вели дека Министерството за економија предложи веднаш да се пристапи кон поднесување на пријава за отворање на стечајна постапка.

Моето дополнително прашање би било, до каде е со тој чин? Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Писмено ќе одговориме, треба да се провери.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Господинот Ефтим Манев не е тука.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

Повелете годподине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван потпретседател, почитуван премиер, членови на Владата,

Моето прашање во однос на купопродажбата на рудникот Тораница до Министерството за економија беше поставено уште на 29 септември. Од познати причини, не држевме седница поради уставните амандмани, па од одговорот што го добив сум задоволен, со оглед на тоа што со преддоговорот се дефинирани најважните работи за рестартирање на рудникот Тораница, дека 400 луѓе ќе се вратат на работа, дека Рудникот, по потпишувањето на договорот во рок од 5 месеци ќе биде целосно активиран.

Тоа што сакам да го кажам во моментов, има некои отворени прашања што стојат во врска со хипотеката. Не ги знам намерите на американската фирма што го има купено рудникот Тораница, фирмата КСЕМИНЕКС. Сакам да укажам на Министерството за економија дека ќе мора и понатаму активно да ги следи активностите околу рестартирањето на рудникот, а особено мора да има координација внатре во министерството, со оглед на тоа што се работи за една посложена постапка, дури административна со вадење на одредени дозволи за рестартирање на рудникот. Мислам дека активностите во Владата и Министерството треба да бидат во таа насока, да се олесни рестартирањето на рудникот Тораница.

Тоа не е дополнително прашање. Моето кажување во врска со тоа е дека понатаму во Владата треба да се следат активностите за рудникот Тораница сега се рестартира во периодот по продажба. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Го молам пратеникот Есад Рахиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерство за економија или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Моето прашање, колку се сеќавам, беше за трансформацијата во Газела. Од тоа што го добив од одговорот релативно сум задоволен, само би сакал да поставам прашање дали покрај основната уплата од 100 илјади евра, дали останатите пари се легнати на жиро сметката на Владата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Молам, претставникот на Министерството за економија, господинот Андоновски, повелете.

**Саша Андоновски:** И ова ќе морам да го проверам, ќе го известам пратеникот.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор.

Господинот Илија Србиноски не е тука.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Од одговорот не сум задоволен, бидејќи истиот е површен и не е поткрепен со аргументи. А, јас го поставив прашањето токму поради тие документи.

Пред да го поставам дополнителното прашање, би сакал да истакнам дека последниве две години имав можност да поставам неколку прашања до Владата, т.е. до министерствата и во најголем број од нив одговорите, особено на дополнителните прашања беа неточни и тендециозни. Бидејќи, во принцип не е можно, поточно е јалова работа конструктивни ставови да се градат врз вакви несигурни основи, доведен сум во искушение никогаш повеќе од вас да не барам, особено на дополнителни прашања дополнителен одговор. Сметам дека нешто треба да се менува во овој систем на поставување и одговарање на пратеничките прашања, за да не се изгуби смислата на оваа институција. Сепак, ќе се обидам уште денес да поставам дополнително прашање исто до министерот за економија и прашањето гласи: Колку работници во ЕМО во 2005 година се прогласени за технолошки вишок и колку се примени нови? Тоа е прашањето и благодарам.

**Слободан Најдовски:** Претставникот од Министерството за економија, заменик министерот господинот Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Писмено ќе му одговориме.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Ацо Спасевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ацо Спасевски.

Повелете господине Спасевски.

**Ацо Спасевски:** Благодарам потпретседателе.

Задоволен сум од одговорот на Министерството за економија и се надевам дека во новата сопственичка структура на ЕСМ, местото ќе си го најдат и овие сопственици на линии кои во овој момент ги има повеќе. Јас се надевам дека сите тие сопственици кои во овој момент се доста на број, новата сопственичка структура на Дистрибуцијата ќе најде заеднички јазик и понатаму ќе соработува многу добро. Немам дополнително прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Пратеникот Лилјана Поповска не е присутна.

Пратеникот Наташа Биковска исто така не е присутна.

Молам, пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

До министерот за здравство поставив прашање на барање на Советот на општина Кратово, кој што на седница одржана на 1.09.2005 година заклучило дека е потребно да побара како Совет информација од подрачната единица на Фондот за здравство од Кратово за опфатот на осигурениците во државните и приватните здравствени установи на територијата на општина Кратово, со бројот на запишаните пациенти кај избран матичен лекар во општината.

Ваквата информација е побарана од причина што во Кратово постои приватна здравствена установа со само 4 вработени, од кои што 2 се лекари, 1 педијатар и 1 лекар од општа пракса, кој во својата приватна здравствена установа БВ Медика има запишано над 4 500 пациенти, од вкупно 10 500 жители на општина Кратово. Значи, за 4 500 пациенти овие двајца лекари се матични лекари.

Од причини што има основан сомнеж од страна на Советот дека цели списоци од Фондот за здравство со пациентите се дадени на оваа

приватна здравствена установа која е сопственост на општинскиот лидер на СДСМ, тие бараат да се утврди, да се направи увид во документацијата дали има согласност со Законот изјави потпишано од граѓаните дека се согласуваат матичен лекар да им бидат овие двајца лекари во оваа здравствена установа. Бидејќи, два пати имаат поднесено барање до Фондот за здравство, подрачната единица на Фондот за здравство во Кратово и нема добиено информација, а подоцна имаат пратено барање и до Фондот за здравство на Република Македонија и немаат добиено информација, јас се обратив со пратеничко прашање, меѓутоа, повторно немаме одговор на поставеното прашање, освен законските услови дека во период од 10 години постојано работи оваа установа и нормално е да има 4 500 пациенти и дека не е утврдено нешто што е незаконско. Не се кажува никаде дали има пациенти кои немаат потпишано изјави за определување на матичен лекар во здравствената установа БВ Медика и дали директно се пренесени, значи со цели списоци преку Фондот за здравство во Кратово пациенти на оваа здравствена установа. Дали е направен увид во изјавите, дали има потпишано изјави од граѓаните дека тие сакаат од таа здравствена установа овие лекари да бидат нивни матични лекари.

Барам одговор да ми биде даден во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Министерот одлучува дали ќе ви одговори усмено или писмено, без разлика вие што барате.

Има збор министерот за здравство, господинот Владимир Димов.

Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Бидејќи, тука се бараат стриктни податоци, тие ќе бидат доставени во писмена форма и Министерството ќе го достави тоа во најскор рок. Меѓутоа, сакам да кажам дека оваа е 2001 година состојба, што е таму и што ја имаме во здравствената институција, во здравствената организација.

Инаку, сега со преминувањето генерално на целата примарна медицина низ тој пат на концесионирање што претстои пред нас, проверката и потврдата повторно на избраниот лекар во писмена форма ќе биде постапка која што ќе биде за сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ја и таа здравствена институција.

За се останато што беше побарано овде во смисла на бројки и за постојната ситуација која што ја има таму, ќе биде доставено во писмена форма, бидејќи се потребни егзарктни податоци. Само знам дека е тоа состојба од 2001 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господинот Хисни Шакири не е тука.

Го молам пратненикот Ристо Пејоски дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ристо Пејоски.

Повелете господине Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Благодарам потпретседателе.

Прво, сум задоволен од брзината на која ми се одговори на поставеното пратеничко прашање.

Незадоволен сум од одговорот во кој се соопштува дека отпустот за државјанство во последните 10 години имало некаде точно 15.035, од кои 11.611 се полнолетни, а 3424 малолетни. Значи, нашата држава е напуштено во тој период од едно мало гратче.

Што се однесува до стекнувањето на државјанство по природување и по потекло, тоа е добро изнесено, податоците се прецизни. Значи, од тоа  сакам да изведам еден заклучок дека користејќи ги овие податоци кои се наоѓаат во МВР се прилог на можноста за исчистувањето на избирачките списоци. Само треба политичка волја на сите политички субјекти да се вклучат, а не да се шири непродуктивна култура на недоверба во таа насока што не оди во прилог за формирање и изведување на фер и слободно избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи, немате дополнително прашање.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Георгивски.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Прашањето и одговорот се застарени. Но, и инаку не сум задоволен. Затоа, завршувам со овие прашања.

**Слободан Најдовски:** Значи, немате дополнително прашање.

Молам пратеникот Назлие Даути да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Назлие Даути.

**Назлие Даути:** Ви благодарам господине заменик претседател, почитувани претставници на Владата.

Како да бидам задоволна од овој одговор. Овој одговор го слушаме веќе 4 години, дури и од началникот за внатрешни работи во Струга ни го дава овој одговор.

Јас очекував еден точен одговор од ваша страна како повисок државен орган. Но и покрај тоа ни оставивте да се надеваме дека еден ден ќе ни го вратите Султан здрав и жив, така како што и го зедовте. Толку имав да додадам. Благодарам.

Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Александар Флоровски дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Пред да дадам збор, господинот Флоровски си излезе на говорница.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Па, што треба да барам време, дали треба да дојдам. Не е логички, не е ни културно кога ќе излезам овде да давате коментари. Не сме во војска остав да ми давате.

Од прашањето јас сум задоволен, но прашање е колку се задоволни фирмите кои се одбиени и која може да биде консеквенцијата од одбиените фирми. Говорам, пред се, на економски план. Знам дека и македонските судови спорот го одбија, така што стои само прашањето дали македонската држава, имајќи предвид кои се фирми конкурираа и кои се одбиени, може да имате екононмски последици, а политички последици претпоставувам дека ќе нема. Толку би било моето прашање. Во принцип сум задоволен од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Господинот Михајловски, министер за внатрешни работи, дали имате коментар или немате? (Нема)

Благодарам.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе, јас навистина морам да поставам дополнително прашање, затоа што она што го добив како одговор ми испаѓа малку нелогично.

Прашањето се однесување за точењето на алкохол на малолетни лица во кафулињата, ноќните клубови и т.н. Што на тоа поле презема МВР. Добив одговор со статистички податоци кои што не можам да оценам дали е тоа целта што треба да се постигне, само една сува бројка, за да може Министерството да се оправда дека нешто работело. Меѓутоа и во таа бројка има нелогичности. Според одговорот на министерот акциски контроли на МВР во рок од 2003 година, па до денес, како што стои во одговорот, тоа значи некаде од октомври 2005 година, направиле 309 506 акции , контролни акции, што значи ова е една огромна бројка. Од нив има само 44 кривични дела, 51 пријава на сопственици по 204 членот од кривичниот законик на Република Македонија 220 случаеви се прекршочни и околу 800, тоа е делот за служење на алкохол на малолетници и околу 853 случаи овозможување присуство на малолетници во угостителски објекти. Ако ги собереме сите независно по категоризацијата на кривичните или прекршочните дела, едвај бројката надминува над 1000, зборувам за пријави од страна на Министерството.

Сега, мене ми е прашањето и првиот пат и сега, кој е ефектот од овие законски мерки? Ако во 310 илјади акциски контроли е пронајдено само 1000 случаеви, тоа испаѓа дека или стопанствениците или угостителите или сопствениците на угостителските објекти страшно го почитуваат овој закон, за што чисто се сомневам, затоа што е многу евидентно дека не е така, или пак припадниците на МВР односно полицијата се солидализира со угостителите или замижува со отворени очи и не поднесува пријави. Она за кое што навистина од граѓаните ни доаѓа како најголема поплака.

Според тоа, моето прашање беше кои се ефектите, не математички да ни кажат колку пријави поднеле и што поднеле, туку дали ефект има. Споре ова, јас мислам дека голем ефект нема и сметам дека МВР ако веќе направило 310 илјади контроли треба да се замисли дали толку се почитува овој закон или некој таму се солидализира заради една чаша ракија или едно шише вино. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Господинот Љубомир Михајловски, министер за внатрешни работи ќе одговори на дополнителното прашање.

Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Јас мислам дека дадовме прецизен одговор. Овој период од 3 години , господине пратеник, ви дадовме наназад 3 години и овие бројки што се, се се перманентни контроли што МВР ги врши со години наназад. Тоа значи не само во таа динамика на контроли, туку ја вршиме нон-стоп.

Овие резултати што ги кажувате мислам дека се добри, затоа што ние не вршиме контроли само во угостителските објекти за тоа дали точат на малолетници алкохол, туку вршиме и други контроли односно контроли со друга содржина, за пронаоѓање оружје и т.н., не е битно. Сакам да кажам тоа што е пронајдено, тоа е пријавено и не е фер кон никого ако кажувате дека се солидализирате за чашка ракија. Тоа не е добро. Ви ги дадовме прецизно податоците, а ваша оценка, нормално како пратеник дали има задоволителни резултати или не, меѓутоа не е добро да се дава друга конотација. Тоа е едно.

Второ, ве уверувам дека во угостителските објекти вие можете да најдете малолетник, меѓутоа, прашање е дали на тие малолетници им се точи алкохол. Таму каде што сме пронашле поднесени се прекршочни пријави, тоа е дадено и кривични пријави имаме поднесено. Мислам дека добри се бројките, се разбира, можеби не сме откриле се, меѓутоа, таму каде што е пронајдено е процесуирано во судски постапки. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Пратеникот Лилјана Поповска не е присутна на седницата.

Господинот Хисни Шакири не е присутен.

Го молам пратеникот Тома Глигориевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Тома Глигориевски.

Повелете господине Глигориевски.

**Тома Глигориевски:** Моето прашање при крајот на јуни се однесуваше кога Министерството за правда планира да го поднесе законот за измена и дополна на Законот за државни службеници. Јас само се надевам дека моето прашање го поттикна Министерството таа работа да ја заврши после неколкуте, да кажам, обиди и пуштања во владина процедура и повлекување. Значи, меѓувреме го донесовме законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници, излезе пречистениот текст, неколку подзаконски акти и од овој временски период односно временска дистанца е безпредметно и моето прашање и одговорот од Министерстовото и моето изјаснување дали сум задоволен од одговорот, така што немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигориевски.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Одговорот добиен од страна на министерот за правда кој се однесуваше на бројот на судиите во основните, апелационите и Врховниот суд на Република Македонија, нивната старосна структура и колкав е работниот стаж просечно во судовите, е навистина прецизно изработен, прецизно даден, а прашањето беше поставено со единствена цел што и самата Влада односно Министерството за правда има еден попрегледен увид во старосната структура и во делот на реформите кои ги правиме во сферата на правосудниот систем, истата значително да биде подобрена. Сметам дека тоа е и она што вчера Собранието го усвои законот за академија на обука на судии и јавни обвинители ќе се движи токму во оваа насока и од тој аспект сосема сум задоволен од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Ацо Спасевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ацо Спасевски.

**Ацо Спасевски:** Благодарам потпретседателе.

Задоволен сум од одговорот и немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов не е присутен.

Пратеникот Марјан Ѓорчев не е присутен.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Прашањето беше колкав е степенот на реализација од вкупно планираните средства по основ на собирање на даноци и други приходи од имот и права на подрачје на општина Тетово и тетовско и тоа во периодите од 2002 заклучно со 31.10.2005, односно попрецизно заклучно со 30.06.2005 година кога започна практично да се имплементира процесот на децентрализација. Ова прашање беше поставено со цел не само да се добијат точни податоци и бројки, туку и да се апсолвира една теза која ја слушам многу пати тука во Собранието од страна на опозицијата во поглед на степенот на наплатеноста на даноците и другите приходи од имот и права во општина Тетово и тетовско. Самиот факт што степенот на реализација е извонредно голем и дава за право да кажам јавно дека Министерствот за финансии не само што со успех ги собира предвидените средства, туку и просекот од скоро 87,78, 82,95, 87,59, значи станува збор за извонредно голем реализиран степен на собирање на даноците. Од тој аспект апсолутно сум задоволен од дадениот одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање?

**Силвана Бонева:** Задоволна сум од одговорот и немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Народниот правобранител, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Прашањето се однесува, значи кои активности се преземаат за оспособување, ревитализација и ставање во функција на воспитно-поправниот дом во Тетово. Сметам дека и покрај коректниот одговор на Народниот правобранител во смисла на неговите уставни надлежности и законски надлежности кои произлегуваат, мене ми е драго што и од негова страна се преземаат соодветни активности што е кажано во образложението на самиот одговор, односно дека од страна на Народниот правобранител во повеќе наврати давани се

укажувања, препораки овој акутен проблем да се реши. Сметам дека и Народниот правобранител и покрај сето она што значи уставен и законски основ добро е да се грижи пред се за правата на малолетните лица. Тие се наши граѓани кои треба да се социјализираат и да се вратат во нормалниот живот и добро е и Владата и правобранителот, но и сите, вклучувајќи не и нас политичките субјекти да ги преземеме сите мерки ова прашање конечно да се реши.

Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Моето прашање го поставив уште во месец октомври пред да се направат плановите во Владата и во Министерството за транспорт и врски, односно програмите за оваа година. Задоволен сум од одговорот во оној дел каде се предвидува дека Министерството за транспорт и врски односно Македонија пат ќе ја поправа делницата Ранковци-Псача, дел од автопатското поврзување Куманово-Крива Паланка поправка и надградба. Меѓутоа, во никој случај ова не го решава проблемот за функционално поврзување на Македонија со Бугарија идната членка на Европската унија. Во одговорот се кажува дека веќе оваа година ќе се работи на главниот проект за новата делница на магистралата М-2 со кој Страцин и Деве Баир до границата со Бугарија ќе бидат во перспектива поврзани со ново автопатско поврзување.

Дополнително прашање, сакам да ми одговори заменик министерот за транспорт и врски дали има нешто ново во однос на ова, во однос на моето прашање што го поставувам со новите планови и новите програми во Министерството?

**Слободан Најдовски:** Господине Михајловски имате одговор на две прашања од Министерството. Дали по однос на другото прашање немате дополнително прашање, или само на едното?

**Јордан Михајловски:** Барам дополнителен одговор, дали има нешто ново во однос на автопатското поврзување Страцин-Деве Баир на делницата М-2. Од првиот одговор сум задоволен.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Пратеникот првовремено ќе добие писмен одговор за новостите по тој проект.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Славе Арсовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

**Славе Арсовски:** Задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Жарко Караџоски:

**Жарко Караџоски.** Веднаш ќе кажам,не сум задоволен од одговорот затоа што моето прашање не се однесуваше на тоа колку се планиррани приходи во Фондот за патишта за 2005 година, туку колку се од нив реализирани, односно колку се остварени. Со оглед дека 2005 година помина, министерот треба да го има тој поадаток. Значи ако биле планирани приходи по основ на патарини за 2005 година од 850 милионо денари , моето прашање беше колку од тоа е реализирано? Дали треба да ја чекаме завршната сметка на Буџетот па да го видиме тоа. Мислам дека министерот, или заменик министерот мора да го знае тој податок. И не го прашувам ова заради бројка како бројка туку затоа што почитувани колеги сите ние сме сведоци, како и јас при крајот на 2005 година се интензивираа контролите за наплата на патарина, па мораше да се води кампања дури и пратениците да почнат да плаќаат патарина после толку години, по се изгледа заради тоа што очигледно или приходите не можат да се остварат, па благодарание на тоа што сега пратениците ќе почнат да плаќаат, веројатно ќе се остварат приходите, или пак некој сакаше да прави кампања на сметка на нешто, дека еве и пратениците и онака по сите критеруми се непожелни граѓани во оваа држава, па да бидат непожелни барем и патарина не плаќаат, па да се објави исто како некоја сензационална вистина дури во 2005 година, иако Парламентот функционира од 1991 година. Значи тоа ми беше прашањето, колку се реализирани, а не колку се планирани. На крајот на краиштата ако не е остварен планираниот приход, каде е вината?

**Слободан Најдовски:** Има збор заманик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Пратеникот ќе добие дополнително податоци за реализација за 2005 година.

**Слободан Најдовски:** На ова дополнително прашање ќе одговори и претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, независно од завршната смењтка што ќе ја покаже Фондот за патишта околу наплатата на патарината на патиштата во Република Македонија Владата на денешната седница ќе предложи измени и дополнување на Законот за јавни патишта каде што ќе предвидиме

редуцирање на списокот на оние кои се ослободени од плаќањето на патарината како една од мерките. Тука нема да ги опфатиме пратениците не заради тоа што не сакаме да се конфронтираме со нив, но од оној дел што се од државните институции, или владините институции само автомобилите под придружба ќе бидат ослободени од плаќање патарина. И од друга страна би сакал да информирам дека заради зголемување на наплатата на патарината од 15 февруари конечно ќе се фискализираат и наплатните рампи за да не дојде до фрапантни бројки во шпекулациите и во разните анализи колку требало да се очекува наплатата на патарините, а колку е реализирано. Инаку, за потсетување ќе спомена дека во членот 109 кој сакаме да го измениме ќе бараме поддршка од Парламентот по итна постапка да има измени и дополнувања на Законот за јавни патишта.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Го молам пратеникот Никола Апостоловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседател, почитуван премиер, почитувани претставници на Владата,

Задоволен сум од одговорот го Министерството за транспорт и врски и се надевам дека во оваа година Владата ќе обезбеди финансиски средства да се продолжи со рехабилитацијата на патниот правец М-5 од Кочани до границата со Република Бугарија.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање. Од Министерството за труд и социјална политика немаме присутен. Сакам да ве известам дека министерот е на службен пат во странство. Исто така имам известување дека министерот за локална самоуправа од здравствени причини нема да присуствува, а заменикот министер за локална самоуправа има најавено отсуство заради тоа што е на службен пат. Доколку имате дополнително прашање може тоа во писмена форма да се достави и во писмена форма да ви одговорат.

**Силвана Бонева:** Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Со тоа се исцрпени сите прашања кои што досега се поставени и добиени одговори.

**Преминуваме на поставување на пратенички прашања.**

**Жарко Караџоски:** Почитуван потпретседателе,

Јас би сакал една процедурална интервенција пред да почнам да ги поставувам моите три прашања. Имено, едно од трите прашања, едно од прашањата се однесува и на претседателот на Собранието. Јас со почитуваниот претседател се слушнав и тој најави дека ќе дојде на седница околу 12,00 часот. Значи, јас би сакал да ве замолам вас како потпаретседател да го повикате претседателот и тоа прашање јас ќе го поставам како трето прашање, а тој во меѓувреме да дојде, затоа што тој прифати да даде одговор. Значи, да не правиме пауза, да ги поставувам другите две прашања. Доколку претседателот не дојде, ќе ве замолам после второто прашање да ми овозможите пауза барем 5,10 минути за да го обезбедиме неговото присуство.

**Слободан Најдовски:** Без разлика вие сте се договориле со претседателот, но деловнички не сте постапиле, бидејќо 24 часа пред тоа не сте најавиле дека ќе му поставите прашање, но штом сте се договориле и тој ви прифатил, еве тука е.

**Жарко Караџоски:** Претседателот на Собрание е еднаков од еднаквите, заради тоа не го правел списокот.

Благодарам претседателе што дојдовте. Мора да ја искористиме оваа институција пратенички прашања заради тоа што сигурно во иднина ќе немаме шанса да поставиме прашање до господинот Љупчо Јордановски.

Моето прво прашање почитуван претседателе е до Владата. Почитуван премиер, мислам дека овие денови е најактуелна состојбата со откупот на тутунот, особено во прилепскиот регион, но не е помалку актуелна и во струмичкиот и во радовишкиот и во цела Република Македонија таму каде што се откупува тутунот. Мислам дека состојбата со откупот на тутунот никогаш не била полоша и никогаш не била понеизвесна од сега. Тутунопроизводителите особено во Прилеп со право се прашуваат во што е проблемот. Јас ќе ви ги набројам онака прашањата како подпрашања на ова прашање кои што доаѓаат до мене како граѓанин и како пратеник.

Прво, граѓаните во Прилеп се прашуваат, дали Тутунскиот комбинат Прилеп нема пари за откуп? Дали истиот, поточно нивниот менаџерски тим ги лаже тутунопроизводителите во градот кога им ветува дека се очекуваат средства, парични средства кои што треба Владата да му ги даде како помош. Дали е тоа точно?

Трето, како мисли Владата да помогне на Тутунскиот комбинат, мисли ли тоа да го направи со директна парична помош или Република Македонија да се јави во улога на гарант по некаков кредит во деловните банки кој што би го зел менаџерскиот тим. Знаејќи го министерот за финансии со неговите принципиелности, мислам дека оваа комбинација отпаѓа од предвид. Потоа мисли ли Владата до кога ваквата состојба со откупот на тутунот и дали мисли да молчи и понатаму и да дозволи Република Македонија да се претвори во полигон на протести, а сите

регионални патишта да бидат блокирани па така да не можеме да доаѓаме и на работа.

Во контекс на ова што Владата воопшто планира да превземе со откупот на тутунот, значи во цела Република Македонија со оглед на тоа што онаму каде што е почнат откупот на тутунот, тоа се прави навистина по енормно ниски цени. Значи, не само што се потценува макатa на тутунопроизводителите, туку некој си игра шега со нив. Заради тоа што ако земеме во предвид дека оваа година тутунот е со добар квалитет, а да се нуди цена која навистина е смешна и потценувачка за тутунопроизводителите, мислам дека Владата не може да молчи. Ако не мисли да молчи, тогаш мора да каже што планира како мисли да го стимулира тутунопроизводството, како мисли да помогне на тутунопроизводителите, дали со субвенции, со одреден паричен надомест и слично. Владата ги има тие можности, законот и ги дозволува, прашањето е има ли пари, има ли волја? Значи тоа е моето прво прашање адресирано до Владата, поточно до премиерот, доколку е во состојба да одговори.

Вторoт прашање е до почитуваниот министер за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски.

Почиртуван министер, мора вака да ве прашам затоа што состојбата во Прилеп е навистина сериозна и заради тоа ќе ве прашам следното. Дали почитуван министре знаете воопшто што се случува во Прилеп. Ако се знае, или ако не знаете, или не сте доволно информирани, еве јас ќе се обидам да ве информирам. Прилеп од неодамна е прогласен за најнесигурен безбедносен град во Република Македонија. Причина за тоа секако се честите бомбашки акции кои зачестија во последно време, а кои својот интензитет го добија за време на Новогодишните празници. Последица на тоа во Прилеп се воведе принудна управа составена од луѓе полицајци од другите краеви на Република Македонија во вид на таканаречено координативно тело при што досегаашниот началник на Службата за внатрешни работи во Прилеп е сменет од должноста и тоа за време кога човекот си беше на празнување, односно на одмор. И сето тоа би било во ред да за координатор на тоа координативно тело не беше поставено лицето Емил Јанески кое е познато во Прилеп по своите недолични однесувања, предизвикување на нереди и слично, особено во пресметките со припадниците на поранешната единица Лавови од овој град. Кога во Клубот 54 само во негов стил изигруваше власт во стилот на Див запад и направи повеќе недела за што граѓаните со право се запрашаа, кој обезбедува мир кога истиот сам прво го нарушува? Заради тоа беше и суспендиран на пониско работно место и среќна околност е што помина само со тоа.Сега во една ваква состојба Прилеп повторно го добива ова лице како лице кое треба да направи ред во градот и за чудо неговиот прв чекор е тој што ги премести, односно ги прераспредели скоро сите припадници на единицата Лавови во краевите каде до вчера имавме криза односно во кризните региони, а тоа е тетовско-гостиварскиот регион. Народот во Прилеп ќе каже, овие луѓе му ги однесовте на волкот во уста. Дали со ваквиот потез ова лице сака да направи реваншизам да се свети на некому, или сака да воведе мир во градот за што и е поставен. Затоа ве прашувам господине министре, дали знаете што се случува во Прилеп, или целата работа ја оставате кога станува збор за градот Прилеп да ја раководи господинот Цане Чапрагоски, кој исто така ме прилепчанец, а кој што е поставен на таа функција која вие добро ја знаете. Мислам дека како министер треба да ја запознаете ситуацијата и сериозно да пристапите кон регулираање, односно овозможување Прилеп да биде безбеден град. Тоа е второто прашање.

Третото прашање го упатвам до вас, господине претседателе.

Почитуван претседателе, кога вашиот претходник господинот Никола Поповски, со само една година претседавање во Собранието на Република Македонија замина во министерска фотеља, јас лично јавно кажав дека тоа е деградирање на функцијата претседател на Собрание, функција која е втора по ранг, според Уставот, веднаш зад претседателот на државата. Не случајно претседателот на Собранието го менува претседателот на државата кога тој е отсутен. На негово место дојдовте вие, почитуван претседателе, со надеж дека ќе успеете доследно да го замените вашиот претходник. Тоа беше ваша изјава. Вие во тоа успеавте, морам да признаам, не за долго ,и првата прилика што ви се укажа да летнете од оваа фотеља, вие ја искористивте и еве ќе летнете дури во САД, но како амбасадор.

Овој состав на Собранието на Република Македонија ќе биде запаметен по многу нешта, но и по тоа што не му траат претседателите на Собранието. Да се сменат двајца а изберат тројца во еден состав, навистина е многу и вистинска новина. Од друга пак страна, некако функцијата амбасадор стана страшно примамлива. Колку само пратеници од овој состав заминаа за амбасадори, колку допрва ќе одат, а шлаг на тортата е заминувањето на господинот Љупчо Јордановски од функцијата претседател на Собранието, за амбасадор. Од тоа може да се извлече и следниот заклучок:

Почитувани граѓани, ако имате шанса да прснете од Република Македонија, сторете го тоа што побрзо, по примерот на нашите пратеници, по примерот на нашиот почитуван претседател на Собранието.

Јас би ве потсетил, кога станавте претседател на Собранието, почнавте со инает, станавте рекордер по траење на седниците, во случајот на маратонската седница, па потоа ви се случија транспаренти, чукање и галама во Собранието.

Воведовте дискусии со 10 минутно молчење, воведовте тајмер, мерач на време, броевте во секунди за прво пријавување и сл. Набрзо ви следеше интерпелација. Станавте познат, почитуван претседателе со тоа што воведовте музика во Собранието, честитки за роденден, музички желби и сл. Од таков старт, денес кога објавивте дека заминувате на амбасадорска должност, најголем број пратеници, вклучително и јас, искажаа жалење затоа што го напуштате Собранието.

Сега ќе ме прашате што има врска сето тоа што ве прашувам односно што констатирам. Ќе се обидам да го формулирам прашањето.

Почитуван претседателе, станавте по нешто друго познат, освен овие, можат да се кажат бисери. Станавте познат и по тоа што воведовте одредени проекти: отворем Парламент, воведовте етерлон Парламент, тоа е ваша идеја, најавивте нов деловник, ваша е заслуга за собранискиот канал и се она што се емитува таму.

**Љупчо Јордановски:** Еве, бидејќи јас сум принципиелен, како што саи констатиравте, вашите 10 минути истекоа. Бидејќи нема прашање, нема да ви одговорам. Но, сепак ќе ви одговорам, бидејќи го насетувам прашањето.Ќе ви одговорам на писмено за проектите, но во една реченица ќе ви одговорам и за жалењето

Но, сега ќе одиме по ред.

Првото прашање е до Владата . Овде имаше 8 прашања, осум како. Нека одбере Владата на кое прашање ќе одговори, бидејќи според Деловникот само едно прашање треба да се постави.

Повелете господине премиер.

**Владо Бучковски:** Јас запишав седум прашања, а ќе се обидам на 6 да одговорам, затоа што седмото го заборавив, но во секој случај проблемот е околу тутунопроизводителите и посебно проблемот околу Тутунскиот комбинат во Прилеп.

Сведоци сме последните неколку недели дека она што и го очекуваше Владата, почна манипулацијата со тутунопроизводителите. Владата директно смета дека има политичко влијание, што е и разбирливо во изборна година. Тука предњачат некои новоформирани партии, но и дел од доброетаблираните опзициони партии. Инаку бројките покажуваат нешто друго.

Прво, да расчистиме тоа дека Владата не врши откуп на тутунот. Владата тоа го спомна и на почетокот, иако бројките не се точни и во Тутунскиот комбинат Прилеп каде што учеството се движи и да биде онака по оптимистичката варијанта, како што вели Караџоски 35%, јас велам 25%. Но, нејсе. Што говори податокот од завчера за просечната цена на откупот на тутунот, на ситно лисниот ориентален тутун од реколтата 2005 година. Просечната цена е 124 денари. Тенденцијата е да го достигне нивото од минатата година, 133 денари.

За потсетување на оние кои се манипулирани, во 1999 година просечната цена на тутунот била 99 денари, во 2000-та година 116 денари, во 2001 година 122 денари, во 2002 година 73 денари, во 2003 година 120 денари, во 2004 година 133 денар.

Владата разбирајќи дека еден од стратешките производи е токму тутунот, со новиот закон што очекувам дека ќе биде во средината на февруари во парламентарна процедура, тоа е Предлогот на закон за тутун и тутунските производи, прифати дел од барањата на примарното тутунско производство и ќе има дополнително зафаќање од цената на секое пакло цигари, од прилика, апроксимативно околу три денари кои ќе бидат искористени за финансирање и за подршка на примарното тутунско производство.

Во овој момент ако се гледа и по класи, има зголемување во процент некаде околу 8%, со цените кои ги имаше во минатата година. Затоа јас би апелирал до сите оние кои ќе се препознаат во овие официјални податоци, да не манипулираат, уште повеќе што знаат дека 99% од тутунските комбинати и од оние кои го вршат откупот веќе се во приватни раце и однапред беа познати цените кои во овој момент се спроведуваат. Да речеме за првата класа, во споредба со 2004 година, сега се плаќаат 180 денари, а не 167 денари итн. Сметам дека дополнителен мотив ќе биде денес Владата да го подржи законскиот проект кој произлезе од група пратеници кои бараат да се поведе законска регулатива, на кој начин оние кои го остваруваат уставно загарантираното начело за слободно изразување на незадоволството, кои сакаат јавно да протестираат, нема да го загрозат другото уставно загарантирано начело, предвидено во член 27 од Уставот, а тоа е правото на слобода на движењето. Така што погрешни се толкувањата кои некои говори ги поттикнуваат, условно речено, незадоволните, дека само во воена или во вонредна состојба ова право може да се ограничи. Не, не се ограничува туку се регулира. Уставот ги дава само правата, а со закон тие се регулираат. Не може, тоа што Македонија е сведок во последните три години, да биде легитимација на држава која претендира да биде европска држава, која наместо да ја промовира демократијата, поттикната од дел од деструктивни структури во Македонија промовира анархија. Владата, затоа денес ви навестувам, бидејќи денес е на дневен ред точката, законот за измени и дополнувања на Законот за јавните протести, ќе даде подршка со неколку забелешки, каде ќе бидат допрецизирани одредбите, кои се оние стратешки објекти кои при изразувањето на јавниот протест, не треба да биде попречено нивното нормално функционирање, а од друга страна да биде загарантирано правото на слобода на движење.

Уште еднаш повторувам, бидејќи имаше дополнително прашање околу Тутунскиот комбинат од Прилеп.

Тутунскиот комбинат во Прилеп, со последната операција која ја направи Владата, пребивајќи дел од побарувањата кои ги имаше Тутунскиот комбинат од Прилеп, со Бирото за стокови резерви, преку Министерството за финансии е ослободена односно Управата за јавни приходи, една од сметките која треба да биде искористена за откупот на тутунот. Подршката Владата директно не може да ја даде, знаете дека имаме Банка за подршка на развојот која веројатно, ако некоја од комерцијалните банки е подготвена да даде кредит на Тутунскиот комбинат во Прилеп, во законски предвидената процедура, постои можност да даде гаранција, а Владата како што знаеме не дава гаранција и во овој момент тоа е вистината околу Тутунскиот комбинат во Прилеп.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, дали сте задоволен од одговорот, ако не сте задоволни може да поставите дополнително прашање.

**Жарко Караџоски:** Не сум задоволен, прво затоа што јас воопшто не го прашав премиерот за Законот за јавни собири и немав намера да го прашам, а добив одговор за тоа.

Се потрудив почитуван премиер на едно конкретно прашање да ви дадам потпрашања за да бидете концизни во одговорот. За жал не успеав. И покрај тие потпрашања не добив одговор, освен што наговестивте дека во февруари ќе носите закон за тутун, закон кој 4 години го најавувате и кој сеуште не е дојден. Да ве потсетам, во Македонија има Закон за тутун и треба да се почитуваат тие одредби, а таму пишува дека тутунот е стратешки производ, дека е добро од општи интерес инт, да не ви го цитирам. Според тоа, како Влада не можете да бидете индиферентни. Тоа е едно.

Тоа што Владата не откупува тутун, имаше еден премиер пред вас, не откупуваше млеко, па по 6 месеци си даде оставка затоа што свати дека требало да откупува млеко. Сфати и други работи, но не сакам сега да ги потенцирам.

Единствено што јасно слушнав од вас е тоа дека Владата нема начин со директни средства да помогне на Тутунскиот комбинат во Прилеп, Владата не може да даде гаранција, да се јави како гарант при барањето на Комбинатот во деловните банки, затоа што таква законска можност нема, што значи преведено, не знам како Тутунскиот комбинат од Прилеп ќе се снајде односно од каде ќе најде средства. Тоа што сте ја одблокирале сметката не значи дека има и пари, а некој таму упорно ги лаже тутунопроизводителите дека секој ден се чекаат пари од Владата за да почне откупот.

Сакам да ве потсетам дека денес е 26 јануари, откупот во Прилеп нема ни теоретска шанса да почне. Не знам кога вака доцнел откупот на тутунот. Значи, тоа што граѓаните ќе ги запрете да не излегуваат на улица, со новиот Закон за протести, не значи дека сте постигнале благосостојба и не значи дека со тоа сте го надминале проблемот со откупот на тутунот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Колку што можев да слушнам нема дополнителни прашања.

Второто прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи, во една реченица кажано, дали знаете што се случува во Прилеп.

Повелете господине министре.

**Љубомир Михајловски:** Ќе бидам што може и пократок и по јасен за да одговорам на прашањето на пратеникот.

Прво, на нас ни е јасно што се случува во Прилеп, во тоа бидете сигурни.

Да ви кажам дека принудна управа во Прилеп, тој термин што вие го кажувате, не е точно. Принудна управа можеби има во некои компании, фирми и незнам што друго.

Министерството за внатрешни работи димензионира и презема тактички оперативни мерки на терен и принудна управа во Прилеп нема. Значи тој термин и таа шпекулација да не ја вртите, вие како пратеник, бидејќи медиумите тоа го вртат неосновано. Раководството во Прилеп си раководи во Прилеп и во Прилеп се испратени дополнителни сили и средства кои треба да и помогнат на прилепската полиција. Прилепската полиција е дел од Министерството за внатрешни работи, таа не е нешто надвор од Министерството. Колкав број на сили како дотур ќе извршиме и од кој вид на луѓе праќаме, тоа е политика, односно операционализација на планови на Министерството за внатрешни работи.

Второ, околу таа личност што кажувавте дека е познат нарушител таму, зборувате за Координативно тело. Координативното тело нема улога на командување, тоа ги сублимира и ги анализира податоците кои се собрани од оперативните лица кои работат на терен. Значи тоа не е некоја командна одговорност на Координативното тело.

Понатаму околу прераспоредување на лицата, не е точно дека се распоредени сите "лавови". Значи ние веќе да престанеме со тој термин "лавови" затоа што сите тие што се во Министерството за внатрешни работи се негови припадници. Не е точно тоа што вие го кажувате дека се фрлени во установа. 12 луѓе се прераспоредени. Прераспоредени се и во Демир Хисар. Одтаму ве прашувам, ако можете да ми одговорите, дали тие во Демир Хисар сме ги фрлиле во устата на, како кажувате таму.

Инаку, да ви објаснам околу криминалот во Прилеп. Имено, во Прилеп имаме намалување на криминалот во Прилеп. За разлика од 2004 година имаме намалување на криминалот. Во Прилеп се случило само едно убиство, еден акт на убиство и

процент на ефикасност на расчистување на кривичните дела, ви го кажувам со децимали, е 71,3% за 2005 година, што е процент на реализација огромен.

Околу тоа што го кажувате за бомбите да ви одговорам директно. Бомбите се фирлаат во периодот од 2003 година наваму. Како проблем што го кажувате е точно. Мислам дека со овие последни активности што ги имаме , граѓаните на Прилеп даваат корисни информации и за тоа кој е можен сторител на фрлање на овие бомби. Јасно е, имаме една целосна слика, не би сакал овде да шпекулирам затоа што во моментот имаме предкривична постапка. Значи Министерството врши проверки, собира информации. Се надеваме дека ќе имаме позитивни сигнали во наредниот период.

Во целокупниот одговор што го давам, едно не ми е јасно. Прво, кажувате дека е катастрофална состојбата во Прилеп, што не е точно. Прилеп во ништо не се двои од некои други. Второ, дека барате мерки, колку што јас ве разбрав во прашањето, за после да ни кажувате, зошто има мерки односно има принудна управа. Не ми е јасно прашањето дали се залагате за поголеми мерки таму или се залагате за помали мерки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски изјаснете се дали сте задоволни, или имате дополнителни прашања.

**Жарко Караџоски:** Не сум задоволен .

Јас навистина не знам како треба да зборувам за да може господинот министер да ме разбере. Значи се што кажа, апсолутно не поставив такво прашање. Воопшто не искористив термин принудна управа, туку кажав т.н. принудна управа. Ништо не кажав од она што го интерпретираше министерот. Впрочем, дали Координативното тело е командно или не, јас не сум министер и не знам. Меѓутоа, јас сум претставник на граѓаните кои ме бирале и тие доаѓаат до мене и го кажуваат тоа што го слушаат. Значи јас не се обидувам да бидам стручен за да констатирам состојба. Јас само прашувам а вие треба да констатирате. На прашања кои сакате да ги слушнете како одговор од мене, тоа ќе го добиете, но откако ќе ги смениме местата, а тоа ќе биде наскоро, се надевам за време на наредните избори. Според тоа, господине министре јас како пратеник што и да кажам, дали состојбата е катастрофална, дали е ваква или таква, го пренесувам гласот на граѓаните до вас. Вие сте тој компетентниот човек кој јасно и гласно треба да каже, пред цела Република Македонија, дека поставувате шеф на Координативно тело кое нема никаква командна можност, а го поставувате човекот Емил Јанески кој цел Прилеп го знае како рекетар или како човек кој прави неред. Дали на тој начин, без разлика дали се командува или не, сакате да создадете углед во градот, или што. Ако кажувате дека состојбата во Прилеп е подеднаква како и во сите други градови, тогаш зошто ви е координативно тело и зошто правите зајакнување со додатна полиција итн, сега да не ги отвараме сите прашања. Мислам дека добро се разбираме, но избегнувате од одговорот.

**Љупчо Јордановски:** Значи нема дополнителни прашања, само коментар на одговорот.

Третото прашање, и ако не беше поставено беше до мене. Не успеавме да го поставиме, но го слушнав откако заврши тајмингот. Јас ќе одговорам на тоа сосема конкретно.

Проектите, како што е и отворен Парламент и Деловникот се во толку поодмината фаза што никој не може да ги врати назад, без разлика кој ќе биде на ова место откако ќе си заминам, а тоа е и корисно за Собранието.

Што се однесува до првиот дел од вашата расправа каде што се зборуваше за заминување на друга функција од овие клупи, јас можам само во мое име да одговорам иако тоа прашање е повеќе упатено до Владата, а не до мене, јас ќе одговорам во вашиот стил. Вие жалите што заминувам. Вчера еден пратеник, мој колега, се обрати до мене со почитуван претседателе во заминување, јас ќе го дадам одговорот што нему му го дадов. Ниту да се жалиме ниту да се радуваме предвреме, бидејќи американците имаат една изрека: не е готово додека не биде готово. Тоа ќе биде одговорот.

Задоволни?

**Жарко Караџоски:** Да не се разбереме погрешно претседателе, воопшто не жалам што заминувате, можам да кажам дека сум среќен затоа што бев прв потписник на Интерпелацијата, ве спречи сосема нешто друго.

Да ви кажам искрено, почитуван претседателе, ги жалам оние од администрацијата во Американската амбасада кога ќе појдете да раководите таму. Ако им го воведете овој тајмер, одење на работа на време, доцнење од две секунди намалување на плата и незнам што друго, верувајте министерката за надворешни работи ќе има работа преку глава како да ве врати што побргу од таму.

**Љупчо Јордановски:** Не знам дали да останам уште еден мандат. Благодарам.

Следниот пратеник кој е на листа да постави прашања е господинот Јордан Михајловски.

Повелете три прашања за 10 минути.

**Јордан Михајловски:** Почитуван претседателе, имам само едно пратеничко прашање насловено до Министерството за правда.

Има предмети во нашето судство особено стечаите што траат до бескрај на кои сеуште не им се гледа крајот, некои од нив траат повеќе од 10 години и фрлаат сенка врз целото судство.

Прашањето е мотивирано од обраќањето до нас неколку пратеника од група доверители во врска

со стечајот во Рудници и Железарница-Огноотпорно, кој трае од 1996 година.

Со оглед на тоа дека се работи за група пратеници, а јас бев на ред, ја презедов обврската да го поставам тоа прашање.

Тој стечај во Основниот суд -2 кој го води судијката Магдалена Бајалска-Георгиевска под број 65096, како што ни се обраќаат доверителите, трае повеќе од 10 години.

Доверителите, меѓу другото, наведуваат дека во врска со стечајната постапка во Рудници и Железарници Огноотпорно повисоките судски инстанци се доведувани во заблуда со информации кои доаѓаат од овој суд и од судијката.

Во смисла на тоа дека имотот се издавал под наем, тоа го констатирала пазарната инспекција, без да се наплати денар на стечајната сметка и без да се платат даноци на државата, а се работи за сума од 200 илјади евра. Недостасувале репро материјали во висина од 150 илјади евра, а за тоа не е уплатен ниту еден денар ниту се платени даноци.

Сега, како пратеници, ненавлегувајќи во случајот, бидејќи нам не ни е дадено да судиме, нам ни е дадено да поставиме прашања, ненавлегувајќи во индициите на ова што го кажуваат доверителите сакам да кажам, со оглед на тоа дека се работи за стечај кој трае повеќе од 10 години, сепак се гледа дека во една судска постапка нешто не се движи.

Целта на прашањето е да се дојде до вистината, мислам дека има што да одговори Министерството за правда или тоа ќе го процесуира до Судскиот совет, во секој случај вистината треба да излезе на виделина. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, прашањето беше до Министерството за правда за стечај кој доживеа мала матура од 10 години. Повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Со оглед на тоа што се работи за прашање што е од сферата на судската надлежност Министерството за правда врз основа на своите законски овластувања ќе побара инфорамции од судот за целата постапка и до колку се утврдат одредени пропусти и нерпавилности ќе бидат информирани органите кои треба да преземат натамошни мерки.

Пратеникот ќе добие писмен одговор затоа што се работи за предмет за кој треба да добиеме информации од судот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Михајловски дали сте задоволен од одговорот?

**Јордан Михајловски:** Да, благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи беше едно прашање одиме на следниот пратеник, тоа е госпоѓа Милка Митковска, повелете 10 минути три прашања.

**Милка Митковска:** Прашањата се упатени до Владата на Република Македонија.

Рудникот "Злетово" е продаден на 27 декември 2004 година на приватната компанија "Ксеминекс", а концесијата е потпишана на 15 февруари 2005 година. Склучен е договор меѓу Владата на Република Македонија која е сопственик на 83% од рудниците "Злетово" и компанијата "Ксеминекс".

Во Договорот компанијата "Ксеминекс" презема обврски да го рестартира рудникот "Злетово" за 6 месеци.

Второ, да вложи 5,2 милиони долари свеж капитал во првата година, а останатите 10,2 милиони долари во наредните две години.

Трето, да вработи непомалку од 500 работници.

Навидум убава понуда и солиден договор. Но, до денес иако помина цела година компанијата "Ксеминекс" нема исполнето ниту една обврска од договорот.

Имено, ниту го рестартира рудникот "Злетово" ниту ги вложи ветените 5,2 милиони долари ниту вработи 500 работници. Напротив, од рудници "Злетово" се што можеше да се изнесе се изнесе и се продаде, а за ваша информација ако не сте знаеле неодамна се продаде и еден компресор иако се знае дека без компресор не може да работи ни еден рудник.

Ангажирани се околу 120 работника кои се примаат на 30 дена и повторно на 30 до денеска. Платите се примаат во кеш и не се знае дали на истите се плаќа данок и придонеси иако со согируност тврдам дека придонес за здравство не е платен.

Работниците последен пат плави картони имаат земено во март минатата година, а 5 месеци немаат земено плата.

Луѓето се депримирани, доведени до очај, гладуваат и се приморани на штрајкови, а Владата молчи.

Што ќе се случеше ако наша фирма се појавеше на тендер во некоја американска фирма, дали американската влада ќе беше индолентна или пак ќе се најдеше на црната листа и никогаш не ќе се појавеше повеќе на нивниот пазар.

Да биде иронијата поголема, неодамна Владата го продаде и рудникот "Тораница" и тоа на истата американска компанија "Ксеминекс.

Прашањата се: Што чека Владата кога и по една година од продажбата на рудници "Злетово" преземените обврски од страна на купувачот во случајот фирмата Ксеминекс не се исполнети, не се ни начната, а сите рокови се пробиени.

Што е преземено од страна на Владата ако е воопшто преземено и што имате намера да преземете. Дали ќе го раскинете договорот и ќе барате нови кандидати за купувачи, дали ќе чекате во недоглед или што е на ред.

Второ, под кои услови е продаден рудникот "Тораница", зошто токму на оваа фирма "Ксенимекс", дали ќе ја дели судбината и овој рудник судбината на "Злетово" или во изборна

година и оваа продажба е само еден обичен политички маркетинг. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа беше само едно прашање, но имавте  две потпрашања така што можеме да ги вклопиме во тие правила од три прашања. Прашањето е до Владата.

Има збор претседателот на Владата.

**Владо Бучковски:** Благодарам, почитуваната колешка пратеник веројатно во инфорамцијата што ја прочита не знае дека и едниот и другиот рудник  се продадени на тендер. На јавниот тендер побдеи "Ксеминекс".

Владата ги прави сите напори за засилена инспекциска контрола да најде пропуст кај новиот сопственик и по можност на тој начин да го раскине договорот.

Во овој момент до сега не е најдена таква можност.

Мотивите на Владата зошто тоа го прави е тендерот кој паралелно оди по четврти пат од групата на приватни стопанственици што го имаат доминантниот пакет на акции и сопственост во Велешката топилница затоа што потенцијалните заинтересирани компании кои се од поголем ранг едни од водечките светски компании во овој дел од Европа се заинтересирани во пакет, покрај Велешката топилница да ги земат и рудниците во Злетово и Тораница.

Но, во овој момент Владата единствениот инструмент кој го има да врши засилени контроли и да притиска околу целосната реализација на преземените обврски. Инаку, почитуваната пратеничка може да провери целата транскација и преземањето на рудниците од новиот сопственик е направена во 2005 година по пат на јавни тендери. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине претседателе.

Дали сте задоволни или имате дополнителни прашања.

**Милка Митковска:** Не можам да бидам задоволна од причини што јас не негирав дека рудниците се продадени на тендер, меѓутоа, од договорот што е нарпавен меѓу Владата и купувачот на рудници "Злетово"  ни еден од условите не е исполнет.

Како што реков ниту парите се преведени, тоа се 5,2 милиони долари, ниту е рестартиран рудникот, ниту се земени 500 работници.

Што друго треба да се направи за да се има услов да се раскине договорот. Значи, условот единствено претставува купувањето на Топилницата-Велес. Не можам да ги спојам овие работи. Уште и на сето тоа неодамна е продаден на иста фирма втор рудник, дали оваа фирма воопшто може да биде платежна и да го издржи ова или не може, тоа е друго прашање.

Прашањето е зошто не се проследува неисполнетоста на договорот?

**Љупчо Јордановски:** Значи истото прашање како дополнително прашање. Одговорот го добивте.

Повелете, имате коментар.

**Владо Бучковски:** Мене ми е жал што пратеничката не е блиска со проблемите и со случајот, туку чита подготвено прашање. Не е од неодамна продадена Тораница. Тораница е продадена на крајот од 2004 година, уплата на правата рата беше на почетокот на 2005 година, сега сме почеток на 2006 година. Така што сите трансакции беа во есента 2004 година, рестартирањето и Владата е позаинтересирана од пратеничката да се рестартираат овие два капацитети и нема да се откаже од идејата ако "Ксеминекс" не е подготвен да ги управува и да стопанисува со нив па да се бара начин да се раскинат договорите.

Уште еднаш одговорно тврдам дека во овој момент Владата нема начин да ги раскине договорите со "Ксеминекс" за купување на двата рудника.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи е одговорено прашањето, следниот пратеник е госпоѓа Назлие Даути. Имате 10 минути, три прашања.

**Назлие Даути:** Благодарам господине претседателе,

Имам три прашања да поставам.

Првото прашање ќе го псотавам до надлежното Министерство за авто-школи каква професија треба да има инструкторот кој раководи со Авто-школа, со вишо или високо образование.

Второто прашање е до министерот за образование.

Кога ќе ги добијат тестовите на албански јазик овие авто-школи?

Трето прашање до Министерството за правда. Кога граѓаните на Македонија ќе добијат жалби и поплаки на нивен мајчин јазик, збор ми е за тие етнички заедници кои се над 20% на ниво на Републиката, а што го гарантира Уставот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Искрено да ви кажам и јас не знам  кое е надлежно министерство за авто-школите.

Прашањето е до Министерството за образование и наука, какво образование треба да имаат тие што обучуваат во авто-школите.

Има збор заменик министерот за образование.

**Тале Герамитчиоски:** Бидејќи се во тек сите овие активности можам да одговорам директно. Според Законот за безбедност во сообраќајот и на патиштата ми се чини членот 81 ја третира оваа проблематика, инструкторите треба да имаат високо образование, но во преодните одредби е даден рок на усогласување на наобразбата од една година и тој рок е истечен така што може министерот за внатрешни работи да потврди дека

од нивна страна се преземени чекори за измени во Законот во кој се предвидува таа една година да се замени со 3 години и мислам дека тоа е влезено во процедура. Но, сега за сега според законските одредби само со високо образование.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е одговор на првото прашање.

Дали сте задоволни госпоѓо Даути.

**Назлие Даути:** Да, задоволна сум.

**Љупчо Јордановски:** И второто прашање е до Министерството за образование и наука. Второто прашање е во врска со тестовите за полагање на возачки испит зошто не се на јазиците на малцинствата.

**Тале Герамитчиоски:** Постои соодветна координација помеѓу Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт и врски во која се усогласуваат завршните тестови и за кратко време очекуваме дека ќе бидат напечатени на албански јазик.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволна госпоѓо Даути?

**Назлие Даути:** Да, задоволна сум.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е до Министерството за правда.

Има збор госпоѓа Младеновска, министер за правда.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Министерството за правда сите акти согласно законите ги спроведува така што сите закони што предвидуваат подзаконски акти сме во процедура на изготвување, а во однос на конкретните работи што ги постави пратеничката ќе добие писмен одговор затоа што има многу закони кои ја предвидуваат оваа материја, во тек сме на изготвување на подзаконски акти.

**Љупчо Јордановски:** Значи, ќе добиете писмен одговор со листа на сите закони, подзаконски акти кои се донесени или се во предвид да бидат донесени, се во процедура.

Со тоа завршивме со трите прашања.

Следниот пратеник е Илија Китаноски, 10 минути три прашања.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе,

Првото прашање се однесува на поплавите кои го зафатија Тетовскиот регион помеѓу Нова Година и Божиќ, посебно регионот на општина Јегуновце селата Раотинце, Жилче и некои други, меѓутоа, најмногу овие две. Во Жилче беа поплавени голем дел од домовите, во Раотинце целокупната обработлива површина и еден дел од куќите. Причините се познати, нерегулирање на коритото на реката Вардар и неодржување на системот на канали за наводнување, посебно за селото Жилче.

Прашањето е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што е преземено и што ќе биде преземено во наредниот период за да не се повторуваат овие циклични поплави, посебно во последните 3-4 години се повторуваат секоја година и им нанесуваат огромни штети како на домаќинствата така и на индивидуалните производители од земјоделскиот крај.

Второто прашање се однесува до министерот за внатрешни работи, последните случувања во Дебар односно безбедносната состојба во општината Дебар која е загрижувачка, посебно со последните напади на пограничните села Отишани, Џепиште кои се наоѓаат на регионалниот пат Дебар -Струга одалечени 11 односно 13 километри од Дебар, а 2 километри од границата со Република Албанија.

Имено, овие села на повеќе наварати се напаѓани од организирани разбојнички банди од соседна Албанија, банди кои легално или илегално ја преминуваат границата, во повеќе наврати извршиле грабежи по куќите по овие села.

Над триесетина регистрирани разбојништва, барем според оние податоци кои ние ги имаме, ниедно не е откриено, ниту се фатени причинителите.

Последниот настан на 20.01. во селото Отишани, каде што семејството Вејселовски беа жртви на едно насилство, на еден вандалски чин, на еден разбојнички напад, како од филмовите од 17 или 18 век. Последниот напад што е извршен последниве денови, очигледно нема некои активности кои што би ги спречиле овие напади. Доказ е последниот вандалски чин.

Прашањето е до министерот за внатрешни работи, што превзема и што ќе превземе да се спречат овие состојби, кои што во буквална смисла наликуваат на песната на нашиот преродбеник Глигор Прличев, "Пискотници се слушаат од Галичник во Река" и никој не реагира на тоа.

Третото прашање се однесува на Општина Другово. Со правосилно решение за експропријација на сопственост на земјиште број 17-642/1 од 20 октомври 2000 година, заради проширување на православните гробишта, во населеното место Другово, Општина Другово експропреирани се неколку катастарски парцели, со површина од 1200 м2. За таа намена обезбедени се и финансиски средства и истите се депонирани во Основниот суд Кичево, се до извршувањето на решението. Меѓутоа, до денес истото решение не се извршува и покрај матната состојба со веќе ограничениот простор за погребување во православните гробишта во Општина Другово.

Што треба да се случи за конечно да се изврши ова решение. Прашање е упатено до Управата за имотно-правни работи во Министерството за финансии и според кажувањата и информациите што ги добив од жителите на Другово, кои се крајно револтирани за оваа состојба. По нивните

кажувања главните сплетки или забавувања се вршат под притисок на градоначалникот на Општината и началникот на Одделението за имотно-правни работи, од заради ним само познати причини и навистина, би сакал да добијам одговор зошто ова правосилно решение не се извршува, бидејќи проблемот може да ескалира и да доведе до несакани последици. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Китановски.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во врска со поплавите во тетовскиот регион.

На прашањето ќе одговори министерот без ресор господинот Владо Поповски.

**Владо Поповски:** Благодарам на почитуваниот пратеник за интересот за поплавените подрачја. Владата и овој пат како и секогаш до сега во рамките на своите можности се најде на теренот и со Дирекцијата за заштита и спасување помогна колку што можеше да помогне во рамките на законските прописи се разбира, но како што констатиравте и вие она што таму треба да се направи во тој регион на Република Македонија е да се регулира речното корито на реката Вардар, проблем кој што фигурира поголем број на години наназад.

На барање на Владата на Република Македонија во текот на минатата година е изготвен проект за регулација на реката Вардар од селото Јегуновце до селото Туденце во должина од 8 км. Тој проект деновиве е даден на ревизија и се надевам дека таа ревизија ќе заврши за десетина дена. Исто така, имајќи ја предвид сериозноста на проблемот, Владата на Република Македонија во рамките на своите можности во почетокот на оваа година предвиде триесетина милиони почетни средства за отпочнување на работите за регулација на реката Вардар, но се разбира, и според проектот кој го изработи Градежниот факултет во Скопје, но и според сознанијата од теренот, оваа сума ќе биде далеку поголема и во таа смисла и на локалната самоуправа и на Владата на Република Македонија ќе остане обврската за обезбедување на дополнителни средства за завршување барем на првата фаза. Инаку овој проект е поделен во две фази. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски дали сте задоволни или имате дополнително прашање.

**Илија Китаноски:** Износот на целокупниот тој проект е некаде 6 милиони евра, колку што јас сум запознаен и средствата кои се иницијално обезбедени се навистина, многу мали за да воопшто се започне со проектот, или се започнат некои припремни работи. Значи ќе имаме ситуација и до година, едноставно граѓаните на овие села, посебно на Раотинце каде што регулацијата на Вардар е причина да имаат поплави и да се чувствуваат немоќни пред природната стихија и средствата кои што се предвидени се навистина, многу мали некаде 1/12 од вкупната вредност на проектот и не знам тука колку локалната самоуправа како мала општина со никакви приходи може во тој дел да помогне. Мислам дека треба да се обезбедат поголеми средства за да барем се направат зафати кои што ќе го ублажат овој проблем до година, а за вториот дел, мислам во селото Жилче, причината не е реката Вардар, туку неодржувањето на каналите за наводнување, кои што се во надлежност на Водостопанство на Македонија, односно на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тука барем треба Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, без разлика каква е состојбата со водостопанските претпријатија, интервентно мора овие канали да ги одржува, затоа што наместо да служат за намената за која што се предвидени, за наводнување, тие практично вршат поплавување во вакви ситуации на селото Жилче.

**Љупчо Јордановски:** Колку што можам да заклучам дополнително прашање нема.

Второто прашање е упатно до Министерството за внатрешни работи.

Повелете министре, имате збор.

**Љубомир Михајловски:** Благодарам претседателе.

Прво да ви кажам дека прашањето беше дека состојбата во Дебар е загрижувачка. Пратеникот излезе со бројка од 30 разбојништва од банди што се извршени во Дебар и какви активности ќе превземе Министерството за спречување.

Веднаш да ви кажам дека во Дебар и дебарско се извршени три разбојништва и три обиди за разбојништва. Сите се расчистени и расветлени на лицата после докажување им се поднесени пријави. Значи ова што го кажувате околу 30 разбојништва нема никаква вистина.

Инаку, активностите што ги превземаме се дневни. Значи Деба ни е еден од најмирните краеви во државава. Така да ви ја кажав бројката што е. Тоа се три разбојништва и три разбојништва во обид, каде што сторителите се фатени и откриени. Оваа бројка 30 што ја кажувате нема врска. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволни господине Китаноски?

**Илија Китаноски:** Апсолутно не сум задоволен. Треба министерот да појде во тие села посебно во Отишани и во Џепиште и да се сретне со луѓето. Тие ќе му кажат колку разбојништва, затоа што тие на своја кожа ги осетиле. Значи овие се само во тој регион. Не во Дебар, во целата општина, туку во Отишани, Џепиште и не зборувам за оваа година, туку во еден период од три години наназад. Причините и сами ги наведуваат луѓето од таму дека има недоволен број на гранична полиција, дека се само три лица. Дека има и недоволен број на полицајци кои што се присутни во овој регион и самиот факт на

зачестеност на вакви груби вандалски разбојнички напади, покажува дека има една специфична состојба и дека Министерството за внатрешни работи треба да се однесува према ситуацијата на теренот, а да не бара статистички бројки и да влегува во административни расправии и да навлегува во спорови со пратениците дека не се 30, дека се пет или три. Појдете на лице место, или вашите луѓе нека појдат, нека разговараат со тамошното население и ќе го чуете нивниот став и нивното мислење и атмосферата на страв со која што постојано живеат секој ден. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е до Министерството за финансии, во врска со експропријација на земјиште за користење на православни гробишта и тоа не е реализирано веќе подолго време.

Повелете господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Со оглед дека се работи за конкретен акт, нормално е дека на тоа писмено ќе одговориме заедно со Министерството за павда, меѓутоа, би сакал да ја искористам приликата да кажам дека не е фер, нити е добро во Собранието да се кажуваат зборови на напад или зборови со негативна содржина за функционери ниту ги избрало Собранието, ниту се надлежни да одговараат пред Собранието, во овој случај градоначалник на Другово.

**Љупчо Јордановски:** Сосема сте во право, требаше јас да интервенирам. Но знаете како е, изборна година.

Господине Китаноски дали сте задоволен?

**Илија Китаноски:** Не добив одговор. Ќе го добијам веројатно во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Значи ќе добиете писмен одговор.

Со тоа завршивме со господинот Китаноски.

Следниот пратеник за поставување на пратеничко прашање е господинот Петар Апостолов. Повелете господине имате 10 минути за три прашања.

**Петар Апостолов:** Благодарам претседателе, ќе поставам три прашања. Сите три ќе бидат до министерот, односно заменик министерот за транспорт и врски.

Првото прашање во врска со регионалниот пат 103, бидејќи со пуштање во сообраќај, засега сеуште не е пуштен, автопатот од село Смоквица до Гевгелија во должина од околу 12 км., ќе се појави проблем за комуникација на граѓаните од село Прдејци, бидејќи со пуштањето во употреба на автопатот нивната комуникација ќе биде ограничена. Ови луѓе од населеното место Прдејци преку натпатникот и новата асфалтирана делница Негорци, ќе можат да одат до Гевгелија, но не можат да одат во правецот на Скопје, бидејќи патот од Прдејци до Смоквица каде што има клучка не е асфалтиран, односно е макадамски и е доста оштетен. Затоа, ако сакаат да одат за Скопје, треба да одат прво за Негорци, па Гевгелија и од таму да се приклучат на афтопатот за да одат кон Скопје. Или посликовито ако јас сакам да одам од овде од Собранието за Гевгелија, треба да одам преку Ѓорче Петров, да се вратам и пак покрај Собранието да одам за Гевгелија.

Затоа, прашањето гласи: Дали се планира поправка и асфалтирање на регионалниот пат село Прдејци, село Смоквица, бидејќи освен овој пат не постои друг пат за комуникација на овие граѓани. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е во врска со новиот афтопат од село Смоквица до Гевгелија, бидејќи целта на изградба на нова сообраќајница, посебно на патот Е-75 или М-1, кој е меѓународна артерија, освен придружните објекти, кои се многу важни за безбедноста на сообраќајот, според мене и според експертите најважна компонента е и квалитетот на коловозната лента, односно асфалтот. На оваа делница на одредени делови останува стариот асфалт, а за жал, токму тој дел кој што е најмногу оштетен, пред се, е оштетен од тешките возила кои се движеа пред четири години и на оваа делница на овие делови некаде 60 до 70% од сообраќајните несреќи, токму овдека се случуваа заради неквалитетен асфалт.

Сметаме дека ако се пушти афтопатот, односно се пресече лентата кај селото Смоквица, тогаш ние нема да добиеме квалитетен и безбеден сообраќаен пат.

Затоа прашањето гласи: Дали се планира да се реконструира и асфалтира старата коловозна лента,која сега е во склоп на новиот афтопат М-1 или како што реков само ќе се пресече лентата и делови од стариот пат и тоа најоштетените ќе останат.

Третото прашање како што реков е до Министерството за транспорт и врски. Но, да се разбере суштината на ова прашање, треба оној што ќе даде одговор да се прошета од Скопје до границата со Грција ноќе. Бидејќи тргнувајќи од Скопје првото осветлување на афтопатот ќе го сретнеме во Неготино, доста солидно осветлен, но за жал, без добро сообраќајно решение за влез и излез од Неготино, но сепак функционира.

Второто осветлување е сообраќајното решение, кое слободно можам да кажам дека е европско и кај Демир Капија и тоа е за пофалба.

Третото осветлување на патот ќе биде малку изненадување, бидејќи ќе сретнеме добро осветлен премин и од десната страна хотел со казино, но за жал, нема да го сретнеме Гевгелија, а често пати милуваме да кажеме дека Гевгелија е порта кон Европа. За жал, таа порта е затворена, бидејќи нема да забележиме кога сме поминале покрај Гевгелија. Затоа што, не само што не е осветлен овој дел, како што е во сите делови во светот каде што почнува границата према дотичната држава, туку и импровизираната, односно ампутираната крстосница не е баш за многу осветлување.

Прашањето гласи: Дали се планира осветлување на делницата на афтопатот од Гевгелија до Границата и дали ќе биде осветлена ампутираната клучка која е несоодветна, за која јас укажував две години и уште еднаш ќе потенцирам дека поканата за премиерот и за министерот за работна посега на Гевгелија да го видиме овој проблем, останува сеуште на сила. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сите три прашања се до Министерството за транспорт и врски. Првото прашање колку што јас разбрав е во врска со регионалниот пат 103.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Генерално со еден одговор за сите три прашања, бидејќи се работи за една делница и веќе неколку седници со пратеникот разменуваме мислење.

Во секој случај пратеникот не располага со информации од локалната самоуправа. Значи помеѓу Фондот за патишта, Министерството и локалната самоуправа, интензивно се работи за решавање на проблемите, односно на доврршувањето на патната инфраструктура кај Гевгелија, така да пратеникот ќе добие одговор во писмена форма за активностите кои се во тек и она што ќе биде активност во 2006 година.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Апостолов. Дали сте задоволен или не?

**Петар Апостолов:** Бидејќи ќе добијам одговор во писмена форма, јас ќе вршам коментар после добиениот одговор. Но да одговорам на заменикот министер, премногу сум запознаен со сите случувања што се случуваа во општина Гевгелија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Второто прашање за реконструкција на старата коловозна лента поради новиот афтопат М-1, повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Во составот на писмениот одговор ќе има комплетно преглед на активностите кои се однесуваат на делницата Смоквица граница со Република Грција.

**Љупчо Јордановски:** Ист е одговорот за третото прашање во врска со осветлувањето? (Да).

За сите три одговора ќе бидете писмено известени.

Следниот пратеник да постави прашање е господинот Ванчо Стаменков.
(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Слободан Најдовски)

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитувани министри, премиер, колеги пратеници,

Ќе го искористам моето право од три прашања.

Првото прашање ќе го поставам до премиерот на Владата на Република Македонија, господинот Бучковски, кое се однесува конкретно на тутунот.

Факт е дека сите држави даваат премии за тутунот или, ако не премија даваат регрес за нафта или некои погодности за производство на тутунот. Еве, да речеме Грција која е членка на Европската унија дава две евра по кгр. тутун премија, потоа Бугарија дава едно евро, Србија дава девет динари регрес за нафта.

Конкретно сакам да ми одговори премиерот зошто кога знаеме дека една од основните земјоделски култури е тутунот, кој донесува на државата 2,5 милијарди денари приход од акцизи, имаме извоз од 50 милиони долари, како девизи кои влегуваат во државата, имаме 30 илјади семејства на кои може да им се каде дека основна дејност им е тутунот и живеат од тутунот, зошто да не дадеме по половина евро или по 30 денари по кгр. тутун, бидејќи тие луѓе едноставно тие пари ги имаат внесено во државната каса, тоа се нивни пари, така што да им вратиме 30 денари. Сакам да ми одговорите конкретно дали ќе дадеме оваа година за реколтата од 2005 година 30 денари по кгр. тутун. Ако немаме пари во Буџетот, да најдеме можност да ги обезбедиме од некаде, дали ќе ги покачиме уште еднаш цигарите или да најдеме некоја друга можност, за да им дадеме на тие луѓе по 30 денари.

Второто прашање е за грозјето, а тоа прашање еднаш веќе го поставив и сега ќе го повторам. Прашањето повторно е упатено до премиерот на Владата на Република Македонија, бидејќи мислам дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не може да помогне во врска со тоа, иако е во тој ресор, исто како и тутунот.

Факт е дека грозјето кое на некој начин беше земено, не велам откупено бидејќи за да биде откупено треба да биде платено, тоа беше прифатено од подрумот во Неготино. Зборувам за грозјето од реколтата во 2004 година, уште не е платено, односно целосно не е платено, а да не зборуваме за производството од 2005 година. Воопшто не се размислува за тоа да се плати и кога ќе се плати. Сега на вратата на земјоделците односно производителите на грозје веќе чука новото производство, кое треба да го подготват. За да успеат да ги подготват нивите и да организираат производство за 2006 година, потребни им се пари. Без пари не можат да си купат нафта, не може да ги изораат нивите, не може да си купат други репроматеријали како што е ѓубре. Тие се доведени во ситуација едноставно да не можат да си обезбедат работа за наредниот период. Не знам како ќе се снајдат, важно се доведени во состојба на тешки исчекувања и може да се каже безнадежност.

Дали можеме ние како држава, Република Македонија, како Влада, вие како премиер да им помогнете на луѓето, во соработка со тие бизнисмени кои се сопственици на овие фирми во Кавадарци и Неготино, да добијат пари неопходни за отпочнување на работите, за подготвување на лозовите насади за наредната сезона.

Третото прашање го упатувам до министерот за образование и наука. Мислам дека доста се за премиерот две прашања, па и министрите треба нешто да работат. Прашањето се однесува за училиштето во Бели. Го поставив тоа прашање уште 2003 година, а сега ќе го повторам. Тогаш се кажа дека училиштетот ќе се заврши, но до ден денес само темелите се ставени. Еве поминаа три години и освен што се удрени темелите, друго не е направено, и тоа мислам дека темелите не се финансирани од Министерството за образование и наука. Сега се наоѓаме во една ситуација да имаме бојкот на наставата во училиштето. Учениците едноставно не одат на настава, родителите одлучиле да се бојкотира наставата во ова училиште. Тие се право реагираат, заради тоа што таму каде што посетуваат настава или старото училиште не е во таква состојба да гаранатира безбедност на учениците. Може да се случи секој момент таа зграда да падне, односно покривот на зградата да падне и да предизвика тешка несреќа.

Сакам да ми одговори министерот дали во оваа 2006 година се издвоени средства за да се реши конечно проблемот на училиштетот во Бели, да се изгради таа сала, училишна сала и децата да имаат место каде што ќе посетуваат настава. Или пак истото ќе го направиме како што правевме и минатите години, пред избори ќе отидеме таму и ќе кажеме, еве, ќе го изградиме училиштето или ќе изградиме таму миксер со бетон за да почнат некоие работи, а после тоа ќе прекинеме, откако ќе завршат изборите. Дали можеме да се научиме на ред ди она што ќе го ветиме и да го завршиме, да не правиме се преку политиката и преку некои гласови. Ќе дојде ден кога ќе биде и опасно да се биде на власт. Како што оди работата, прашање е дали ќе биде интересно некој да биде на власт во оваа држава. Кон тоа одат работите, едноставно власта пред себе ќе има толку големи и нерешливи проблеми кои ќе ги плашат политичките партии дали треба да влезат во власта и да се борат за гласови.

Ќе го спомнам само уште школото во Тименик, за кое исто така ветивте дека ќе го завршите, а не сте го завршиле, децата уште одат во Неготино во училиште. Тоа е уште една работа која што не ја завршивте, а ветивте дека ќе ја завршите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Првото прашање е упатено до Владата.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете, господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Ќе повторам, затоа што станува јасно дека уште еден од пратениците се препознал во она што тврдам дека веќе е предизборна кампања и околу маката на тутунопроизводителите. Сега разгледувавме искуства со оние со кои ја работевме кампањата во 1999 година, која беше за претседателските избори и тогаш се повикувавме на дадените предизборни ветувања на Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со тогашната ДА, кога во 1998 година ветуваше дека на тутунопроизводителите ќе им бидат дадени по оосум тогашни германски марки, па се сеќавам кога беше снимен еден тутунопроизводител од Прилеп, тој велеше дека му ветувале по осум марки, на крајот го оставиле да шета по пазарот. Сега така ми изгледа и оваа приказна, затоа што додека претседателот на партијата на пратеникот Стаменков, ценетиот пратеник Марјан Ѓорчев беше министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, јас ги кажав бројките кои уште еднаш ќе ги повторам. Имено, што се случувало претходно, затоа што вака како што почнаа пратениците да лицитираат, веројатно преферираат Македонија да ја направиме како Швајцарската конфедерација, да има Буџет не од една милијарда, туку да имаме 15 милијарди евра, па веројатно да делиме средства на сите оние кои сметаат дека треба да ги помагаме. Јас немам ништо против, но дајте да ја направиме прво Македонија да биде пристојна држава, па потоа да ветуваме пред сите избори се и сешто и да си играме со маката на нашите земјоделци.

Повторувам, почитуван пратеник Стаменков, дека во времето кога вие можевте да стимулирате во 1999 година за родот од 1998 година, сте плаќале 99 денари. Во 2000-та кога сте можеле да стимулирате сте плаќале во просек 116 денари. Во 2001-та кога сте можеле да стимулирате сте плаќале 122 денари. И види чудо: во 2000-та, во изборната година, кога просекот е најмал од 73 денари, донесувате одлука на втори јули 2002 година, само во 2002 година, предизборната 2002 година, а тоа се помалку од 90 дена пред изборите. Сега барате, затоа што кратки се нозете на ветувањата, затоа што во 1998 година ги излажавте тутунарите, па велите заради последиците од сушата и воените дејствија, сега му текнало на ВМРО-ДПМНЕ, ќе дава по 15 денари по кгр. произведен тутун од реколтата 2001 година. Значи единствен случај кога вие сте можеле да предвидите, сега спомнувате 30 денари, го слушнав кажувањето и на вашиот претседател но и на други опозиционери, кои тоа го ветуваат. Тоа го направивте или ги оставивте долговите, затоа што дадовте на тутунските комбинати да ја плаќаат таа реколта и во изминатиот период, во изминатите три години бидејќи паднаа сите гаранции, дел од тутунот кој е неквалитетен и по една, втора, трета и четврта продажба не може да се продаде, ја оштетивте државата на тој начин, затоа што за предизборни цели беше откупен тутунот со минимум 300 милиони денари.

Оваа Влада за предизборни цели не сака тоа да го направи, туку сака системски да ги реши проблемите. Затоа велиме дека признаваме со новите измени дополнувања на Законот за тутун,

дека тутунот е стратешки производ и предлагаме на кој начин ќе го помогнеме, уште повеќе што во прилог ни оди тоа што во годишната просечна цена на тутунот е далеку од онаа која сте ја имале во просекот од 1999 до 2002 година.

Затоа, почитуван господине Стаменков, уште еднаш би ве повикал да си ги погледнете буџетите, кои како пратеник ги имате во овој мандат, за 2004 и 2005 година и да видите дека оваа Влада вашите предизборни ветувања или вашиот откуп што го направивте во предизборни цели ја чинеше Република Македонија 300 милиони денари пропаднати гаранции кои ние ги вративме.

И на крајот, затоа што веројатно до 17,00-18,00 часот ќе има други прашања на оваа тема, Владата уште еднаш повторува дека има намера законот кој е во процедура да го донесе во најкус можен рок, ако го поддржат пратениците и ќе имаме можност 30 денари да зафатиме од секое пакло цигари и да го поддржиме овој стратешки производ. Инаку, повторувам, Владата нема законска можност, не сака да прави криминал, затоа што претходно имав лошо искуство, кога заради предизборни цели е правен криминал, паѓаат гаранции разно разни на тутунски комбинати на Експорт-Импорт банка. Оваа Влада не може да надомести стотици милиони, повторувам, стотици милиони пропаднати гаранции на претходната Влада на ВМРО. Затоа, да не се лажеме, сите се познаваме, пресериозна е работата за да се манипулира на овој студ тутунопроизводителот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Стаменков дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Повелете, господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Јас како Ванчо Стаменков не сум бил во ниедна Влада досега во Република Македонија, ниту сум ветувал да давам пари за тутун, ниту сум давал некакви гаранции, ниту едноставно сум учествувал во некаква власт која била надлежна за тоа, за да давам такви изјави за време на изборите или било што друго. Јас како дете сум работел тутун и знам што значи да се изработи тутунот, која е маката, која е тежината. Тоа го имам почувствувано и од аспек на тоа сега како пратеник сакам да им помогнеме на луѓето, а тоа е најнормална работа, бидејќи сите држави тоа го прават.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Второто прашање е упатено исто така до Владата, а е во врска со грозјето од минатата реколта.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, значи ова е продолжение, варијација на темата. Повеќе пати разговаравме со нашите земјоделци и јас признавам дека и понатаму Владата ќе направи се за да го развива земјоделството и аграрот како стратешка гранка на Република Македонија. Не можеме да ја индустријализираме Република Македонија преку ноќ, треба да респектираме дека аграрот е веројатно иднината на Република Македонија. Но ако тоа го признаваме, тогаш треба да одлучиме сите заедно, расправата не бега, кој е оној стратешки производ на кој треба да му дадеме субвенции и да го помагаме. Во претходното прашање вели стратешки производ е тутунот, па ајде да издвоиме средства, да направиме проста математика дали ќе им требаат 15 или 20 милиони. Потоа доаѓаме до другата тема, стратешки производ е и грозјето, ајде да направиме математика и тука да дадеме 15-20 милиони. Ќе дојде време, ќе се спомнат раноградинарските производи, потоа за пченицата презедовме обврска затоа што наша проценка е дека она што го имаме во Бирото за стокови резерви, тоа е стратешки производ, и тука треба да даваме помош. Друго е што можеме да утврдиме дека е стратешки производ и да го стимулираме извозот. Кога ќе ги направиме сите математики, ќе се види дека минатата година Владата го направи максимумот што можеше да го направи, затоа што нема ниту една винарска визба, ниту еден земјоделски комбинат во своја сопственост што откупува грозје. Ние ги отворивме границите за сите држави, со договорите за слободна трговија што ги имаме дадовме можност оние кои не се кооперанти на земјоделските комбинати на винарските визби да го извезуваат грозјето. Сега е проблем, тоа е договорен облигационен однос што го направиле индивидуалните производители, да речеме во примерот со АД "Повардарие", ние сме подготвени како Влада и тоа неколку пати јавно го сопштив на новите сопственици да им помогнеме за делот од давачките кои ги имаат нерегулирано кон државата и Управата за јавни приходи понуди начин како да се сервисира долгот. Меѓутоа, ние не можеме таму да влеземе со било какви дополнителни стимулации, затоа што се ограничени можностите на нашиот Буџет. Јас споменав дека она што го даваме ние како помош е отворање на пазарите и она што не треба да го заборават земјоделците, последните 6 месеци од мината година имавме измени на Царинскиот законик, каде што пред да стапи новиот Царински законик им дадовме дополнителни олеснувања за увезување на механизацијата и на дел од суровините кои се неопходни за нивниот финален производ.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Стаменков, дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Премиере, јас не барав сега пари, регрес или некоја стимулација од државата, барав вие како авторитет, како премиер, како Влада да помогнете во разговорот или соработката со тие акционерски друштва, за да излеземе во пресрет на производителите на грозје, да добијат некои пари, да им се плати грозјето, за да можат да се подготват за наредната сезона. Тоа го побарав. Вие во еден дел од одговорот го спомнавте тоа, јас сум задоволен што има добра волја да се помогне, но едноставно сакам да бидете поактивни за да може во тој дел да им помогнеме на луѓето.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Имате ли коментар?

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Чувствувам задоволство што со потпрашањето свати и пратеникот Стаменков дека сите проблеми не можат да се решаваат со субвенции. Владата и на примерот со вишокот на винско грозје покажа дека со политиката што ја води за создавање на предуслови не да биде во пазарна економија, во пазарно ориентирано стопанство, се минимизира улогата на државата. Државата може да создава услови за овие производи кои ги надминуваат потребите на Република Македонија да се пласираат на странските пазари. Оваа година имавме зголемување на квотата за извоз за Европска унија, она што е битно, затоа и влеговме во преговори за склучување на посебен договор со Хрватска како дел од нашето влегување во ЦЕФТА, го зголемивме за близу три милиони литра извозот на вино во Хрватска, за да дојде до пласман на делот од вишокот што го имаат во двете најголеми винарски визби, винарската визба "Тиквеш" и "Повардарије".

На овој начин ќе ги решаваме проблемите, како што ги решававме проблемите со вишокот на произведени јаболка, па со дополнително отворање на можностите што ги имаме, заради пријателските односи со Бугарија, да има дополнителен извоз на 4 илјади тони јаболка. Тоа е начинот на кој што ќе ги решаваме проблемите. Не можеме се да субвенционираме.

Но, прифаќам стратегијата да ја следиме и да се договориме кои се оние стратешки производи што ќе бидат помагани од страна на државата. Во овој момент прифаќаме дека тоа се пченицата, тоа се житариците, и второ, дека со новиот закон ќе дадеме таква поддршка, бидејќи е стратешки производ, на примарното тутунско производство.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е до Министерството за образование.

Има збор заменик министерот за образование господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине претседателе.

Бидејќи почитуваниот пратеник веќе има поставено пратеничко прашање по однос на овие два случаи, конкретно за проектот Бели - Кочанско, да бидам малку поопширен во објаснувањето на механизмот за доделување на средства за капитални инвестиции. Тоа е потребно бидејќи беше поставена во некоја друга конотација, како да се прави предизборен маркетинг.

Вистина е дека за училиштето во Бели изработена е првата фаза на проектот, значи до првата плоча. Потребни се околу 6 милиони денари средства што три милиони се веќе вградени во Програмата за 2006 година, за капитални инвестиции во основното образование, што ќе се најде на дневен ред на седница на Влада денеска.

Друго е прашањето во поглед на рационалното трошење на и така оскудниот денар за капитални инвестиции, бидејќи, само за еден податок, еве да знае јавноста, станува збор за 31 ученик, кои учат основно образование во Основното училиште во Бели, а станува збор навистина за голема инвестиција, според оние средства со кои што ние располагаме.

Без оглед на веќе кажаното, инвестицијата што сме ја започнале ќе ја дозавршиме. Бидеќи средствата се оние што се, побаравме помош и од меѓународните институции. Веќе добивме некои претходни навестувања и конкретни договори со Швајцарската амбасада и со Норвешката амбасада, така што во Тимјаник, училиште кој што беше споменато, исто така во Неготинско, од страна на пратеникот, потребни се за завршување на инвестицијата од 6 милиони денари, при што во договор со Швајцарската влада постигнавме договор 50% од средствата да обезбеди македонската страна, а 50% швајцарската страна. Тие се вградени во Предлог-програмата за 2006 година што Владаа треба да ја усвои на својата седница.

Мислам дека со бојкот на наставата, заради ненавремено реализирање на овие обврски што навистина сме ги презеле, но од објективни причини, навистина, не секогаш можеме навремено да одговориме, не се решаваат проблемите. Секогаш апелираме до родителите бојкотот на наставата предизвикува казна на нnивните деца. Никако не претставува оправдано средство за притисок врз Владата односно врз министерството да се реализира проектот. Правиме напори за обезбедување средства и од други извори, но би требало почитуваниот пратеник да помогне во нашата намера да се

прекинат тенденциите за прекин на наставата заради вршење на притисок со објаснување на реалната состојба, без лажни ветувања, без некои лаги. Ова е фактичката состојба.

Се надевам, во соработка сме со локалната самоуправа и во Неготино и во Кочани, градоначалниците беа на разговори со нас, ги потенцираа проблемите и договоривме одредена динамика за отстранување на овие проблеми. Со понудена нивна помош, се надевам дека многу побрзо од предвидениот рок ќе ги реализираме овие проекти.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Стаменков имате ли дополнително прашање.

Има збор пратеникот Стаменков Ванчо, повелете.

**Ванчо Стаменков:** Според документите мислам дека одговорот е целосен. Само се надевам дека тоа што го кажа заменикот министер дека ќе се изврши.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Славе Арсоски.

Повелете господине Арсоски.

**Славе Арсоски:** Почитувани присутни,

Еве и јас ќе го искористам правото да поставам три прашања. Ќе гледам да бидам пократок.

Првото прашање можеби има две потпрашања. До Владата на Република Македонија.

Имено, прво сакам да ја прашам Владата до каде е разрешувањето на проблемот со доделувањето на функционерските станови во тн. фамозна функционерска зграда во Скопје?

На ова сум инициран, можеби и револтиран, ако е вистина, а верувам дека е вистина, од сознанието дека поранешниот советник во Владата на Република Македонија, господинот Антонио Милошевски, земал, односно одкупил два стана во сопственост на Република Македонија. Веројатно човекот е млад, треба да се жени и си мислел за децата од сега понатаму.

Затоа ја прашувам Владата на Република Македонија дали е истото точно и ако е точно, на кој начин е тоа направено.

Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски односно до Фондот за регионални и магистрални патишта тоа е во контекст на самото Министерство, прашањето е од жителите на бившата општина Србиново, чии населени места се поврзани со Гостивар, со регионален пат, во должина околу 12 километри. За жал, во последните 10-тина години на тој регионален пат не е вложено ништо. Самите жители се среќаваат со проблемот на функционирањето.

Го прашувам самото Министерството дали во Програмата на Фондот за регионални и магистрални патишта е предвидено да се преземаат дејствија во регулирањето на овој регионален правец, правец, што е од големо значење на жителите од оваа бивша општина.

Третото прашање е до Министерството за економија, бидејќи сте запознаени дека во последниве месеци има соодветен штрајк во фабриката "Стаклара" Гостивар поради неисплатени плати и придонеси. Може главниот проблем не е тука. Проблемот е во тоа што не се знае кој е доминантниот сопственик во самата фабрика, дали тоа е државата, дали тоа се вработените, или пак некое трето лице. Го прашувам Министерството за економија да одговори на ова прашање.

Знам дека на последниве две прашања ќе добијам писмен одговор, а на моето прво прашање треба Владата да даде одговор сега.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Владата во врска со функционерските станови.

Ќе одговори господинот Владо Поповски, мминистер во Владата на Република Македонија.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Благодарам господине претседател,

Она што е како прикаска, одговорот на прашањето на почитуваниот пратеник, во продолжение ќе ви ја предочам, ја нарекувам "Алајбегова слама".

На почетокот вистина чуден наслов, меѓутоа она што подоцна ќе го чуете нема да ве изненади и веројатно тоа ќе биде адекватниот наслов. Добро ќе беше и господинот Груевски да ја чуеше оваа приказна, но што е тука е, во мала предност сум овде, бидејќи господинот Илија Китаноски е тука како поранешен директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и се надевам, доколку погрешам, ќе ме исправи.

Точно е тоа дека именуваниот господин во прашањето на почитуваниот пратеник 2000/2001 година се здобил со два стана. Тоа се станови во сопственост на Република Македонија. Инаку, за ваша информација, тоа е истиот оној господин кој така штедро, преку колумните во еден наш реномиран весник редовно дава рецепти како требало да изгледаат состојбите во државата, кој е за тоа одговорен, кој што треба да направи, меѓутоа никаде не го прочитав овој рецепт за добивање два станови, да го предочи во своите колумни. Но, тоа е друга работа.

Да се вратиме на прикаската. Прикаската заради својата големина што е невообичаено малку за мене, се разбира, ја поделив во два дела.

Првиот дел започнува некаде на 30.03.2000 година кога тогашната комисија, на барање на господинот Антонио Милошевски, тогашен советник во Владата на Република Македонија ќе донесе решение со кое што ќе му биде доделен стан на Ул. "Кузман Јосифовски Питу", булевар,

број 15 во Скопје и тука нема ништо чудно. Се разбира, нешто подоцна, поточно истата година на 20.06.2000 година ќе биде склучен купопродажен договор овој стан ќе му биде продаден на господинот Антонио Милошевски. Овој пат без соодветен документ, односно без никакво решение.

Само една година подоцна, осум месеци подоцна, господинот ќе поднесе ново барање до надлежната Комисија за станбени прашања при Владата на Република Македонија, нема да го предочи фактот дека веќе има еден стан, ќе побара да го откупи станот на Бул. АСНОМ - 8-а, со што ќе ја замоли Комисијата ќе и предочи на Комисијата дека тој е празен стан и дека треба да ја имаат предвид неговата заинтересираност за откуп на тој стан.

Комисијата, чудо, 4-дена подоцна веднаш ќе реагира и се разбира, ќе му овозможи, ќе испрати известување до Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор за станот да му биде даден на откуп по пазарни цени. При тоа, исто така ќе го замоли ЈП ССДП овој стан да биде внесен во програмата за продажба на станови.

Значи, проблемот е лоциран, на Антонио Милошевски му треба пак стан, Комисијата брзо реагира. Но, гледај чудо работата се утнала. Бидејќи, како што констатирале тој и ЈП што е дигнато на нозе, се разбира мора да го реши проблемот, ќе се констатира дека во станот живее припадник на безбедносните сили на Република Македонија, без решение, вработен во Градската управа за внатрешни работи.

Антонио Милошевски ќе има, се разбира, максимално разбирање за безбедносните сили и ќе побара, ќе ја извести Комисијата за случајот пак ќе побара, но ако мислите дека тој ќе се откаже од станот, не е така, значи ќе побара неговото решение донесено во споменатата година да биде променето, со тоа што ќе побара да му биде даден стан на Ул. "Васил Ѓоргов". Ќе наведе дека во него не живее никој, ќе навде дека е тоа стан од 30 квадрати, ќе го наведе секако својот интерес за добивање на станот.

Се разбира, обезбедување стан на господинот Милошевски е сериозен проблем. Не смее да се чека. 2001 година, имам предчувство дека само овој проблем требало да се разреши, но овој пат не смее да има, се разбира, промашувања.

Во таа смисла Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Македонија, истиот ден, значи 28.09.2001 година заседава и гледај чудо, веднаш донесува заклучок што исто така го препраќа до ЈП ССДП на Република Македонија ќе побара од него да му биде продаден на Антонио Милошевски по пазарна цена, што исто така ќе бара да биде внесен во Програмата за продажба на станови.

Значи, овој пат нема промашување, на 14.08.2001 година, Антониот ќе склучи договор со ЈП ССДП на Република Македонија за откуп и на второто станче. Овој пат на ул. "Васил Ѓоргов". Неговата вредност ќе биде 1.137.780. Е, ако мислите дека овде работата е завршена, се излажавте. И јас исто така мислев, меѓутоа тој не мирува.

Тој повторно ќе му се обрати на Јавното претпријатие, ќе му се обрати на почитуваниот гогаш директор, сегашен пратеник и ќе побара од него, ќе го извести до каде е постапката со станот на "Васил Ѓоргов", но при тоа ќе му предочи дека пред неговото добивање таму бил бесправно вселен станар кој недомаќински се однесувал во станот. Поради тоа биле потребни интервенции.

Исто така, Антонио Милошевски ќе го извести директорот дека постапувајќи по тоа, заради тоа што дел од вработените биле на годишен одмор, дел се секторски директори, тој веќе интервенирал, ангажирал некоја фирма од Кичево и истата фирма ја исплатил со соодветна сума на пари.

И сега, ќе прашате кои средства. Тоа се средства што тој ги употребил за реновирање на станот.

Барањето на Милошевски, за да биде поткрепено со сите аспекти, овој пат ќе го разгледа и ќе влезе во акција и Управниот одбор на ЈП, како да немале друго за што да расправаат туку тоа им било најважна задача. Тој, на 20 септември ќе го разгледа барањето и, погодувате, се разбира ќе донесе позитивна одлука, со што ќе биде склучен Анекс-договор, со што ќе биде намалена сумата, претходната сума заз 189.074 денари да бидам попрецизен.

Овде, со право, се разбира, можат да бидат поставени најмалку 30-тина прашања. Јас, во оваа прилика, ќе поставам само неколку од нив:

На пример: Дали навистина за санирања на постојните оштетувања е ангажирана фирма од Кичево.

Второ, дали истата фирма го извршила санирањето?

Трето, Дали навистина е извршено санирањето?

Четврто, дали постои записник за тоа?

Конечно прашувам дали постои фактура, дали е таа вистинска и дали господинот Милошевски, така како што тврди во своето барање до Управниот одбор, ја има платено фактурата?

Јас, да бидам искрен, се сомневам во тоа. Но, да не претпоставуваме, овде веројатно ќе има работа и за други органи. Она што беше наше како Комисија за станбени прашања, согласно заклучоците на Владата на Република Македонија, поднесовме барање пред Јавното правобранителство на Република Македонија за раскинување на купопродажниот договор, бидејќи сметавме дека тој е случен без правен основ и без издаден соодветен акт од внатрешниот орган.

Сериозно го разгледуваме и првиот случај, за станот на Улица Кузман Јосифовски Питу.

Во оваа прилика ќе дозволите, господине потпретседателе, ќе информирам, бидејќи веќе го

спомнав поранешниот директор, Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Македонија , како што е овој случај, постапи и со случајот на станот на Ул. "Видое Смилевски Баро" 75, кој што, почитуваниот директор во име на неговиот возач се преостапи истиот да го откупи.

Во таа смисла, Владата на Република Македонија, соодветната комисија преку Јавното правобранителство на Република Македонија поднесе барање до надлежниот суд за раскинување на купопродажниот договор.

Еве толку. Ако има потреба ви закажувам продолжение на наредната седница.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Арсоски, дали сте задоволни или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Славе Арсоски.

**Славе Арсоски:** Јас сум задоволен секако, но што вреди што сум задоволен, кога навистината стана вистина и тоа што се искажа, во самиот одговор, тука е Јавниот обвинител сигурно е во негова надлежност понатамошното разгледување.

**Слободан Најдоски:** Не мешајте дуги органи. Има нив кој да им поставува прашање.

Господине Поповски, имате ли да дополните?

Има збор министерот во Владата на Република Македонија господинот Владо Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Господине пратеник, не се разочарувајте. Тоа е единствената законите постапка. Законите важат и за Владата на Република Македонија и за соодветната нејзина Комисија.

Тоа што сакам како дополнување да надополнам, дека соодветната комисија веќе покрена пред Јвното правобранителство 60-тина тужби до надлежните судови. Постапките се во тек. Имаме некои првостепени пресуди, меѓутоа, за тоа ќе почекаме судовите да го кажат својот последен збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Пратеникот ќе добие писмен одговор преку Министерството а од Фондот за патишта.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е до Министерството за економија.

Има збор заменик министерот, господинот Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Со оглед дека пратеникот го постави прашањето не само за сопственичката структура, туку и за состојбите во "Стаклара", ќе добие писмен одговор на истото.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи, господине Арсоски ќе добиете писмен одговор на поставеноро прашање.

На ред за поставување пратеничко прашање е пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

За денешната седница, се обидов, како што е по Деловникот за работа на Собранието, да ги повикам господата, јавниот обвинител и претседателот на Атикорупциската комисија. Мислам дека ова барање беше поднесено пред два месеци и состојбата, со тоа што овие седници не се одржаа претходните два месеци, можеби ова за што би сакал да говорам и за што е ги поставам прашањата можеби е малку депласирано. Во меѓувреме има многу нови прашања кон господата од Антикорупциската комисија и кон јавниот обвинител како што се: Четирите случаи од Хашкиот трибунал, Банкарските сметки во швајцарските банки, тајните затвори на ЦИА со Ел Мастри.Но моите прашања се директно за даночната пирамида и резултатите од неа. Можеби некој од моите колеги подоцна ќе ги постави и овие прашања.

Но, јас еве директно ќе ги поставам прашањата до она што го изјави претседателот на Анти корупциската комисија, а се работи за изјава од 29 јули 2005 година, во која што се говори, едно е јасно, тоа е дека вака голем обем на организиран криминал, едноставно не можел да помине незабележан од очите на толку многу институции задолжени за негово откривање. Тука влегуваат Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, финансиската полиција, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за спречување на перење на пари, како и царинската управа. Па, дури и банките во изминативе 3 години се должни за трансакциите над одредена сума да ги пријавуваат до надлежните органи. Не е логично сите овие органи да не забележат дека се случило вакво големо даночно затајување. Ова го говореше госпоѓата Слаѓана Тасева на 29 јули 2005 година.

Моето прашање сега е до актуелниот претседател на Антикорупциската комисија, колку кривични пријави до лица од овие набројани институции досега Антикорупциската комисија поднела и дали меѓу време наишла на соработка со сите овие субјекти кои што работат на откривањето на даночната пирамида.

Во однос на второто прашање, господинот јавен обвинител Прчевски, нешто после оваа изјава на 15 август 2005 година изјавува: "Постапките за откриените случаи на даночното затајување и финансиски малверзации во Обвинителството

течат добро и без проблеми. Но, големи риби за какви што сака да чуе јавноста нема или може да се сретнат ретко, затоа што фирмите се регистрирани на туѓо име на блиски пријатели или подалечни роднини". Значи, капиталот е нивни, а имињата во регистрацијата никаде им ги нема. Обвинителството работи според документи и ако ги нема големите имиња според нив тие не можат да бидат објавени или обвинети. Меѓувреме, овие како што ги нарековте големи риби изгледа станаа и китови, но јас ќе го прашам јавниот обвинител, дали меѓувреме ситуацијата, пошто ова е 15 август, сега веќе е месец јануари, во Обвинителството е променета или играта е иста како и на самиот почеток, вакви големи риби не ќе може да се фатат и нема да се фатат.

Последното трето прашање е до министерот за одбрана или ако не е присутен до претседателот на Владата. Прашањето се однесува за касарната во Битола. Граѓаните на Битола беа сведоци на вашите заеднички ветувања дека касарната во Битола ќе биде центар на едукација на млади војници, дека во Битола ќе биде отворена воена академија и тука во Собранието добивте пофалби од моја страна лично на едно пратеничко прашање и вашето ветување на објектите кои беа отстапени на локалната самоуправа, за возврат дека во касарната во Битола ќе се направат станбени објекти, станови во кругот на касарната за старешините.

Гарнизонот во Битола во сите документи до некаде март, април 2005 година фигурираше како обучен центар, а Битола тогаш сигурно не беше 50 километри одалечен од границата, туку како и сега е само 15 км од Европската унија.

Според националната стратегија за одбрана при отѓување на објектите и имотот, истиот би требало да се користи за модернизација на Армијата на Република Македонија и обуки и сигунрно зголемување на платите на старешините.

Сега, министерот за одбрана најавува дека наредните две години нема да има покачување на платите, што уште повеќе го усложнува овој процес на трансформација на Армијата на Република Македонија. Дали ова е стратегија во цела јужна Македонија повеќе да нема касарни, со што веднаш може да се види дека интересто за професионални војници во југо-западниот регион после најавата за затворање на касарната во Битола е минимален. Мислам дека тоа е загрижувачки и во мометов во гарнизонот во Битола се случуваат настани кои што се случуваа во касарните во Прилеп и во Струмица. Значи, прекоманда на старешини, пензионирање и слично, така што бројот на оние што би можеле да реагираат е минмален. Така, со ова се гаси еден стопански објект со некаде 300 вработени, што градот Битола губи многу, а и Армијата на Република Македонија, затоа што овој крај секогаш давал кадар за Армијата на Република Македонија. Сега, во овој момент се потребни професионални војници, а во времето беше обучен центар во кој имало илјадници војници од пешадијата.

Прашањето е дали Владата и зошто го промени своето првобитно мислење во однос на касарната и дали ова е само едно предвидување или можете да ги потврдите сите овие заложби дека Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана е решено оваа касарна да ја затвори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Првото прашање е до претседателот на Антикорупциската комисија или Комисијата за спречување на корупцијата до господинот Михајло Маневски.

Повелете господине Маневски.

**Михајло Маневски:** Почитуван господине потпретседател, почитувани пратеници и претставници на Владата, на чело со премиерот.

Прашањето го разбрав и мислам дека прашањето е сосема на место поставено. Државната Комисија за спречување на корупција не можеше да остане надвор од ингеренциите што ги има согласно законот за спречување на корупцијата за случување во овој случај на даночната пирамида.

Државната комисија ја влече својата надлежност од аспектот на вршењето на функцијата на службените и одговорни лица во Управата за јавни приходи и другите државни органи кои што имаат контролна функција, пред се од аспектот на тоа дали во тие фирми каде што е констатирано издавање на толкав голем број фиктивни фактури и се влече низ даноци, е вршена контрола. Што е утврдено при таа контрола, какви мерки се превземени и дали воопшто некакви мерки се превземени и секако дали во сето тоа нема вклучено и одредени службени лица заради преземање на соодветни мерки на одговорност. Како што подоцна се утврди и во таа даночна пирамида, се потврдија два случаи на навлечување на испектори во Управата за јавни приходи, за кои сум информиран дека се води веќе една постапка кон еден инспектор од Куманово и еден случај кој што веше во Управата за јавни приходи во Прилеп. Државната комисија се обрати со барање на определени податоци до Министерството за финансии и очекува овие податоци кои што беа доставени до Министерството за финансии да ги добие, за да може да преземе соодветни мерки во рамките на својата надлежност. Ние ги поставивме прашањата како било можно толку многу средства од банки врз основа на вакви фактури да бидат извлечени по една ставка за купување на земјоделски производи итн, а се говореше за едни огромни суми, а сето тоа да не побуди интерес или сомневање дали е тоа вистина или што зад сето тоа се крие.

Се надевам, ние се уште не сме ги добиле тие податоци од Министерството за финансии дека ќе ги добиеме во најскоро време. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Мавровски дали сте задоволни од одговорот или сакате дополнително да прашате?

Има збор пратеникот Спиро Мавровкси.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Јас сум задоволе и ова покажува дека оваа изјава од 29 јули 2005 година сега веќе се ближи февруари 2006 година, начинот на кој што функционира Министерството за финансии и давање на овие податоци, очигледно е дека не можема да добиеме брз одговор. Затоа и во Буџетот што го планира Министерството за финансии на прашањата дали овие пари се предвидени или не, едноставно не добиваме одговор.

Јас како пратеник ќе си дозволам ова прашање директно да го поставам до Министерството за финансии и се надевам дека ќе добијам исто како Антикорупциската комисија многу брзо одговор. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е до Јавниот обвинител на Република Македонија.

Има збор Јавниот обвинител, господинот Александар Прчевски.

**Александар Прчевски:** Благодарам господине потпретседателе, благодарам на пратеникот Мавровски за прашањата што ги постави.

Од она што јас можев да разберам, кажа дека се депласирани прашањата на хашките предмети, швајцарските сметки и Елмастрих. Единствено актуелно прашање, како што тој кажа, е она што пред малку или на кое пред малку одговараше мојот колега Маневски. Но, јас заради интересот на јавноста и заради неговиот интерес ќе ги повторам моите искази и кажувања прво по однос на првите три прашања, а потоа и по однос на четвртото.

По однос на хашките предмети сум кажувал повеќе пати дека Обвинителството не е тоа кое комуницира со Трибуналот, ниту има такви овластувања и дека предметите ќе бидат вратени тогаш кога за тоа ќе одлучи Хашкиот трибунал. Мислам дека на оваа работа треба да се стави крај, а тоа ќе биде во моментот кога судот, неговиот Совет ќе даде согласност за враќање на тие предмети. Ова, особено затоа што, Јавното обвинителствот во своите предмети во своја верзија и со свои податоци ги има во основните обвинителства кои постапувале по таа постапка. Овие предмети се преземени од страна на судот преку Владата и Министерството за правда и Министерството за надворешни работи. Швајцарските сметки и вчера дадов изјава, за нас се апсолвирана работа, ние се произнесовме по однос на тоа прашање и мислам дека не треба да станува збор понатаму во врска со тоа. За нас тие предмети или тие ливчиња, како што кажавме, немаат правна важност во правниот сообраќај за да истиот го реметат и предизвикаат штетни последици по него.

Случајот Елмастрих пред неколку денови или поточно не цела недела добиено е преку Министерството за правда во Јавното обвинителство во Република Македонија барање за правна помош од страна на обвинителот, високиот или државниот обвинител на Баварија со седиште во Минхен и при тоа во неговото барање има конкретни работи на кои замолува согласно светската и европската Конвенција за правна помош и согласно нашите прописи да му дадеме појаснувања и одговори на прашања кои јас не смеам и не можам да ги елаборирам пред вас и тоа во комуникација со него ние ќе го сториме на начин и постапка како тоа е пропишано во Законот за кривична постапка и меѓународната и европската Конвенција за правна помош.

Што се однесува до даночните пирамиди, морам да потенцирам дека изјавата на Јавниот обвинител на Република Македонија, за која господинот Мавровски кажува дека била во 8 месец, не се сеќавам на датумот, 15. осми итн, е точна, но со неколку девијации. Имено, новинарот праша дали има големи риби во даночната евазија. Јас тогаш одговорив, колку што ме служи памтењето, дека во даночните затајувања нема мали и големи риби и дека тоа се затајувања кои се од помали или поголеми износи. Тогаш кажав и сега кажувам дека во однос на даночната пирамида од првиот момент воопшто не е вклучена Комисијата на корупцијата, бидејќи и не е орган кој може да биде инволвиран, има податоци или можности да врши одредени испитувања во делот од откривањето и гонењето. Тоа значи од првиот момент во оваа проблематика или овој вид на кривично дело беа вклучени Јавното обвинителство кое ја координираше акцијата, Одделот за организиран криминал, беа вклучени Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии со своите служби, Дирекција за спречување и перење на пари и Финансова комисија и Управата за јавни приходи.

Морам да потенцирам, во оваа проблематика во овој случај даночни пирамиди имаме два случаеви пирамидално поставени со лица кои исто така не би ги истакнувал денес тука и околу досега 120 инволвирани правни субјекти односно правни и физички лица, за кои е превземена конкретна истражна постапка. За жал, до овој момент имаме неколку предмети преточени во обвиненија и тие се пред надлежните судови од кои еден или два беа закажани за деновиве, не ме држете за збор тоа ако има потреба ќе ви дадеме и писмено известување и објаснување. Меѓутоа, тоа беа предмети за денес или утре во петок за 27.

Посебна проблематика ни претставува вештачењето во овие случаеви, бидејќи се она што е завршено и проверено во истрагата, преземено како истражно дејство треба да трпи вештачење. Тие вештачења се многу. Станува збор за големи износи, но морам да кажам и мислам дека со тоа апсолутно и другите ќе бидат задоволни дека успешно и принципиелно е водена и се водени постапките во овие случаеви, на начин што секој или во над 80% од даночните прекршители го исплатија износот кои го затаиле. Платија одредени гаранции во најголем број на случаи во кеш и против нив беше поведена постапка и имаме обезбедување и се надевам дека доколку Бирото за судски вештачења кое нема доволно ресурси, внатрешни и надворешни, да може да ги заврши брзо евазијата даночна брзо ќе ја завршиме, бидејќи во целост заеднички со другите органи што ги спомнав ја работиме интезивно и многу стручно и квалификувано. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Прчевски.

Господине Мавровски, дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине Јавен обвинител.

Јас благодарам за она што го изнесовте и што беше директно прашање во однос на даночната пирамида и мислам дека добив доста информации и се надевам кога ќе ги имате привите информации писмено ќе се обврзам дека ќе побарам од вас или вие она што ќе го оцените дека треба да го знае македонската јавност, да го имам како податок.

Од друга страна, во однос на она што го говорев за банкарските сметки, јас кажав дека тоа прашање го отстапувам на моите колеги. Сега, незнам дали вие тврдите дека тие сметки ги нема. Јас во интерес на македонската јавност ќе кажам само едно, дали е тоа Хашкиот трибунал, дали се банкарските сметки, дали се тајните затвори на ЦИА, македонската јавност морате да ја информирате што побрзо за сите овие шпекулации и шпекулативни дејности да се прекинат. Мислам во таа насока беше имоето повикување и моето барање, затоа што, ова може да донесе и до дестабилизација на комплетниот систем што се случува, а што мислам дека никој не го посакува, ниту власта, ниту опозицијата, затоа што е сериозно прашање за кое што мораме, почнувајќи од вас заедно со Владата да најдеме решение и ова да се разреши. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Дали имате дополнителен коментар, господине Прчевски.

Повелете, има збор Јавниот обвинител.

**Александар Прчевски:** Само да кажам дека ние не одбегнуваме од давање податоци. Во секое време пратениците можат да добијат, да побараат и да добијат веднаш или најбрзо, во најбрз можен рок секакви податоци по однос на бројки, предмети, па дури и правни субјекти во конкретниот случај и правни субјекти, со оглед што веќе излегуваме со обвиненија пред судовите, нема пречки кога веќе излегуваме, да дадеме и таков податок.

Што се однесува до другите прашања, јас имав прилика или јавноста имала прилика и вчерашниот ден да слушне и за Елмастрих и за другите случаи и од мене, а попладнето видовте и од господинот Бучковски, премиер на Влада, исто така во случајот отворање на одделот за борба против организиран криминал за новинарите имавме изјави, а нив ги имаше и предходно, доколку се сеќава и од министерот за внатрешни работи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

На третото прашање ќе се одговори после паузата.

Објавувам пауза до 15.00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господине Џафери ве молам седнете.

Ве молам, треба да одговорите на прашање.

Збор има заменик министерот, господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Што се однесува до објектите на Министерството за одбрана, конкретно за гарнизон Битола, вие знаете објекти кои што се од општествено значење, домовите на армијата и слични објекти се дадени исто така на општествени институции. Исто така, се мисли и со објектот Битола, односно гарнизонот Битола, објектите кои што можат да се дадат на Министерството за култура, како што е Домот на армијата и сличните објекти се даваат за слични намени.

Што се однесува до кругот како земјиште по основ на прописите кои што важат, земјиштето е сопственост на Република Македонија и како таква, врз основа на прописите ќе се дава на седница на Влада да се решаваат. По однос на тоа јас сметам дека ќе има најдобро решение и во крајна инстанца, знаете дека во Битола е еден од универзитетите сместен, така што сите можни варијанти се разгледуваат и најдобра варијанта која што ќе биде и најприфатлива за граѓаните на Битола ќе биде применета и со тој објект, односно со таа вредност која што Министерството за одбрана ја има на владеење во моментот. Меѓутоа, спрема прописите сите тие објекти доколку не му се потребни на Министерството за одбрана и се враќаат на Владата на владеење и за тие објекти, значи решава Владата со

соодветна одлука. И, мислам дека соодветно и со тој објект, како и со другите впрочем ќе биде изнајдено најдобро можно решение.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, дали сте задоволен од одговорот?

Дополнителни прашања, повелете.

**Спиро Мавровски:** Очигледно дека заменикот министер не го слушнал прашањето и ми одговара за нешто што јас не прашав. Објектите се само дел од она што беше мое прашање и затоа очекував премиерот или пак министерот за одбрана, кои што ги дадоа ветувањата пред граѓаните на Битола, дека во Битола ќе остане обучниот центар и тоа стоеше некаде до март-април 2005 година. Говорам за 300 вработени кои што ќе ги изгубат своите работни места, говорам за отварање на Воена академија, а ова што се објекти за локалната самоуправа и префрлање на објектите до останатите министерства, апсолутно не е спорно.

Но она што беше предадено како објекти, за возврат требаше во самата касарна да се изградат станови за старешините во Армијата на Република Македонија и тој обучен центар да функционира. Од тоа нема ништо, се иселуваат сите оние вработени кои што се моментално во касарната, и јас затоа го поставив прашањето. Ова што го добив како одговор апсолутно не соодвествува со она што беше прашање. Дали господинот заменик министер не го слушнал прашањето или пак евентуално не беше информиран, не знам, но јас не сум задоволен и ова прашање изгледа ќе треба да го поставам писмено, да добијам писмен одговор, со што би ги известил вработените и граѓаните на Битола за што се работи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Затоа има дополнително прашање, вие го повторивте прашањето. Ако има нешто заменик министерот да додаде, нека додаде, а поставувањето на прашање по писмен пат секогаш ви е на располагање.

**Талат Џафери:** Прво не е точно дека луѓето кои што се таму ќе останат сите без работа. Впрочем ние во овој дом донесовме закон за измени и дополнување на Законот за служба во Армијата и Закон за одбрана кој што впрочем овде треба да се реши.

Што се однесува до Центарот за обука е исто по основ на документ кој што овде го донесовме, т.е. Националната стратегија, односно концепција за одбрана на Република Македонија. И по однос на сите капацитети за обука на Армијата дојдовме до заклучок дека на почетокот треба да биде тоа во Велес. Впрочем, доколку потребата се искажува тоа да се премести во Битола, после дека така ќе биде. Што се однесува до воена академија на која се повикувате знаете дека е ставена во мирување приемот на питомци од причина на хиперпродукција на кадри и во догледно време се става во мирување приемот на кандидати на воената академија во Скопје и впрочем и со таа одлука, значи и самото преместување на Академијата во Битола е ставено во мирување што не значи дека тоа нема да се направи доколку потребата искажува и наложува да се реактивира приемот на питомците. Така што сите опции се во оптек, а тоа не значи дека ние креваме раце од објектите и од она што е сопственост на Министерството за одбрана и можниот иден развој на потребите на Армијата, односно на Министерството за одбрана. И во контекс на тоа значи на име на сите трошоци, на име на сите пропратни дејствија е одлучено така како што е одлучено во моментот Центарот за обука да биде во Велес со мислење доколку развојот оди поинаку, а сигналите се од Брисел дека ќе имаме потреба за поинаков развој во позитивна смисла, тоа и ќе се случи. Значи, безпотребно и безпредметно е сиот тој објект да се држи активен таму, имајќи ги во предвид сите пропратни трошоци и со оглед на сите налагања за економично водење на Буџетот ние сме должни да водиме сметка за пропратните трошоци кои што се. И нашите проценки се со ваквиот распоред на единиците и командите и центрите трошоците се минимални во однос на она што се правеле трошоци. А инфраструктурата која што е поставена денешна која што се наоѓа на територија на Република Македонија е една инфраструктура која што била наменета за едно друго време, за една друга воена структура која што важела до април 1992 година. Впрочем ние мора да водиме сметка за тоа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, ова беше одговор на дополнително прашање.

**Неждет Мустафа:** Почитуван претседателе, јас најљубезно ќе ве замолам дел од моите десет минути, само една минута да посветам за она што имам еден огромен притисок преку мојата електронска мрежа. Се работи за студот што ја зафати и Република Македонија. Имам еден апел до сите ромски организации, до Црвениот крст и до Владата на Република Македонија што е можно координирано со ромските невладини организации да издејствуваат да им се обезбеди огрев, особено во Штип, Кочани, Струмица, Прилеп, Битола, Куманово, Велес, Топаана и дел од Шуто Оризари. Се работи за мизерни субстандардни живеалишта и сите ние знаеме каде живеат ромите. Според тоа уште еднаш ги молам невладините ромски организации координирано да настапат, бидејќи јас немам фондација по она се што ми го испратија тука за помошта што јас треба да ја издвојам, туку сметам дека во координација со дел од ресорот на нашата Влада и амбасадите, сметам дека токму деновиве интервентно ќе издејствуваме за да можеме да им помогнеме на сиромашните роми кои што се без огрев.

Ќе преминам на моите три прашања за кои што мојата партија ме задолжи да ги поставам. Доста е актуелен Рамковниот договор и застапеноста на

заедниците во извршната власт. Во тој контекст сметам дека од големо значење е за мене како пратеник меѓународните заедници кои што се со огромен интерес и поставување на прашања за колку роми се работи, дека во овој мој мандат беа вработени и интегрирани во ресорите на министерствата. Молам, Владата на Република Македонија во писмена форма да ме извести со име и презиме каде се застапени ромите, во кои министерства. И се надевам дека на тие места каде што не е запазена застапеноста процентуалната застапеност на ромите дека ќе успееме барем во наредниот период со една позитивна енергија да помогнеме со една решителна рака во она за што се определи нашата држава.

Следното мое прашање е во врска со Стратегијата на ромите. Мојата партија и невладините ромски организации со голема огрорченост,и на моето прашање за буџетот не добивме одговор од страна на министерот за финансии дека Република Македонија ќе учествува во имплементирање на стратегијата на ромите во Република Македонија. Во тој контекст сметам дека и работната група која што е формирана во рамките на Министерството за труд и социјална политика не резултира според надежта на младите роми кои веќе се запишани во средните, а и високите и виши училишта. Во тој контекст навистина барам некој компромис, некој излез некој нов начин како би биле поефикасни и резултантни во однос на Декадата на ромите која што е под Министерството за труд и социјална политика. Сметам дека поради преголемата зафатеност на министерот кој е назначен за координатор на таа декада, министерот за труд и социјална политика, мислам дека би било добро адекватно решение да се преземе таа палка,припадник на ромската заедница, а и секако таа работа да ја обави професионално. Значи да се оформи еден кабинет во кој што би можела да се концентрира целокупната ен енергија во однос на Декадата.

Информативно, огромен број на млади ромски интелектуалци, студенти кои што се втора, трета и четврта година и кои што поради икс причини кои што не се доволно аргументирани иако е декадата на ромите сепак останаа без стипендија, без големата надеж на родителите, дека сепак ќе им се помогне во однос на образованието во однос на што се определи оваа наша држава да се помогне на развојот на образованието на ромските деца.

Следно почитуван претседателе, мојата партија е сконцентрирана во основа на социјалната помош и Заводот за вработување, поради огромниот број на необразовани роми и поради недоволното информирање. Обично дел од фамилиите кои што примаат социјална помош доцнат еден, или два дена. Токму за тој еден, или два дена им се изрекува казна од две години да не примаат социјална помош, мислам токму на тие роми кои што се издржуваат само со тие 2500, или 2000 денари, заради тоа што доцнат ден, или два, гарантирам дека од оправдани причини бидејќи веќе третиот ден се пријавуваат, такви ригорозни и нетолерантни односи со ромската заедница сметам дека треба да престанеме. Го молам Министерството за труд и социјална политика на својата администрација да им нареди да бидат потолерантни спрема ромската заедница од икс причини спод актуелната криза што ја имаат самите роми и да не се случува за ден, или два што не се пријавуват на време да се казнуваат со две години да не ја примаат таа социјална помош која им е единствена надеж.

Тоа истото се случува и со Агенцијата за вработување. Значи, доколку повторно доцнат ден или два, тогаш им се укинуваат нивните здравствени картони. Во тој случај немаат ниту социјална помош, ниту здравствени картони. Значи ги ставаме во една катастрофална ситуација, а во таа релација јас сум тој единствениот што го носи целиот тој терет и човекот што се бори за ромскиот глас и човекот кој што само преку оваа говорница, преку моќта на оваа говорница се обидувам да ги актуелизирам и да го подигнам нивото на актуелност на ромската проблематика. Се надевам дека бев многу јасен со моите пораки и јас сум во едно брзо исчекување дека на ромската заедница во Република Македонија нема да се случува тоа казнување за доцнење од ден, или два.

**Љупчо Јордановски:** Она што јас можев, ако имам право тоа да го заклучам. Освен во првата точка во врска со Рамкониот договор каде што побаравте писмен одговор за застапеност на ромите во државните институции, другите две прашања беа апели до Владата, односно до ресорните министерства. Не можев да дефинирам прашање. Но, во секој случај, еве јас ќе оставам да направат коментар претставниците на Владата.

Второто прашање во врска со немање средства во Буџетот за стратегија на ромите во рамките на Декадата. Сега незнам, од кого барате коментар, од Министерството за финансии или од Министерството за труд и социјална политика? Од кого барате коментар?

**Неждет Мустафа:** Од Министерството за финансии.

**Љупчо Јордановски:** Се ределегира прашањето до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика.

**Самка Ибраимовски:** Јас ќе се обидам да одговорам, бидејќи нашето Министерство е носиттел на декадата и на стратегијата. Мислам дека по одлука на Влада беше одлучено сите министерства поединечно да предвидат во својот буџет по милион денари да се двојат за ромската декада. Ние како Министерство за труд и

социјална политика тоа го направивме и одвоивме од нашиот буџет милион денари за ромската декада. Меѓутоа не знам дали другите министерства тоа го направија, немам таква информација, меѓутоа, во писмена форма како носители на декадата ќе бараме од другите ресоррни министерства дали предвиделе по милион денари за имплементација на ромската декада.

**Љупчо Јордановски:** Значи, што направиле и што преземаат другите министерства преку Министерството за труд и социјална политика ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање исто така е до Министерство за труд и социјална политика во врска со, вие бевте благи, еве јас ќе речам потежок збор, дискриминација на ромите во Агенцијата за вработување и од Министерството за труд и социјална политика во врска со добивањето на социјалната помош. Не, зборувам дека поинаков третман, така го кажа господинот Неждет Мустафа.

Може некој коментар господине**.**

**Самка Ибраимовски:** Не велам дека има дерегистрирање, односно бришење од евиденцијата на Заводот за вработување, меѓутоа поради каснење на катагорија на граѓани кои се, да кажеме со ниско образование. Едноставно не знаат кој е точниот ден кога треба да се јави за да може да се пријави во Заводот за вработување,односно Агенцијата за вработување и доаѓа до бришење од евиденција и губење на картоните за здравствено осигурување. Од тие причини ние, јас лично како заменик министер од ова Министерство организирав неколку трибини каде што сакав да искористам преку медиумите да кажам дека треба редовно да ја пратат оваа работа и треба ние од ромската заедница да бидеме малку попринципиелни, при пријавувањето и тоа го направивме на неколку наврати, меѓутоа, не вроди со плод таа наша медиумска иницијатива, но очекувам дека во наредниот период ќе имаме една сугестија од страна на пратеникот дека треба да имаме малку толеранција, меѓутоа, толеранцијата ќе ја направиме за сите етнички заедници, не само за ромската етничка заедница, и очекувам дека ќе има разбирање и од нашето Министерство и од нашите служби.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Со тоа завршија и коментарите во врска со апелите на господинот Неждет Мустафа.

Следниот пратеник на листата е госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Моето прво прашање ќе биде до Владата, поконкретно до Министерството за здравство.

Во последните месец дена постојано слушаме за нови вработувања во државната администрација и во јавните претпријатија. Слушаме дека досега барем слушавме во последните три години дека е превработена државната администрација. Бевме сите сведоци на огромен број на бркања од работа, од причина што е преоптоварена администрацијата, посебно здравствениот сектор и оттаму исто така имавме голем број на луѓе кои што ги изгубија работните места, за да сега имаме еден обратен процес како се ближат изборите, нови вработувања токму во здравствениот сектор, покрај другите сектори. Меѓутоа, денес ќе се задржам само на здравствениот сектор. Карактеристично е тоа што во овој сектор, спроведуваме реформи, треба да настапи процесот на приватизација и давање на објекти и на опрема под концесија и оттаму огромниот страв на вработените во здравството дека ќе има голем број на врабаотени кои што ќе ги изгубат своите работни места.

Значи покрај ваквото стравување за постојните вработени, ни се случува нешто сосема друго, се вработуваат луѓе во здравствениот сектор и не знам јас кое е оправдувањето од страна на Министерството за здравство за ваквото постапување. За да не се каже дека тоа е моја паушална оценка, еве ќе го земам само примерот од 21 и 22 јануари, од пишаните медиуми каде има оглас за вработување работници на неопределено време на работни места во Медицинскиот центар, Општа болница Гевгелија.

Како што пред малку кажав и покрај тоа што во Медицинскиот центар и во Гевгелија и во сите други градови, ќе го спомнам и Берово и да не ги редам кои се изминаа во претходниот период каде имаше вработувања. Луѓето се исплашени дека ќе останат на улица.Конкретно сега за Гевгелија, се смета дека најмалку 30 медицински сестри ќе останат без работа, а огласот кој пред малку го спомнав зборува за нови вработувања на медицински сестри, на физиотерапефти, на болничари, хигиеничари, дури и на еден доктор на интерно одделение, доктор од општа пракса, а знаеме дека на интерно одделение може да работат само лекари специјалисти и супспецијалисти. Очигледно е дека во состојба кога треба да се спроведе приватизација и кога овој болен процес треба конечно да заврши, уште повеќе се отежнува овој процес со вработувања на нови луѓе. Тврдењата на повеќе граѓани од Гевгелија, со кои разговарав и кои ми укажаа на ваквите вработувања, кои знаат со име и презиме на кои членици на локалниот огранок на СДСМ ќе бидат вработени луѓе, меѓутоа тоа сега тука не би го зборувала. Важно е дека една е заложбата која толку време Владата ја зборува, а сосема друго прави, неколку месеци пред изборите. Зошто со ваквата постапка ги зголемувате негативните последици од реформите во здравстве сектор кои ќе се одразат и на квалитетот на здравствените услуги на граѓаните на државата и сигурно овие последици нема да ги заобиколат ни овие ново

вработени кои, секако и тие многу добро ќе ја осетат реформата. Колку вработени има во последните три месеци во Министерството за здравство, колку вработени има со договор на дело, колку ново вработени имате во последните три месеци во Фондот за здравствено осигурување, колку во болниците во државата и уште колку вработувања планирате да спроведете во здравствениот сектор, до моментот додека не кажете дека дефинитивно го приватизиравме здравствениот сектор. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е за Градската болница во Скопје. Прашањето е, каква ќе биде судбината на Градска болница Скопје, бидејќи многу пати слушавме, имаше и барање до нас. Пратениците, да си остане статусот односно Градска болница да си остане таму каде што е, а ставот на Министерството за здравство и на Владата беше да се дислоцира во Воената болница, бидејќи од тогаш помина многу време. Значи, дали ја преиспитавте оваа ваша одлука и кој е вашиот конечен став во однос на статусот на Градската болница.

Третото прашање исто така се однесува за Министерството за здравство.

На барање на голем број граѓани од Крива Паланка кои и денес ме посетија овде во Собранието, ме известија дека имало соберено 10.000 пописи од граѓаните од Крива Паланка за останување на Медицинскиот центар во Крива Паланка со пет болнички одделенија, во склопот на овој Медицински центар. Ми беше кажано да ве потсетам дека за време на кампањата за локалните избори и господинот Бучковски и господинот Владо Димов пред граѓаните на Крива Паланка дале ветување дека сите пет болнички одделенија ќе останат, само што нивната работа ќе биде редуцирана за 50%. Меѓутоа, после тоа им дошло решение, одкако беше избран градоначалникот од коалицијат ана власт, со кое се укинува одделението за невропсихијатрија и детското одделение, а исто така сте ветиле дека ќе се модернизира и брзата помош, а такво решение воопшто не било спомнато во решението кое пристигнало. Нивната запрепастеност е до толку поголема што и покрај собраните потписи, и покрај упорните барања да стасаат до вас на разговор, не биле примени, како што ми кажаа. Нивното прашање е дали ќе го исполните вашето предизборно ветување и дали болницата во Крива Паланка ќе остане со петте одделенија, редуцирани со 50% капацитетот на леглата, болничкиот капацитет да биде само редуциран со 50%, но сепак да остане и невропсихијатрија и детското одделение. Тоа се трите прашања до министерот за здравство.

**Љупчо Јордановски:** Сите три прашања се до Министерството за здравство.

Повелете господине Димов.

**Владо Димов:** Благодарам за поставените прашања од страна на пратеничката Бонева и би сакал да и одговорам, би сакал да одговорам и на одредена загриженост која се пласира во јавноста, а сакам да добијат одговор кој вистински базира на реалноста, а не на она што се шпекулации и дневно политички толкувања.

За првото прашање околу вработувањето во здравството, да кажам дека вработувањата во здравството кои беа некаде на ниво од 24 или 25 илјади луѓе, денес се на 21 илјада, при што морам да кажам дека во изминатите три години имаме секој ден пензионирање на здравствени работници и при тоа пензионирање нема правило. Можеби во одредени структури имаме работници кои би биле вишок, меѓутоа тоа е претежно во делот на администрацијата, додека во делот на здравствените работници постојано се јавува потреба од нивно вработување на места кои не можат на друг начин да се пополнат, освен да се примаат вработени од надвор. Според тоа морам да ве уверам дека овие вработувања што се прават се неопходни вработувања, не претставуваат исполнување на барањата на здравствените институции,бидејќи тие во принцип ако бараат повеќе, го образложуваат минималниот број, оној што е неопходен за функционирање на установата и на тој начин се вршат вработувањата.

Во делот на стравот од тоа дека можеби овие вработувања ќе овозможат да се зголеми или да се создаде технолошки вишок во поглед на реформите и дека таму се крие стравот на вработените дека може да останат без работа, можам да ви кажам дека процесот иако е многу тежок, сложен и одговорен и процес кој за прв пат се случува кај нас во делот на општата медицина, особено процесот вие што велите на приватизација за давање под закуп и приватизација на примарната здравствена заштита. Значи сето тоа се одвива по програма која води сметка токму за тоа да нема вишок на вработени и сите вработени кои нема да одат во делот на приватизација, да бидат опфатени во делот кој и понатаму ќе остане под јавна капа, како што е итната медицинска помош, превентивната дејност, потоа патронажата и др. Тоа најдобро ќе биде потврдено, тоа што сега го зборувам и со процесите кои секој ден треба да отпочнат во градовите кои се готови со програмата за да се спроведат реформите во тој дел. Не се декларативните заложби само на Министерството за здравство, туку фактички се такви, таков ни е приодот и не само овие што ги примаме и оние што веќе се затекнати вработени, навистина нема да дозволиме здравствените работници да останат без работа.

Уште еднаш кажувам дека тоа што се прима сега е она што е неопходно за извршување на дејноста на институциите, за дејноста што ја имаат, за дежурствата и за целиот тој работен процес кој е потребен. За жал, потребни ни се луѓе и ние тие

луѓе мора да ги примаме и ги примаме исклучиво по тој критериум, водејќи апсолутно сметка дека тие нема да влијаат на тоа што претпоставувам пратеничката ја пренесува загриженоста на луѓето дека можеби тоа ќе придонесе да останат луѓето без работа. Ние по програмите што ги имаме сега и таму каде ни се јавуваат проблеми за еден, двајца или тројца луѓе наоѓаме начин како да ги сместиме и искористиме во мрежата на здравствените институции кои и натаму остануваат под јавна капа.

**Љупчо Јордановски:** Одете на второ прашање?

**Владимир Димов:** Што се однесува до тоа, како потпрашање го разбрав јас претседате , прашањето беше за Гевгелија, наведена како пример. Можам да ви кажам дека Гевгелија е малку поспецифична од другите бидејќи во Гевгелија се сиздадоа не две, како што е обично Медицинскиот центар, здравствени институции , односно болните и Здравствен дом, се создаде и посебна болница како одделен ентитет, тоа е болницата за душевни болести. Ве уверувам дека и таму потребата од вработување е онаа која што е минимална и се базира исклучиво како и за сите вработувања само врз основа на пензионирања и напуштање на работа по било кој основ во 2005 година.

Што се однесува до вашата интервенција дека на местото на интерно одделение се прима општ лекар, тоа е сосема разбирливо, бидејќи тоа постои по систематизацијата која што ја има здравствената институција таму и се прима лекар. Јас не го знаам случајот, меѓутоа веројатно лекар кој што е или секундарец иои е во тек на специјализација или кој што треба да специјализира за тоа одделение. Мислам дека тука нема навистина ништо чудно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева. Повелете изјаснете се дали сте задоволни.

дали имате дополнително прашање.

**Силвана Бонева:** Не сум задоволна од одговорот.

Министерот сакаше да не убеди дека овие вработувања се неопходни вработувања бидејќи се резултат, значи најголемиот дел од нив, на пензионирањата на досегашните вработени во здравството. Значи само тоа е основот за новите вработувања. Тогаш ќе сакам да знам и најверојатно написмено тоа ќе треба да биде доставено, колку здравствени работници се пензионирани, колку огласи за пополнување на ваквите испразнети работни места се објавени, да знаеме колку се тие неопходни вработувања и во кои здравствени организации, по колку нови вработени имаме вработено, бидејќи 2002 година кога дојдовте на власт и ако беше укажано дека има потреба од здравствени работници кои што се носители на дејноста вие голем дел од нив избркавте со образложение дека имаме преврботеност во здравството, а сега велите дека се неопходни вработувања во здравството. За да бидеме убедени јас би сакала да имам еден ваков преглед, дали врз основа на пензионирањата кои што се направени во здравствениот сектор се прават овие нови вработувања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи бара на писмено така ќе го доставите и барањето и ќе го проследиме до Министерството за здравство.

Второто прашање е Градска болница, поточно иднината на Градската болница.

Повелете министре.

**Владимир Димов:** Бидејќи сме во реформи, а реформите значат дека имаме таква здравствена мрежа каква што имаме, знаете дека потпишавме договор со Светската банка, усвоивме акциона програма во која ќе се спроведуваат реформите во здравството. Таквите реформи во здравството опфаќаат регулирање или утврдување на здравствена мрежа на здравствените установи во државата. Од тој аспект сигурно дека мора да се водиме од степенот на искористеност на здравствените институции и секако не ние , туку било кој да е, основната работа која ќе се води е пред се рационализација во објектите за да не бидеме доведени во ситуација да ги рационализираме луѓето, бидејќи објектите сами по себе имаат своја цена на чинење и цена на одржување.

Сакам само да кажам дека имаме изработено елаборат за тоа што значи искористеноста на Градската болница колкава е, а таа под 50%, колкава е искористеноста на Воената болница и ова прашање во овој момент не го отвораме чисто заради тоа што тоа ќе биде дел од работата што ја имаме во делот на утврдувањето на здравствената мрежа што ни претставува обврска дека мора да се изрработи до крајот на оваа година и тоа е зацртано со реформите.

Според тоа, не се отстапува од никаква одлука, не се прејудицира никаква одлука, секоја одлука која ќе биде донесена, ќе биде донесена во функција на реалните податоци и бројки што кажуваат каков е начинот на работењето, кои се реалните потреби на населението и врз основа на таквите потреби во решението за донесување на здравствената мрежа ќе се донесе дефинитивна одлука за Градската болница.Никогаш таквата одлука не била ставена на маса да одлучиме преку ноќ, одеднаш, напротив е предмет на голема елаборација и на заокружување на потребите на Градот Скопје од една сериозна и комплетна Градска болница. Според тоа решение ќе биде тогаш кога ќе дојде на ред со потполна елаборација и ќе се решава во склоп со решавањето на здравствената мрежа во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева дали сте задоволни, немате коментар.

Третото прашање за болницата во склоп на Медицинскиот центар во Крива Паланка. Повелете.

**Силвана Бонева:** Вие знаете дека подолго време болницата во Крива Паланка се актуелизира како проблем и ние имаме јасно согледување дека тоа до вчера беше всушност Медицински центар и дека согласно промените во Законот кој што се од април 2004 година, се врши трансформација на здравствените институции, спрема потребите, спрема големината , потребите на населението и кадровската екипираност. Проблемот со болницата во Крива Паланка е сосема јасен, искористеноста на болницата е 20 % вкупно. Толку е искористеноста на болницата и на болничките кревети, и ако навлеземе во реалнита искористеност можеби ќе добиеме уште по мал податок.

Меѓутоа, како и да е . Во болницата и односно за проблемот за болницата постојано како соговорници имаме невладина организација , имаме организација која што реално, незнам колку е компетентна тоа да го прави, додека постојано сме во контакт и постојани се разговорите со раководните луѓе на локалната самоуправа , со раководните луѓе на здравствената институција. И при тоа заради спецификацијата на Крива Паланка и територијата што ја покрива точно дека е кажано дека иако е здравствен дом Крива Паланка ќе добие право да има болнички постели во многу редуциран и реален број кои ќе ги покриваат токму овие пет области кои што пратеничката ги спомена . Значи со ништо не сме отстапиле од она што сме го кажале првично, со тоа што само е редуцира бројот. Сосема е јасно дека ако имаат еден хирург, ако имаат еден анастезиолог, нормално дека неможе да се одвива континуирана дејност во тој дел и потребите што ги имаат. Меѓутоа, она што ние сме го ветиле на тоа и ќе останеме и во тој поглед се нема ништо променето. Мислам дека се прават обиди да се политизира прашањето, а за тоа нема потреба, бидејќи сосема е јасно дека овие пет одделенија, заедно со, тука би додал, породилиштето кое никогаш не е доведено во прашање во Крива Паланка, ќе си остане во функција така како што било, освен што бројот ќе се редуцира од разбирливи причини затоа што бројот на креветите што се таму во овој момент навистина се прекубројни и нема потреба од нивно непотребно одржување.

Инаку, уште еднаш потенцирам дека сите здравствени субјекти одговорни во општината, се во тек дека никогаш не било доведено во прашање укинување на она што сме им го ветиле. Она што чувствуваме дека е потреба да остане, меѓутоа во рамките на она што се вика потребен број на кревети. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине министре воопшто ништо не кажавте за укинување на одделението за невропсихијатрија и детското одделение. Значи вие зборувате за тоа што сте ветиле дека ќе останат петте одделенија со редуциран број на болнички кревети. Но, што станува со тврдењето дека има решение од Министерството за здравство дека се укинуваат овие две одделенија. Токму поради тоа протестираат овие луѓе, не протестираат заради тоа што ви е сте го одржале ветувањето дека ќе има пет одделенија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи имаше додатни прашања иако неексплицитни, повелете господине министре.

**Владимир Димов:** Почитувана госпоѓа Бонева, јас не мислев дека треба да навлегувам во толку длабока елаборација на ова меѓутоа бидејѓи ме прашувате и бидејќи претпоставувам дека тоа е дел од интересот на таа јавност, ќе ви го кажам следното:

Во договор со целиот докторски колегиум таму договорено е дека одделенијата ќе работат во склоп на два големи оддела.

Тоа ќе биде Одделот за згрижување на хирушките заболувања и Одделот за згрижување на интернистичките заболувања и во склоп на таквите одделенија, бидејќи никаде нема потреба од поголем број од она што ние го велиме дека десетина кревети на по двата оддела ќе го задоволат бројот на потребите на такво болничко лекување на тие области, значи сме се договориле дека третманот ќе го поделиме и тоа само интернистичкото одделение е нешто поголемо од хирушкото дека во таквиот дел и таквиот третман ќе се одвива болничкиот третман на болните по категории на интернистичките гранки и на хирушките гранки.

Според тоа, сосема е јасно дека можноста за болничко лекување и на овие категории кои ги споменувате остануваат на начинот и организацијата што ви ја кажав сега. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Дохчев вие сте на ред, 10 минути, три прашања.

**Сашо Дохчев:** Ви благодарам, почитуван претседателе, почитуван премиере, членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми да поставам три пратенички прашања. Еве да ја искористиме актуелноста на министерот за здравство, па првите две прашања ќе му ги поставам нему, а третото ќе го псотавам до Министерството за правда.

Првото прашање гласи:

Прво образложение:

На 27 ноември 2000 година со Одлука на тогашната Влада на Република Македонија со ребаланс на Буџетот, а по повод на реализација на приоритетни проекти во здравството опфатени со Програмата за намалување на сиромаштијата во Република Македонија на Министерството за здравство му се доделени парични средства во

висина од 276 милиони денари или во наши пари 5 милиони евра.

Средствата се пристигнати во Министерството за здравство на 27 декември 2000 година за да истиот ден се префрлени на 10 приватни фирми со директно спогодување односно без проверена постапка за јавни тендери.

Ако ве интересира го имам списокот на тие фирми, еве некои ќе прочитам.

Евротим-Скопје- 3 милиони денари, Сони-Скопје - 5 милиони денари, Илинден - 18 милиони и ова е интересно два пати на Радо-Банка -Филијала-Бобан 40 милиони- Филијала -Бобан 7 милиони и така натака, има цел список.

Со сите овие фирми се склучени договори во месец декември 2000 година за што не се добиени никакви фактури односно извештаи за извршени работи, ниту е подготвен извештај од страна на Министерството за здравство за реализација на оваа Програма.

Овие податоци се земени од официјалниот ревизорски извештај кој е направен од овластениот Државен ревизор Станка Блажевска, објавен на 7 јули 2004 година.

Конкретното прашање гласи:

Дали во Министерството за здравство имате согледувања за ваквите злоупотреби и неправилно финансиско работење во тој период во Министерството и дали ќе се преземат активности за санкционирање на истите?

Второто прашање е до министерот за здравство.

Прашањето гласи:

Дали е можно што побрзо иако, рака на срце, се преземаат одредени чекори од страна на Министерството за здравство да се санира една несакана и крајно непријатна појава, пред се, за пациентите, а и за докторите од Клиничко-болничките здравствени установи која е присутна веќе петнаесетина години наназад.

Имено, за што станува збор?

Во болничките здравствени установи ширум земјата како да постои хроничен недостаток на некои медицински помагала потрошен хирушки материјал, сонди, стентови, протези, стетлери, материјал за лапароскопска хирургија, некои видови цитостатици и т.н. Затоа докторите се ставени во една незавидна положба и се принудени да ги праќаат своите пациенти во големите веледрогерии ширум државата како што се на пример фирма-Пановски, ПРО-Медика, Зегин и други, да не ги набројувам да набават со сопствени средства кои некогаш не се така мали овие неопходни, за нив, материјали за успешно да биде изведена некоја интервенција односно некој оперативен зафат или да се спроведе успешно интернистичко лекување.

По завршеното лекување постапката продолжува со издавање на конзилијарно мислење и потврда од страна на болницата со која на пациентот му се рефундираат 80% од износот на сопствено вложените парични средства од страна на Фондот за здравствено осигурување.

Повеќе е од јасно дека се работи за сложена, долготрајна и макотрпна постапка и на овој начин не само што се малтретираат пациентите кои се регуларно здравствено осигурени, туку се оштетува и Фондот за здравствено осигурување исплаќајќи значително повисока сума на парични средства на осигурениците, бидејќи секоја малопродажна цена на потрошните здравствени материјали набавени во спомenатите веледрогерии е многукратно повисока од цените на тендерите направени за истите потрошни материјали во болничките установи.

Ако ми дозволите едно потпрашање, дали во Министерството за здравство имате првични согледувања иако знам дека е сеуште многу рано за вакви оцени за новиот начин на финансиско работење преку таканаречено буџетирање на јавните здравствени установи што практично значи ограничено трошење на финансиски средства за тековно работење.

Ова, по мое мислење, ќе придонесе за многу подомаќинско и поекономично работење при што би требало да дојдат до израз индивидуалните менаџерски способности на директорите на клиниките и болниците што практично значи дека ќе се води сметка буквално за секој потрошен лек, секогаш имајќи го на ум фактот дека ни во еден момент не се доведе во прашање успешноста на лекувањето на пациентите почитувајќи ги важечките доктринарни ставови.

Третото прашање ќе го псотавам до Министерството за правда, до заменикот министер.

Прашањето гласи:

Дали пратениците, со оглед на тоа дека имаме статус на професионалци, можат да членуваат во управни одбори на разни институции во државата и дали можат да склучуваат професионални договори за дополнителна работа со јавни и приватни установи кои носат лична материјална профит.

Образложение:

Прашањето го поставувам со најдобра намерна цел да се разјасни оваа дилема, што подолго време провејува во јавноста и побудува особен интерес. На пример.

Во моментот двајца актуелни пратеници се членови на Управниот одбор на Фудбалскиот сојуз на Македонија, а еден пратеник има склучено професионален договор, веројатно со парична надохнада, претпоставувам за дополнителна работа со приватната здравствена установа Филип - 2, и згора на тоа дури и јавно се рекламира преку електронските и печатени медиуми. Иако немам доволно правно познавање, мислам дека ова е во директна спротивност со членот 6 и ставовите 4 и 5 од важечкиот Закон за избор на пратеници донесен во јуни 2002 година, па затоа го замолувам заменикот министер да ни

ја разјасни оваа дилема. За да биде прашањето подобро поткрепено ќе дозволите интегрално и да ги прочитам овие ставови од членот 6.

Ставот 4, функцијата пратеник, е неспоива со извршување на стопанска или друга профитна дејност.

Ставот 5, функцијата пратеник е неспоива со членување во управни одбори, на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со избор на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Дохчев.

Првото прашање до Министерството за здравство.

Повелете господине министре.

**Владимир Димов:** Благодарам претседателе, како министер за здравство запознаен сум со случајот од истиот извор како што спомна пратеникот, поточна од ревизорскиот извештај во 2004 година. Точно е дека по Програмата за сиромаштија се префрлени на 27.12.2000 година, врз основа на ребалансот, во Министерството за здравство 276 милиони денари кои во наредниот ден се префрлени, сега не можам точно да кажам, бидејќи ги немам тие податоци, на неколку приватни фирми и точно е дека во делот каде е посочено дека постои непокриеност со договори, дека постои непокриеност со фактури за извршени работи и непокриенсот на начинот на префрлање во незаконска постапка, тоа е точно, има такви констатации, меѓутоа, за да биде целосна оваа информација како што ја бара пратеникот ќе морам да доставам вописмена форма за да може да биде и комплетна и прецизна.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи рековте во писмена форма, и второто прашање е до вас господине министре.

**Владимир Димов:** Што се однесува до проблемот кој пратеникот го посочи, тоа се сериозни проблеми во здравството, тоа се едни од најсериозните делови од реформите кои ги спроведуваме.

Имено, не од други причини, туку токму поради овие причини реформите секогаш односно овие кои ние ги правиме одат во насока на тоа дека ние мора да направиме услови и тоа го правиме со повеќе активности на кои накратко ќе се осврнам да имаме апсолутно одржливо здравство, одржлив здравствен систем онолку колку што се можностите, а притоа да се исполнуваaат обврските спрема најголемиот дел од граѓаните на Република Македонија со цел за зачувување и подигање на нивната здравствена состојба.

Токму во насока на оваа работа е утврдување на буџетите, бидејќи буџетите на здравствените институции кои произлегуваат од потребите кои тие треба да ги спроведат како сервиси во здравството, како и потребит ена граѓаните, меѓутоа, по еден редослед, потреба и приоритети треба да овозможат токму ова преземените обврски спрема граѓаните како обврска што треба да се направи кон нив во обем и број треба да биде целосно испочитуван.

Имено, на овие буџети, иако беше поставено како потпрашање, целта на овие буџети е дополнување со договорите кои во овој момент се подготвуваат и во кои бројот на интервенциите, бројот на сервисите кои треба да се направат се ограничени и се ограничуваат во текот на цела година и на тој начин да се овозможи овие средства правилно да се распоредат за да не се наоѓаме во ваква состојба во каква што реално се наоѓа нашето здравство.

Инаку, дека потребите во нашето здравство растат стихијно, може да се покаже и од следниот податок.

Имено, Република Македонија во минатата година само за лекување на болни со малигни заболувања односно цитостатици има потрошено 10 милиони евра што е огромна количина на пари, огромна количина на лекови за една бројка од околу 2 илјади пациенти кои перманентно се лекуваат во текот на една година. Само да напоменам дека немањето на правила на извршување и воведување на скапите лекови се причина кои довеле до оваа состојба. Еден од примерите кој ќе го наведам е следниот дека Комисијата во Фондот за здравство во 2004 година има констатирано дека потрошените цитостатоци на една од нашите клиники која се бави најмногу со таа дејност достигнува 420 милиони во таа година и веднаш е даден налог да се симне тоа најмалку за 20%. Меѓутоа, тоа се случи за најмалку 20% симнување и наредната 2005 година имаме каде таа бројка достигнала до 600 милиони и покрај тоа сеуште се судираме со податокот дека нема, дека не е доволно, што мораме да знаеме дека постои граница на инвестициите, граница на средствата кои можат да се вложуваат во здравството.

Целта на овие буџети комплетирани заедно со договорите како што тоа функционира во сите земји и на Југоисточна Европа и во сите земји во светот е целно и точно да се утврди кои ќе бидат обврските, колку ќе бидат на број за да можат со буџетите тоа да го исполнат. Сосема е јасно дека не секоја интервенција е итна интервенција, постојат многу голем број на интервенции кои можат да се планираат.

Што се однесува до набавките на начин на кој дирекно се набавуваат потрошните материјали, мислам дека е исто така едно комплексно прашање, се согласувам дека кога тоа би било на тендер цените би биле многу пониски, граѓаните би имале многу помала обврска да ги плаќаат и се работи токму на таа работа.

Спроведувањето на овие буџети и на овие договори е една многу специфична работа во која

се прават бројни обуки како во Фондот за здравство така и во здравствените институции, тоа е дел од проектот на Светската банка во која менаџерите на нашите здравствени институции се едуцираат околу начинот како ќе ги менаџираат установите во услови на вакви буџети.

Целта е токму овие девијации, токму овие можеби преголеми желби што ги имаме во однос на оние средства кои ги имаме во здравството со реформите да се процедурираат, да се воведат во ред да можат да се планираат и да се сопре најопасниот процес кој сега постои во здравството во Република Македонија, а тоа е секоја година се кумулираат нови и нови загуби кои неминовно во еден момент се закануваат да го доведат во опасност здравствениот систем.

Ова што суштински е напоменато, напоменати се последиците, меѓутоа, суштински тие се менуваат со спроведувањето на реформтие кои се во тек. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Дохчев, дали сте задоволен од одговорот?

**Сашо Дохчев:** Задоволен сум, само ќе истакнам дека ова се всушност првите реформи што се прават воопшто во државата и се надевам дека што побргу ги завршиме се со цел во интерес на граѓанит еи на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање до Министерството за правда.

Има збор заменикот министер господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Благодарам, се знае дека од 2002 година се применува Законот за избор на пратеници. Пратениците треба да ја вршат функцијата професионално и неслучајно членот 6 кој го прочита пратеникот Дохчев, дека не му се дозволува на пратеник да биде член на управните одбори или да склучи приватни договори кои носат финансиски средства во полза на еден таков избран.

Понатаму, во Законот кој беше во прва фаза исто така предвидуваме ваква функција, па за поопширна интерпретација на ова за да биде јасно за да ги проучиме сите други работи тоа што се бара од пратеникот, ќе одговориме писмено.

**Љупчо Јордановски:** Господине Дохчев, дали имате коментар за првиот дел, а второто писмено ќе ви биде доставено.

**Сашо Дохчев:** Добро, задоволен сум, нека одговори писмено.

**Љупчо Јордановски:** Следниот пратеник за поставување прашања е господинот Михајло Георгиевски. Повелете имате 10 минути за три прашања.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, членови на Владата,

Дозволете ми да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Садула Дураки.

Владата на Република Македонија во Буџетот за 2006 година издвои срамни средства од народни пари за финансиска поддршка на земјоделието.

Висината на овие средства изнесува 7 милиони евра или околу 5 пати помалку од дозволените од Европската унија и Светската трговска организација до 33 милиони евра буџетска поддршка за поттикнување на земјоделското производство.

Со интерна одлука на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одобрените средства за 2006 година за премие по хектар на јачмен, сончоглед, пченица, шеќерна репка не можат да земат земјоделци што имаат земено земја под закуп или концесија, а не ги платиле обврските кон државата за користење на земјиштето.

Ова е дирекна уцена на земјоделците, а примената на концесионите плаќања е плаќањето концесија беше оквалификувано од претставниците на ова Министерство како недозволена работа.

Во 2005 година севкупното плаќање кон индивидуалните земјоделци и земјоделски претпријатија се врши со компензации и цесии. Дали тоа не е хипокризија? Сега се задржуваат пари што државата мора да ги има да им ги даде прво на земјоделците како премија по хектар, а дури потоа да бара да платат концесија.

Прашањето гласи:

Кога оваа пракса ќе престане и Министерството да се однесува како империја на кое му е важна само наплатата на своите побарувања, а своите обврски ќе ги плати тогаш кога Министерството тоа ќе го посака.

Второто прашање е за министерот за економија Фатмир Бесими.

Деновиве прочитав во средствата за јавно информирање дека британско-канадската компанија "Танкерс-Петролеум" се обратила со писмо до Владата на Република Македонија дека е заинтересирана да врши истражувања на нафтени полиња во Република Македонија.

Инаку, за економскиот интернет - портал го изјави македонскиот амбасадор во Лондон Ѓорѓи Спасов. Тој потсетува дек апред 30 години во Тиквешијата и Овче Поле се правени нафтени истражувања кои покажале дека во тие падини има околу два милиони нафта. Тогаш проектот е напуштен бидејќи барел нафта чинел само два долари, а деновиве барел нафта се продава за 67 долари. Интересно е да се спомене и тоа дека компанијата "Танкерс-Петролеум" веќе бара нафта во нашата соседна земја Албанија.

Прашањето гласи:

Дали Владата на Република Македонија преку своето Министерство за економија ја повика

британско-канадската компанија да изврши истражувања и конечно дали ќе почне да се вади нафта од Република Македонија и да се спаси од сиромаштијата што во моментот ја достигнува својата кулминација?

Третото прашање е до министерот за култура Благоја Стефановски. Го поставувам прашањето за обновата на стражарницата на Камениот мост и обновата на стариот театар паднат за време на скопскиот земјотрес 1963 година. Секогаш добивав одговор дека стражарницата што претставува главен белег на Камениот мост ќе се направи, но ете до денеска ништо од тоа и засега Камениот мост што претставува белег на Скопје и голем споменик на културата изгледа грдо, како некоја штрба баба. Инаку, во средствата за јавно информирање дознав дека понудена е и донација од Република Турција за таа намена. А од обновата на стариот театар до сега нема никаква трага.

Прашањето гласи: Кога конечно ќе се обнови стражарницата на камениот мост и стариот тетар во Скопје, што се наоѓа на левата страна од Вардар, во близина на Камениот мост. Благодарам, тоа беше.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓоргиевски.

Првото прашање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заменик министерот, господинот Санде Џамбзовски. Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе. Владата на Република Македонија, се разбира во тие рамки и Министерството за семјоделство, шумарство и водостопанство при секое трошење на буџетски пари мора да се има одредени критериуми, односно да се спазуваат сите законски норми како можат да се трошат парите. Програмата за 2005 година беше за поттикнување на развојот на земјоделието сведено на плаќање по единечна мера, односно по грло или по хектар површина. По таа програма има право на средства сите оние кои што имаат сопствена површина земја и сопствен добиток се разбира, или ако имаат договорено односно договор за закуп на државно земјиште или договор за закуп со друго физичко лице. Значи тие имаат право на користење на ова.

По Законот за земјоделско земјиште и во критериумите се вели дека секој кој има земја или има договор за закуп за државно земјиште, треба да ги има измирено обврските према буџетот кои што произлегуваат од закупнина на земјоделското земјиште. Ние за да им помогнеме на тие земјоделци кои што не си ја платија обврската према Буџетот на Република Македонија, а по нивно барање, ние им плативме на нив, а тие платија на Буџетот. Што значи, тие ги искористија средствата по програмата со тоа што ги наменија тие истите средства да си ги подмират сопствените обврски во Буџетот кои што ги има за концесија за плаќањена земјоделското земјиште, што значи дека овде само ние излеговме во пресрет да им помогнеме на тие правни или физички лица кои што изразија желба така да им се наменат парите, бидејќи само така можат да го зачуваат и земјоделското земјиште, бидејќи ако не платата за закуп, треба да им се раскине и договорот. За да не им се раскине договорот, по нивна желба тоа го направивме, им излеговме во сусрет на овие претпријатија кои што имаа земјиште под закуп. Така да сметам дека ова ќе го задоволи господинот пратеник. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Ѓоргиевски дали сте задоволни или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Ѓоргиевски, повелете.

**Михајло Ѓоргиевски:** Од одговорот на заменик министерот Џамбазовски не сум задоволен.

Прво, на луѓето не им е платена премија за она што им е ветено и како може да барате да ви платат за концесијата што е издадена, а не им ги плаќате премиите. Значи прво треба да даде Министерството премии а потоа да бара тие да му дадат. Не може само еднонасочно. Значи, треба на луѓето да им се плати а потоа да им барате за она што имаат обврска да платат за концесијата. Да им се плати на луѓето она што е ветено според законот и она што им е ветено според Правилникот, тоа се бара.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски. Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Тоа се дезинформации дека не им е платено за онаа намена за која што средствата се наменети. Парите се платени за надомест, односно по Програмата за поттикнување. По желба на самите оние кои што имаа земјиште под закуп со спогодба потпишана од двете страни, побараа тие средства да се насочат во Буџетот за да си ги платат своите обврски што значи дека ние ниту тоа го направивме сами, ниту тоа го направивме присилно, него ние им плативме за обврските кои што ги имавме према тие претпријатија. А тие сами сакаа со спогодба направена, сами сакаа да си ги пренасочат средствата во Буџетот за да си ги задоволат своите потреби. Така да средствата ги имаат добиено, само тие ги пренасочија за да си ги измират своите обврски, ништо друго. Тоа е дезинформација дека средствата не се дадени наменски, односно за таа намена.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е до Министерството за економија, заменик министерот за економија Саша Андоновски.

Повлете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам потпретседателе. Оваа Влада има сериозен пристап кон странските инвеститори, притоа ценејќи ги ресурсите и отенцијалите на Република Македонија, и можам да му одговорам на пратеникот потврдно дека Владата го покани инвеститорот да дојде и да ги врши истражувањата во реонот кој што му е предмет на интерес.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Ѓоргиевски дали сте задоволен од одговорот или би сакале дополнително да прашате?

Има збор пратеникот Ѓоргиевски Михајло. Повелете.

**Михајло Ѓоргиевски:** Не сум задоволен од одговорот. Што до сега се чекаше, 30 години се чекше да ги покануваме, тие да се нудат. Требало вие да ги поканите, а не тие да се нудат сега, таа компанијата. Значи, тоа е прашањето, каде сте биле до сега, него чекате некој друг да ве нуди, да доаѓа сам да ви се нуди. Каде е вашата проценка дека нафта има во Македонија, да ги повикате тие компании и тоа до сега да се завршело. Тоа е прашањето.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е до Министерството за култура, заменик министерот за култура, госпоѓата Мелпомени Корнети. Повелете госпоѓа Корнети.

**Мелпомени Корнети:** Благодарам господине потпретседател.

На првото прашање кое се однесува на обновата на стражарницата на Камениот мост во Скопје, можам да го кажам следново. По уривањето направен е увидот на местото, прибирање на материјалот и е направен проект за обнова. Проектот е нарачан од претходниот градоначалник, господинот Пенов и тој е изработен. Значи стручна екипа на Градскиот завод тогашен, а сега Национален конзерваторски центар Скопје со експертска помош и поддршка од стручњаци од Турција. Меѓутоа во финансиската програма на градот, кој би бил финансиер на изведбата, тој го финансираше и санацијата на Камениот мост, средства за оваа година, според нашите информации не се планирани, значи се одлога обновата на стражарницата за 2007 година. Велам финансирањето на обновата на градежната работа е обврска на градот. Значи тука немаме повеќе надлежност од оној дел кој што е проектирање.

Што се однесува до обновата на стариот театар, се разбира прво би нагласила дека тоа е еден компликуван проект како и секој голем градежен објект кој е урнат а требе да се реконструира, при што се разбира првата фаза е стручно-научна во која се прави проектот за реконструкција, во која се анализираат функционираноста и оправданоста и потоа следи оној финансиски дел. До сега е завршена фазата на изработка на проект. Во тек се барање на можни финансиски опции. Доколку сакате повеќе детали, јас би предложила да подготвиме усмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господине Ѓоргиевски дали сте задоволен од одговорот на првото прашање, ова второто заменик министерот по сопсвена иницијатива си го одговори, иако ви беше четврто прашање вас. Повелете господине Ѓоргиевски.

**Михајло Ѓоргиевски:** Не сум задоволен од одговорот, бидејќи за обнова на Камениот мост дури имаме понуда-донација од Турција. Зашто не се ползува таа. Инаку грешка е што не се предвидени средства за обнова за оваа 2006 година. Кога веќе не е предвидено, тогаш да се ползува странската донација од Република Турција што ја нуди таа.

И друго, театарот. Стално се ветува дека ќе биде денес, ќе биде утре, еве нема ни детаљи од тоа. Значи едноставно оваа Влада не ја бива за ништо. Ни за театри, ни за нафта, ни за ништо.Значи, едноставно не ја бива Владата. Не ја бива комплетно.

**Слободан Најдовски:** Многу оштро, а за после тоа да се смејте. Не знам што беше целта.

Дообјаснување од заменик министерот за култура, госпоѓа Мелпомени Корнети. Повелете госпоѓа Корнети.

**Мелпомени Корнети:** Благодарам за можноста да дообјансам.

Прво, сметам дека сепак да се префрли одговорноста околу санација, односно обнова на стражарницата на Владата во момент кога објаснив дека финансиските обврски се на градот, мислам не е коректно, дотолку повеќе што и донациите кои се нудени, не се однесуваат на стражарницата, оттаму учество на градот неопходно. Значи критиката, односно сугестијата да се забрза обновата на стражарницата, треба да му се упати на градот.

И второ, околу театарот. Вие знаете дека театарот е голем многу амбициозен проект околу кој имаше и одредени јавни дебати и дилеми меѓу стручњаците за постапката за обнова околу нејзината целиасходнот и тн. тоа беше исто така еден период кој одзема време во реализација на таа идеја. Мислам дека тоа не треба да се смета за изгубено време, бидејќи е многу важно да се испитаат сите апсекти на еден таков голем зафат. Од таму не би рекла и тоа е неуспех, поради тоа што како веќе споменав во првиот дел кога добив збор, проектот за реконструкција е подготвен, што исто така е многу значаен дел од целокупниот зафат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За поставување прашања следен е пратеникот Емилија Костадинова. Повелете госпоѓа Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Почитуван господин потпретседател, почитувана вице премиерке, министри, заменици министри присутни од Владата на Република Македонија, колеги пратеници.

На денешната собраниска седнциа посветена на пратенички прашања ќе го искористам моето деловничко право да поставам три прашања, од кои првото е упатено до Владата на Република Македонија.

Во Виница повеќе од 25 години како е започната изградба на спортска сала која што сеуште не е завршена. Се прават напори истата да се заврши оваа година, но локалната самоуправа не може целосно да ги обезбеди потребните средства за нејзино конечно завршување и давање во употреба. Тоа нешто неоспорно ќе биде голем благодет за младите а и за сите граѓани во општина Виница за нивни спортски, културни и други активности, што сметам нема потреба пошироко да ги елаборирам.

Прашањето гласи: Дали Владата на Република Македонија од средствата што би требало да се добијат од дивидендата од ТЕЛЕКОМ, по завршната сметка за 2005 година, може по добивањето на целосна информација за степенот на незавршени работи на објектот спортска сала во Виница и потребните финансиски средства за таа конечно да се заврши, истите да ги планира од дивидендата и конечно по скоро три децении да се заврши тој капитален објект за Општина Виница.

Моето второ прашање го упатувам до Министерството за правда. Мислам тука беше присутен заменик министерот. Кратко образложение пред прашањето. На ден 6 мај 2005 година добив одговор од наведеното Министерство за текот на стечајната постапка на ЗИК "Брегалница" Виница, која е отворена во 2000-та година со решение СТ бр. 7 од 2000-та година.

На крајот од одговорот стоеше констатацијата дека во тој момент, значи месец мај, уште не е завршена постапката за парничување на имотот на еден објект во село Лаки и два објекти во село Градец, за кој што се води спор за утврдување правото на сопственост над стечајниот должник и дека од тие причини не е поднесен завршен извештај и завршна сметка, односно не е одржано завршното собрание на доверители.

По ова образложение го поставувам моето прашање кое гласи: Дали постапката за утврдување правото на сопственост на напред наведените објекти по изминување на седум-осум месеци откако го добив одговорот, сеуште не е завршена. И ако не е, зошто толку се одлоговлекува, при што нормално, се зголемуваат трошоците на стечајната постапка.

Имено, не се работи ниту за скапи објекти, ниту за толку комплициран случај истиот за да не може да се заврши побрзо и да се затвори стечајната постапка, која веќе е влезена во седмата година откако е отворена.

Моето трето прашање го упатувам до министерот без ресор, господинот Владо Поповски, бидејќи сметам дека таа област тој ја покрива. а 18.06.2004 година упатив прашање до Владата на Република Македонија кое гласеше: Дали Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, согласно заклучокот на Владата, заклучокот е од 16-та седница на Владата на Република Македонија, која што е одржана на 3.02.2003 година, со кој што заклучок истото беше задолжено од градежен аспект да направи ревизија во реализација на проектите финансирани од средствата од продажбата на ТЕЛЕКОМ и степенот на реализација на истите, како и ревизија на проектот, реконструкција на водоводната мрежа во Општина Виница.

Се до денес јас не добив одговор на тоа прашање и затоа повторно го актуелизирам и прашувам: Дали Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, согласно заклучокот на Владата, што погоре го цитирав, ја направи ревизијата на проектите што беа финансирани од продажбата на ТЕЛЕКОМ, меѓу кои и проектот реконструкција на водоводната мрежа во Општина Виница и кои се наодите ако истата е завршена. Ако пак не е завршена, зошто не е, кога има заклучок од Владата тоа да се направи. Сметам дека ќе го добијам одговорот што до сега не ми е доставен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија. Ќе одговори госпоѓица Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Ќе дадеме писмен одговор, бидејќи колку што се сеќавам овој проект неколку пати е почнуван, па запиран, големи средства се потрошени, некогаш и нерационално. Меѓутоа, прерано е да се каже дека Владата дефинитивно може да смета на некои приходи, па сега однапред да најавиме на кој начин ќе се трошат. Значи се работи за одлука која ќе се носи тогаш кога ќе биде јасно кои се овие дополнителни приходи на кои што Владата може да смета во текот на 2006 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Значи ќе добиете писмен одговор на прашањето.

Второто прашање е до Министерството за правда. Немаме присутен претставник од Министерството за правда. Ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до министерот без ресор, господинот Владо Поповски.

**Владо Поповски:** Почитуван потпретседателе, прашањето очигледно, по грешка е упатено до мене, но еве земам обврска на почитуваната пратеничка да и биде одговорено во писмена форма, многу пократок рок, од оној што со Деловникот е предвидено преку Министерството за транспорт и врски и преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** На третото прашање ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани министри, заменици, потпретседател на Влада, ако е тука некаде и претседателот на Владата.

Имам само две прашања и остатокот од времето би сакал да го искористам да образложам зошто ги поставувам и која е целта што сакам со нив да ја постигнам.

Првото прашање дословно го пренесувам онака како што се шпекулира во нашата јавност. Имаше ли во Република Македонија затвори на ЦИА. Или, да го поставам на еден малку подржавнички начин, поставувајќи го така да покажам дека дозволивме претерано да се шпекулира со ова и на несоодветен начин се однесуваме кон еден проблем кој секако, кога сме кандидати за членство во Европската унија, може да ни создаде непотребни проблеми.

Јас би го поставил тоа вака: дали нашата држава како активен учесник во коалицијата за борба против тероризмот со војници во Ирак и во Авганистан, на било кој начин ги прекршила своите закони и меѓународните норми и дали учествувала во било каков илегален облик за одбрана од најголемото зло во овој момент, а тоа е тероризмот.

Второто прашање ...

**Слободан Најдовски:** Се извинувам господине Чашуле, до кого го упатувате прашањето?

**Слободан Чашуле:** И двете прашања ги упатувам до Владата. Очигледно дека ова се прашања што одат на адреса на Владата, бидејќи се прашања кои го засегаат целокупниот склоп на функционрање на државата.

Второто прашање е што Република Македонија ќе стори да го затвори, за мене пренагласениот, случај кој израснува во афера која повторно ќе може да ни создаде непотребни проблеми, а тоа е случајот на господинот Ел Мастри. И на ова прашање трошиме безмерно многу време во нашата јавност, полемизираме со не до крај изведени податоци, ставови, општиме едни со други преку ад хок дадени изјави, прес конференции или случајни средби или не со медиумите.

Зошто ги поставувам овие две прашања?

Мислам дека најголема грешка правиме што кон нив соодветно и со сета државничка одговорност не се однесуваме, не ги отвораме и не ги затвораме таму каде што им е местото, а тоа е највисокиот законодавен дом, највисокото тело каде што е застапен суверенитетот на граѓаните на Република Македонија и повторно, како илјада пати до сега од оваа говорница ќе потсетам, отворањето и затворањето на ова прашање им го должиме прво на нашите граѓани, бидејќи тие ни го дале мандатот да ги вршиме работите што денес ги вршиме, а дури потоа врз релевантно согледување, отворање и затворање овде, да ги известиме нашите меѓународни партнери кои со право поставуваат прашања, кои не се до крај фундирани со факти, но сепак се поставуваат и бараат одговор.

Што сакам да постигнам со поставувањето на овие две прашања?

Би сакал ние како земја кандидат за членство во Европската унија со неодамнешната потврда на нашата кандидатура, обврзани да ја следиме доследно заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија, овие прашања мора да ги отвориме и да ги затвориме тука во Парламентот. Како?

Знаете што, државите имаат углед и ги ценат - нема суд за држави - врз основа на тоа како ги менаџираат проблемите со кои се соочуваат. Според тоа, мислам дека е крајно време да одговориме на овие прашања тука за нас и тоа на следниот начин. Ако на каков и да е начин сме имале учество, ние треба тоа да го кажеме и да го затвориме, со тоа што како земја кандидат за членство во Европската унија недвосмислено ќе се обврземе дека повеќе без следење на курсот што заеднички се договара нема да навлеземе повеќе во такви дејства и дека доследно безбедносниот дел, бидејќи овде е зафатен тој, безбедносниот дел од заедничката политика, ќе го следиме. Ако немало, треба недвосмислено и аргументирано да докажеме дека немало овде, па преку овој дом до нашите граѓани, па преку нашите граѓани до светот и повторно да се обврземе недвосмислено ќе ја следиме Европската унија онака како што доликува на земја кандидат за членство. Зошто? Заради тоа што во овој момент така наречената стара и така наречената нова Европа се соочени со овој проблем, предизвик, рецидив ако сакате наречете го, колатерален феномен на интервенцијата во Ирак и тие како земји членки ја водат оваа дебата и не би сакал ние сега, во отсуство на дециден став, наш однос и затворање на ова прашање, да се појавиме во таа нерамноправна битка, нерамноправна за нас како колатерална штета и како кандидат кој сега мора да се труди своите идни партнери во Европската унија да ги убеди дека е држава од респект, во состојба да генерира стабилност, квалитет и демократски односи, да не го троши своето време на сите можни начини освен на соодветниот, да докажува дека ова прашање не ја засега, дека за ова прашае нема докази, треба да се систематизира, треба да го докажеме. Не треба да криеме ако сме учествувале, оти сме држава која била изложена на агресија, сме држава која се борела со тероризмот, сме држава која и денес се бори со тероризмот и дека секој облик на секаква таква појава или секаква можна индиција заслужува наше внимание. Ако сме ги пречекориле меѓународните узансии и тоа треба да го кажеме

и за тоа треба да се носи одговорност. На тој начин ќе ја апсолвираме државата, ќе го затвориме ова прашање и ќе можеме да пристапиме кон крупната задача, а тоа е да ги убедиме нашите партнери во Унијата што побргу да ни почнат преговори.

Значи тоа е целта на моите две прашања, сакам да се симнат од просторот на шпекулација на кој се сосема и неодговорно отворени во нашата јавност.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

За првото прашање, одговорот ќе го даде министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Почитуван пратеник, одговорот е ваков. Јас ја ценам вашата загриженост, бидејќи навистина овој случај или овие случаи, како да кажеме, се врти веќе подолго време. Министерството за внатрешни работи информира дека тајни затвори од ЦИА, како што спомна господинот пратеник, или еве да кажеме од други странски земји или од други организации или домашни тајни затвори во Македонија нема.

Случајот Ел Мастри што го спомнувате е шпекулиран и неосновано доведен во врска со некакви наводни тајни затвори во Република Македонија. За ваша информација и за информација на македонската јавност, во текот на една година во Македонија влегуваат околу 3,5 милиони странски граѓани, значи 3,5 милиони странци влегуваат во Македонија. Бидејќи случајот беше актуелен, од проверките што ги имаме извршено до сега, според евиденциите на Министерството за внатрешни работи кои официјално се водат, соодветниот Ел Мастри се појавил на 31.12.2003 година, значи во очи на Нова година, влегол во Македонија, после проверката на патната исправа што му е направена и му е дозволен влез во Република Македонија. Истиот е излезен од Република Македонија, според евиденцијата на Министерството за внатрешни работи, на 23.01.2004 година на територијата на Србија и Црна Гора, поточно на делот Косово, значи во делот на граничниот премин спрема Косово. Други информации немаме. Јас сум свесен дека има многу кажувања, пишувања и слични работи.

Не е точно дека Министерството за внатрешни работи, односно Владата молчела за овој случај. Ние имаме испратено официјален одговор до европарламентарците уште во јули месец 2005 година и оваа година имаме повторно одговорено, пред воопшто да се одржи овој состанок на Европарламентот сега.

За одбележување е дека сите наводи, неосновани, дезинформации што се пласираат се засноваат на една изјава и за жал, добиваат тон дека е точна, иако истата тотално е непотврдена и неаргументирана. Друго во овој момент нема. Значи ние не сме молчеле до сега, како што има призвук. Присутни се натписи во весници и слично, зависи кој како го пласира тоа. Ние ова го кажавме. Дури овие работи што ги кажувам, дел од нив, излегоа во медиумите, се информираше односно имаше натписи дека се од неофицијални извори од Министерството за надворешни работи. Точно е, сме го информирале и Министерството за надворешни работи и Европарламентот и се друго. Тоа е тоа што го кажуваме. Ако треба нешто друго појасно да се каже, но во овој момент тоа е.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Господине Чашуле, со оглед на тоа што и двете прашања ви беа поврзани, одговорот го добивте и на двете.

Повелете.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине министер.

Не е важно дали јас како пратеник сум задоволен со одговорот и аргументацијата, важно е дали јавноста е задоволна. Јас мислам дека со прашањата и со одговорот почнавме да ја постигнуваме целта. Кажаното овде е со сила на закон. Затоа би сакал, за да бидам јас до крај задоволен, можеби да седнеме и сето ова да го систематизираме, оти од нас така ќе биде побарано и не би сакал пред ние самите самоиницијативно да ја завршиме работата, ова Собрание и јас како негов пратеник да бидам предмет на расправа на друго Собрание или на било чија Анкетна комисија. Подобро е господине министре ние овде меѓу себе вака и помирно и повжештено, но сепак овде и кај нас, и тоа ни е овластување и мое и ваше, да ги размениме работите и од тука со спакувано решение и заклучок на највисокиот законодавен дом на Република Македонија да му се преставиме на светот. Јас не се сомневам во вашите искази, вие сте министер, вие сте одговорен човек и вашиот интегритет доволен ми е за да верувам во кажаното. Но за да стане сега тоа акт на Република Македонија кој на Советот на Европа, на тие што шпекулираат, на тие што и во Советот на Европа шпекулираат, на тие што сакаат да ловат во матно, на тие што не знаат, тие се поголем број, практижно мнозинството на граѓаните на Европската унија, од чиј што скептицизам кон проширувањето на Европската унија зависи нашиот напредок, ним од овде на ваков начин, ако треба и на посебна седница, со посебен документ, со посебни заклучоци да му се презентираме на светот. Успехот ќе биде во што господине министре? Не вие мене да ме убедите и преку мене одговарајќи овде јавноста, туку да спакуваме еден документ и да кажеме дека Република Македонија е сериозна држава и кога ќе каже нешто и кога нејзиниот парламент тоа ќе го усвои како документ, треба да и се верува.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Продолжуваме со поставување пратенички прашања.

Следен за поставување е пратеникот Цветле Јанеска.

Повелете госпоѓо Јанеска.

**Цветле Јанеска:** Благодарам.

Почитуван потпретседател на Собранието, почитувана потпретседател на Влада, претставници на Влада, колеги пратеници,

Јас ќе го искористам своето деловничко право и ќе поставам две прашања.

Првото прашање по својата природа го упатувам до министерот за економија и до Регулаторната комисија за енергетика. Се работи за следново.

На територијата на општините Охрид и Струга функционира Меѓуопштинско јавно претпријатие "Проаква", основано од двете единици на локалната самоуправа, Охрид и Струга, во далечната 1997 година. Основната дејност на ова претпријатие е снабдување со вода за пиење и прехранбена вода на граѓаните од овие две општини, но уште позначајна е дејноста што ја обавува ова претпријатие и за што беше основано во далечната 1997 година е одведувањето и прочистувањето на отпадните води, а во функција на заштита на Охридското Езеро. На таков начин веќе ова претпријатие поприма и еден друг карактер односно појак, позначаен од обичен карактер на јавно претпријатие. Важноста на заштитата на Охридското Езеро произлегува не само од значењето на ова Езеро на национално ниво, туку и на меѓународно ниво заради неговите природни карактеристики, заради неговите ендемични живи растенија и животни, претежно ендемични, и истото не случајно е ставено на листата на светските природни реткости, односно е под заштита на УНЕСКО. Заштитата на Охридското Езеро се одвива преку еден сложен систем кој се состои од примарен колектор, од пумпни пречистителни станици кои се лоцирани по брегот на Охридското Езеро, од главна пречистителна станица која што има капацитет за 120 илјади жители и е прва од таков вид по својата големина на територијата на Република Македонија и секундарна, колекторска мрежа која што сакам да кажам е финансирана со местен самодопринос од граѓаните на овие две општини.

Сакам да потенцирам дека и покрај значајната поддршка што Владата ја дава во финансирањето за изградба на инфраструктурните капацитети за заштита на Охридското Езеро, и покрај донациите од странски донатори, сепак, ова претпријатие се соочува во последнава година со потешкотии од техничка одржливост на системот за заштита на Охридско Езеро. Не е доволно системот само да се изградува, да се доградува, туку тој треба исто така и квалитативно технички да се одржува. Цените на услугите што ова претпријатие ги применува во однос на корисниците на вода, одведување и пречистување на отпадните води, се меѓу највисоките во аналогните претпријатија во републиката.

Оттука и заклучокот е дека нема повеќе резерва и логика да се зголемуваат цените за вода за пиење на граѓаните, имајќи ја во предвид незавидната економска ситуација во која се наоѓаат граѓаните. Впрочем, и грев би било товарот за заштита на Охридското Езеро да падне исклучиво на граѓаните на Охрид и Струга. А што значи тоа, проблеми во техничкото одржување на нивото на овој систем за заштита на Охридското Езеро. Потешкотиите се што нема доволно финансиски средства за тековно одржување, за замена на дотраените делови и, што е најважно, за наплата на потрошената електрична енергија. Само еден податок колку да се има претстава, во последните пет години, до септември 2005 година, таа потрошувачка изнесува некаде во вредност од 70 милиони денари.Оваа потрошена електрична енергија е исклучиво за пумпните станици и главната пумпна станица, кои служат и се во функција за заштита на Охридското Езеро.

Оттука и го излекувам прашањето и го формулирам: дали Министерството за економија, во чии ресор е областа енергетика, како и Регулаторната комисија, можат да се заложат во тарифниот систем за електрична енергија, системот за заштита на Охридското Езеро, потрошената електрична енергија да ја плаќа според тарифа која ќе се востанови, ќе се предвиди како тарифа за наменски стратешки производи т.е. снабдување со вода за пиење и еколошка заштита на природни езера, што мислам дека е пракса во соодветни претпријатија во повеќе соседни европски земји.

Ова е долгорочна мерка за обезбедување на техничка одржливост на системот за заштита на Охридското Езеро, а воедно е и добра порака до меѓународните организации кои досега биле вклучени во валоризација на заштитата на Охридското Езеро како природна реткост и истите да се поттикнат во понатамошното донирање, како што се УНЕСКО, Светската банка, германската КФЕ банка и други. Во спротивно, мислам дека ќе се има негативно влијание врз општиот впечаток на Македонија во сегашниот тренд, за процесот за евроинтеграција.

Второто прашање го упатувам до министерот за образование, во случајот заменик министерот.

Имено, прашањето ми е, што планира да преземе ова Министерство за образование во врска со барањето што му е доставено од страна на Здружението на превозници во патниот сообраќај "Исток". Побарувањето е по основ на превоз на ученици и наставници во април-мај - јуни 2005 година, а податокот е дека износот е околу 60 милиони долари.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Првото прашање е до Министерството за економија, заменик министерот за економија Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам потпретседателе,

На пратеничката ќе и одговориме писмено.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на првото поставено прашање.

Второто прашање е до Министерството за образование.

Има збор заменик министерот за образование и наука господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине потпртседателе.

Точно е дека Министерството за образование и наука има еден долг во висина од понаша евиденција околу 50 милиони денари, на име на превоз на ученици за периодот од втората половина на април 2005 година, мај и првата половина на јуни 2005 година. Но, иако од Здружението на превозниците беа во неколку наврати во Министерството и го слушнаа образложението, јас ќе се потрудам повторно заради јавноста и на пратеничката исто така да и одговорам кои се причините, зошто до ова дошло и што ние всушност сакаме и кои инструменти ни стојат на располагање за да ги отстраниме овие проблеми.

Прво, овој долг е настанат заради лошото менаџирање од страна на училиштата како правни субјекти, кои што во тој период ги распишувале тендерите за превозник за ученици. Бидејќи биле констатирани различни неправилности и жалбени постапки до второстепена владина комисија по однос на изборот на најповолен понудувач за превоз на учениците, второстепената владина комисија во неколку наврати одлучувала за поништување на тие тендери, односно повторно рангирање училиштата повторно вршеле неправилен избор и дошло до одреден временски дисбаланс, така да во јули месец бидејќи не сме знаеле на кого да ги пренесеме средствата, средствата според начинот на трезорското работење биле одземени бидејќи не биле реализирани повеќе од 50% од предвидените средства. Значи тие средства неповратно отишле заради неправилното менаџирање од страна на училиштата. Анализите на нашите вработени, но имаше исто така и ревизорски извештај, укажаа на огромен број на случаи на неправилно работење во самите училишта. Од тие причини, еден од начините за отстранување на овој проблем во иднина е децентрализацијата. Бидејќи сега општината како основач односно сопственик на училиштата се јавува како распишувач на тендери, јас со задоволстсво можам да констатирам дека од 1 јули 2005 година непречно се одвива овој процес. Значи ние блок-дотациите ги испраќаме до општините и тие се реализираат навремено, превозниците немаат никакви потешкотии во тој поглед. Бидејќи средства за таа намена од поранешната буџетска 2005 година нема, а е утврдено дека навистина бесправно голем број на средства се потрошиле ненаменски бидејќи и самата висина по глава на ученик на надоместок била висока ние сега правиме дополнителна анализа на наредните блок дотации кои што ќе бидат доставувани до општините да се исплаќа долгот според одредена динамика од страна на општините преку блок дотациите кои што ќе бидат доставувани во 2006 година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Паљошковски Ѓорѓи.

Пред да му дадам збор на господинот Паљошковски сакам да ве известам со оглед на тоа што Владата од 17,00 часот има седница на Влада, тука ќе бидат дел од замениците министри кои што ќе одговараат на прашањата така да не поставувате забелешки зошто министрите не се тука.

Има збор пратеникот Паљошкоски Ѓорѓи.

Повелете господине Паљошкоски.

**Ѓорѓи Паљошкоски:** Почитуван потпртседателе, почитувани колеги, почитувани министри.

Моето прво прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањето гласи: Како се потрошени парите од 50 милиони денари што се одобрени од Буџетот на Република Македонија за прочистување на речните корита во Струмичкиот регион. Па го прашувам заменикот министер да ми одговори која фирма го доби тендерот, која фирма ги изведува работите и за колку пари. До каде е достигната работата и колку метри во должина се исчистени каналите и во кои места. Дали се наменски потрошени парите што беа доделени од Буџетот на Република Македонија од 50 милиони денари. Па го замолувам заменикот министер одговорот по можност да го даде во писмена форма.

Моето второ прашање исто така пак се однесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Како мисли да го разреши незадоволството на тутунопроизводителите од Струмичкиот регион, па и пошироко. Што протестираат повеќе од една недела и ги блокираат патните правци спрема Република Бугарија, патниот правец спрема Радовиш, патниот правец спрема Валандово. А сето ова е блокирано поради ниските цени на откупот на тутунот што изнесува од 70 до 100 денари по килограм и поради непридружување на договорот што го имаат склучено со откупните организации.

Во договорот им стои тутунот да се исплати во рок од 7 дена од денот на откупот, а додека откупните организазции рокот им го продолжуваат за 45 дена. Исто така, како мислите да го воспоставите слободниот протек на моторните возила што чекаат по 7 часа на ова ладно време заедно со тутунопроизводителите на -8 до -10 степени целзиусови. Владата за сега ништо не прави и ништо не гледа во тој однос и не презема ништо.

Моето трето прашање се однесува на Министерството за локалната самоуправа.

Како се потрошени парите од 550 илјади евра што се одобрени од КАРЦ-Програмата за општина Ново село поточно за населбата Ново село за измена на водоводната мрежа. Па го прашувам ресорниот министер да ми одговори на прашањето која фирма го доби тендерот, која фирма го изведува и за колку пари, до каде е достигната работата, до кога се планира да се заврши водоводната мрежа. Исто така од ресорниот министер одговорот и на ова пратеничко прашање сакам да го добијам во писмена форма.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паљошковски.

Првото прашање е до Министерството за земјоделие, водостопанство и шумарство.

Има збор заменик министерот за земјоделство, водостопанство и шумарство господинот Џамбазовски.

Повелете господе Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Што се однесува до првото прашање морам да кажам дека со ребалансот на буџетот успеавме да издејствуваме околу 50 милиони денари за чистење на Моноспитовскиот канал и дел од реката Струмичка река, каде што беше една од причините за предизвикување огромен број на штети од самите поплави. Тој канал не беше чистен повеќе од 20 години. Оваа година решивме да издвоиме средства и да го исчистиме тој канал бидејќи со тоа сметам дека ќе заштедиме, односно ќе им помогнеме на приватните земјоделци, не само приватните туку сите кои што се занимаваат со таа работа да се намалат штетите или да нема поплави како причина на нечисти канали.

Средствата се потрошени по тендер. Значи распишан е тендер по сите законски норми, на тој тендер се јавија поголем дел на фирми, тендерот за чистење на Моноспитовскиот канал го доби "Пелагонија" од Струмица. "Пелагонија" во Струмица како подизведувач јас не знам кој се земал, меѓутоа тоа е нивно право како ги земаат подизведувачите, ако треба за тоа можеме и писмено, за да не погрешам некоја фирма, писмено да го доставам.

Значи покрај тоа што е избрана фирмата а тоа е "Пелагонија" од Срумица, избран е и надзорен одбор кој што контролира начинот и количината на изработената работа која треба да се плати се разбира по објавениот оглас. Што значи одовде можам да потврдам дека ако средствата се наменски потрошени исклучиво во функција на елиминирање на поплавите во тој дел и тоа се покажа последните врнежи и се покажа дека во тој дел немавме поплави каде што беше исчистен каналот. Камо среќа да можеме секоја година да извојуваме по толку средства и да ги чистиме сите такви канали каде што се предизвикуваат одредени поплави.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Паљошковски дали имате дополнително прашање?

Има збор господинот Паљошковски.

Повелете господине Паљошковски.

**Ѓорге Паљошкоски:** Почитуван потпретседателе, од одговорот на заменикот министер делумно сум задоволен, но не ми одговори целосно на прашањето.

Јас прашав подизведувачите да ми ги каже кои се, до каде е завршена работата и колку има завршено. Сето тоа во неговото образложение што го рече тоа е познато, дека има јавен тендер, дека "Пелагонија" го земала, но подизведувачите кои се, колку имат завршено и колку пари имат земено, за оваа работа и дали е целосно завршена работата.

**Слободан Најдовски:** Благодрам.

Ви одговори на едно од прашањата, четири работи се во ова прашање, и нека си одбере заменикот.

Повелете господине заменик министер.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседтеле.

Значи работата е завршена целосно така како што беше во Проектот и парите се исплатени се разбира целосно, зависно од тоа како беше тендерот распишан и според завршената работа. Кои се подизведувачите, тоа нас најмалку не интересира бидејќи тоа си го решава фирмата која го добива тендерот. Значи ако сака и ако знаеме ние ќе му доставиме писмено. Јас во овој момент на памет не ги знам кои се фирмите ниту нас не интересира кои се подизведувачите. Нас не интересира која е фирмата со која ние склучуваме договор која го добива тендерот и ние на фирмата плаќаме. Ние не плаќаме на подизведувачи, туку средствата се плаќаат на фирмата со кој е склучен договорот односно фирмата која го има добиено тендерот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

И второто прашање е до вас, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Денеска беше многу апсолвирано ова прашање околу незадоволството на тутунопроизводителите и откупот на тутунот бидејќи сега е почетокот на екот на откупот на тутунот.

Тутунот е производ, односно растение кое најдобро законски е решено. Решено е неговото производство, преработка и промет на самиот тутун. Значи со закон е решено сето тоа и е единствена култура за која постои закон и со закон се решава одредени критериуми кои што треба да се исполнат за производство на тутун.

Во законот точно се утврдува дека сите оние кои што произведуваат тутун треба да го пријават своето производство и да склучат договор со откупните претпријатија, каде што ги утврдуваат меѓусебните односи или меѓусебните обврски меѓу откупувачите и продавачите на тутун. Што значи дека во договорот точно е прецизирано кои услови треба да ги исполнува производителот, а кои треба да ги исполнува преработувачот. Тој договор го потпишуваат и едната и другата странка, меѓутоа, тој договор мора да биде во склад со законот за тутун. Во договорот точно е прецизирано кај сите претпријатија кои што откупуваат тутун, со сите производители точно е прецизирано за колку време треба да се плати, која е цената по класа на тутунот и кој врши проценка на тутунот. Значи проценка на тутунот врши, ќе почнам од овде бидејќи од овде зависи цената. Најпрво се врши пласирање на тутунот, односно се спремат мостри по класи од исклучиво стручни луѓе кои што одредуваат која е прва класа, која е втора класа, која е трета и тн. Тие мостри се истакнуваат во сите откупни пунктови каде што се купува тутунот, каде што можат да послужат за проценката на тутунот. Во проценката на тутунот учествува покрај купувачот еден член, еден член самиот продавач и еден член од здружението на тутунопроизводителите. Доколку самоит продавач на тутунот не е задоволен од самата проценка тој има да оспори макар и една бала да е. Значи не мора да е целиот тутун кој што го продава. Може и целиот, меѓутоа може и одредена количина да ја оспори тогаш се уклучува и Министерството за земјоделство. шумарство и водостопанство во второстепената комисија каде што врши поново проценка на тој дел каде што самиот производител на тутун не се слага со цената односно класата која му е одредена.

Многу се шпекулира со тоа колку е цената на тутунот, дека цената на тутунот е од 70 до 80 денари. Одговорно тврдам според податоците кои што денеска и премиерот ги кажа, просечната откупна цена до вчера на ниво на Република Македонија е 124 денари. Значи во таа просечна цена има и помала цена и повисока цена. Важно просечната цена е 124 денари и имајќи го предвид искуството од другите години секогаш почетокот на откупот на тутунот има помала цена бидејќи секогаш се тактизира во тој дел и ние очекува дека цената на тутунот ќе ја постигне минатогодишната цена која за последните пет-шест години е најголема, значи минатогодишната цена тоа е 133 денари. Што значи дека ние очекуваме дека оваа година цената на тутунот ќе ја постигне минатогодишната цена.

Би сакал да одбележам тука, дека за прв пат после 5-6 години, можеби и повеќе но тие ги анализираат 5-6 години  наназад, за прв пат за 8% е зголемена цената по класи на тутунот. Значи ако ланската година била една цена за прва класа,  оваа година е зголемена некаде во просек за 8%. Што значи дека оваа година имаме померување на цената на тутунот. Значи сите други цени кои што се кажуваат се произволни. Ова што го кажуваме се официјални цени, бидејќи ние како Министерство го пратиме откупот на тутунот преку нашите инспектори, преку нашите подрачни единици секојдневно и сите проблеми кои што ги имаме, бидејќи имаме и законска обврска да делуваме таму каде што ќе наидеме на неправилности. Затоа, ова се официјални цени.

Значи, цената не е онаа која што пратеникот Паљошковски сега ја кажа, јас тоа го разбирам, а го слушнав и од земјоделците, меѓутоа, не го разбирам Паљошковски кој може во секое време да побара колку е просечната цена да му се каже и тој да кажува дека цената е 70 до 80 денари. Тешко ќе се решава незадоволството на оние земјоделци кои се на патиштата ако лидерите на одредени партии се заедно со нив по цел ден таму и ги советуваат како да штрајкуваат. Извинете, нема тоа кој да го реши. Тоа го видовме на лице место. Благодарам**.**

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Андан.

**Аднан Ќахил:** Претседателе, да реагирате на говорот на господинот Санде Џамбазовски кога рече дека определени лидери луѓето ги подбуцнуваат на штрајкови, мислам дека не е негово право да дава коментари. Секој лидер си носи своја одговорност пред јавноста, а не е негово тука да го коментира тоа, туку е тука да одговара на пратенички прашања. Тоа требаше вие да го спречите и да не дозволите да дава такви коментари. Ве молам, во иднина тоа да биде така.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, во право сте, вие тоа наместо мене го направивте, а јас бев зафатен со потпретседателот. Се извинувам, во иднина навистина ќе опоменувам. Нека се одговара на прашања без политички коментари.

Господине Паљошковски, повелете.

**Ѓорѓе Паљошковски:** Почитуван претседателе, од одговорот на заменикот министер не сум задоволен. Заменикот министер многу искажа и многу опширно зборуваше со неточни податоци.

Конкретното прашање гласеше, како ќе се разрешат проблемите. Патните правци се затворени. Откупните договори што се склучени меѓу тутунопроизводителите и организациите што го откупуваат тутунот им гласи дека во рок од 7 дена да им биде исплатен откупниот тутун. Додека работните организации што го откупуваат тутунот 45 дена им го продолжуваат рокот.

Моето прашање беше како ќе го разреши Министерството ова, да ги расчисти патните правци, да наложи на работните организации да не се малтретираат тие луѓе од 7 дена на 45 дена да им се плаќа тутунот, иако цената на тутунот е како што рече заменик министерот 70 до 80 денари. Не е така, 70 до 100 денари се движи откупната цена. Неговата просечна цена рече дека е 130 денари. Не е точно. Самиот факт кажува за тутунопроизводителите. Ако тие луѓе се задоволни од цената на тутунот, зошто ги блокираат патните правци. Цела Струмица е блокирана и струмичкиот регион е блокиран кон Република Бугарија, кон Радовиш и Валандово. Ако тие веќе тоа задоволство го имаат, очигледно овие тоа задоволство тоа го немаат, а што се служи со зборовите дека партиски лидери одат на теренот, јас одговорно тврдам дека партиски лидери на теренот нема, ниту некој манипулира со нив. Самите луѓе реагираат од нивното незадоволство. Се организираат протести, но зошто Владата во тој момент е глува, нема да оди на лице место да види, покрај тие луѓе што протестираат за тутунот, но луѓето стојат на патото по 7 часа со автомобилите, го губат времето и не можат своите работни задачи да си ги вршат во градот и вон од градот Струмица кон Републиката, кон Република Бугарија и Валандово. За тоа Владата треба да преземе мерки да се симне меѓу тој народ и меѓу тие тутунопроизводители, сериозно да ја земе работата во свои раце и да го разреши тој проблем. Јас не можам да бидам задоволен од одговорот на заменик министерот.

**Љупчо Јордановски:** Вие не сте задоволни, но немате ни дополнителни прашања, бидејќи не поставивте дали има коментар. Значи, се повтори првото прашање.

Повелете, одговорете на дополнителното прашање, зошто има блокади?

**Санде Џамбазовски:** Прво, се извинувам ако деловнички погрешив што спомнав за лидерите на партиите.

Втора работа, ако прашува како ќе ги решиме блокадите, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не е надлежно да го решава проблемот на блокадите на патиштата. Значи, на погрешно место е поставено прашањето.

Трета работа јас реков 124 денари е до денес просечната цена, не реков 130 денари. Јас го повикувам господинот пратеник Паљошковски нека дојде во Министерството и точно ќе му кажеме колку е во Струмица, колку е во сите откупни претпријатија, колкава е просечната цена и тогаш ќе се увери посигурно.

Што се однесува до тоа, точно е дека Струмица има склучено договор со земјоделските производители за плаќање на тутунот за 7 дена. Тоа го проверивме во договорот и стои. Сега, Тутунскиот комбинат од Струмица го пролонгира тој рок на плаќање, прво беше за 45 дена, сега се симна на 30 дена после нашите разговори, меѓутоа во договорот точно стои дека производителот има право да бара камата, доколку не му се изврши плаќањето во одреден рок. Тоа значи дека Министерството нема надлежност да може тој меѓусебен договор да влијае или да делува вака или онака. Тоа ќе мора да си го решаваат самите ако производителите не ги добијат парите за времето кое е потпишано, што е се пропишано во договорот и тие можат да си бараат камата на начин како тоа се решава во правото. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Третото прашање е упатено до Министерството за локална самоуправа. Нема претставник и веројатно писмено ќе му се одговори.

Писмено ќе му се одговори на третото прашање.

Госпоѓа Андова имате три прашања за 10 минути.

**Ана Андова:** Благодарам господине претседател.

Планирав да поставам 3 прашања, меѓутоа, еве во моментот одлучив да биде едно, затоа што првото прашање е околу земјоделските политики на Владата во однос на важните и стратешки земјоделски производи, како што се грозјето, тутунот, пченицата, веќе беше апсолвирано и одговарано во два наврата од претседателот на Владата претпладнево. Еве и сега на дел од прашањата заменикот министер за земјоделство имаше свои одговори. Второто прашање планирав да го упатам до министерот за финансии, меѓутоа уште пред да замине одлучив да го упатам писмено, заради тоа што е многу конкретно и е предмет на интерес на конкретен граѓанин, и има многу детали, па затоа ми е потребен одговор во писмена форма . Едното прашање кое ми преостана го упатува до Минситерството за труд и социјална политика. Можеби нема да предизвика интерес, меѓутоа, имав намера да барам и писмен одговор.

Со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата, по кои расправавме во неколку наврати од 2003 година, па до неодамна им дадовме можност со дејноста која се уредува со овие закони да можат да се бават и физички лица, чиј професионален профил исто така потесно го дефиниравме со одредбите на овие закони. Јас претпоставувам дека и Инспекторатот при ова Министерство или некои други соодветни служби имаат одредени прелиминарни информации како се употребуваат во пракса овие одредби, дали има интерес, дали периодот на имплементација

на овие закони е доволен да се заклучи дали можеби е потребна дополнителна промоција или јавна кампања, затоа што правен амбиент направивме со законите. Навистина, постојат потенцијални корисници и можна клиентела на ваков вид на пазарот на услуги и претпоставувам дека останува да се направи одредена анализа на понудата и побарувачката на пазарот на овој вид на услуги. Патем да кажам дека пазарот на услуги е огромен во глобални рамки доживува енормен пораст и се надевам дека ќе предизвика бранување и кај нас, кај невработената популација од оваа сфера на занимања. Исто и кај државните институции при стратешките планирања на хуманите ресурси.

Јас би замолила за одговор во писмена форма , бидејќи ме интересира одговорот на ова прашање на долгорочен план и не го поставувам како прашање заради прашање. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Андова.

Бидејќи, баравте писмено, значи овозможивте да поминеме на следниот пратеник кој има прашања, а тоа е господинот Аднан Ќахил.

Господине Ќахил, имате 10 минути за 3 прашања.

**Аднан Ќахил:** Благодарам претседателе.

Јас ќе го поставам моето пратеничко прашање едно и ќе побарам одговори на неколку прашања, заради времето и заради тоа што очигледно ќе ги доставам до Владата, а тука нема претставник од Владата, кој директно премиер или заменик премиер ќе ми одговори, барам писмен одговор.

**Љупчо Јордановски:** Пред тоа, кажете само кои прашања ќе бидат писмени.

**Аднан Ќахил:** Јас ќе ги дадам комплетно во писмена форма и писмено да ми се одговори.

Пратеникот на Собранието на Република Македонија Петар Апостолов на 52-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јануари 2004 година побарал од Владата на Република Македонија да му се одговори на следното прашање, а кое гласи: "На 27 август 2002 година Владата на Република Македонија донесе одлука за доделување на акции на вработените на АД "Македонски телекомуникации". Со оваа одлука вработените во АД "Македонски телекомуникации" кои од 15.01.2001 година биле во редовен работен однос им се доделуваат акции во вкупен износ од 1.916 775 акции, што претставува приближно 2% од вкупниот акционерски капитал на АД"Македонски телекомуникации".

Според одлуката на Владата на Република Македонија , уписот на имателите на акции во акционерската книга на македонските телекомуникации од централниот депозитар на хартии од вредност, треба да го извлече АД "Македонски телекомуникации". Иако е поминато повеќе од една и пол година откако е донесена одлуката на Владата на Република Македонија, истата не е спроведена односно Македонски телекомуникации се уште го немаат извршено уписот на акции во централниот депозитар на хартии од вредност, со што вработените не можат да располагаат со акции кои им следуваат според одлуката на Владата на Република Македонија и акционерскиот договор склучен помеѓу Република Македонија и стратешкиот партнер МАТАВ за продажба на АД "Македонски телекомуникации". Прашувам кога се очекува вработените во АД "Македонски телекомуникации" да ги добијат акциите. Прашањето го упатувам до Владата на Република Македонија". Тоа е завршен цитат во тој период.

На пратеничкото прашање на пратеникот е добиен одговор во писмен облик 07-578/2 од 25.02.2004 година од Владата на Република Македонија потпишано од претседателот на Владата на Република Македонија Бранко Црвенковски. Одговорот на Владата на Република Македонија на пратеничкото прашање на пратеникот Петар Апостолов поставено на 52-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 29.01.2004 година гласи:" Прашањето за доделување на акции на вработените од АД "Македонски телекомуникации" е регулирано во Акционерскиот договор склучен помеѓу министерот за финансии во името на Република Македонија и стратешкиот партнер МАТАВ утврдена во член 7 под наслов Ограничување на трансфер на акции. Во подточка 7.3-Ц под наслов Преместување на акциите на Република Македонија е утврдено, стратешкиот партнер потврдува дека Република Македонија после затворањето ќе понуди акции кои што ги поседува истата или ентитет под контрола на државата и кој што сочинува приближно 2% од издадените обични акции на вработените во "Македонски телекомуникации". Роковите и условите на понудата, вклучувајќи го и без ограничување, временскиот распоред на понудата по одредена цена и роковите за плаќање ќе бидат определени во програмата за учество на вработените. Програма за учество на вработените, која што е донесена сега, која што Програма ќе биде изработена од страна на Република Македонија во консултација со стратешкиот партнер. Стратешкиот партнер треба да ги преземе и да се погрижи и "Македонски телекомуникации" да ги преземат сите дејствија кои што Република Македонија бара да бидат преземени во врска со воспоставувањата и реализирањата на Програмата за учество на вработените.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 август 2002 година ја донесе Одлуката за доделување на акции на вработените во " Македонски телекомуникации" АД Скопје, тоа е 23-3-4459/1 од 27 август 2002 година. Со одлука Владата на Република Македонија на вработените во АД "Македонски телекомуникации" Скопје им додели 1.916 775 акции што претставува 2% од вкупниот акционерски капитал на "Македонски

телекомуникации". Начинот и постапката на споредување на акциите на вработените треба да се изврши согласно Програмата за доделување надомест акции на вработените во Македонски телекомуникации АД Скопје, која што е составен дел на одлуката. Распределбата не е извршена. 23.02.2004 година Скопје. Завршен цитат.

На одговорот на Владата на Република Македонија на пратеничкото прашање на пратеникот Петар Апостолов.

За да нема понатамошни двосмислени одговори од страна на Владата на Република Македонија во поглед на постоењето на цитираната обврска на Република Македонија, преземено со акционерскиот договор, споменатата одлука на Владата на Република Македонија и Програмата за учество на вработените, сакав да предупредам дека овие документи се доставени како доказен материјал во судска постапка која ја водат 330 вработени односно несудени акционери во Република Македонија и АД "Македонски телекомуникации". Имено, Република Македонија и АД "Македонски телекомуникации" се тужени од 335 лица сегашни и поранешни вработени на АД "Македонски телекомуникации". Тужбата е поднесена во месец јануари 2005 година до Основниот суд Скопје 1 против Република Македонија и АД Македонски телекомуникации. Предмет на тужбеното барање е да се утврди дека секој од овие лица поименично е сопственик на определен број на обични акции со право на глас од Собранието на друштвото. Во тужбеното барање се бара ваквото право да се утврди од 16.01.2001 година еден ден по затворањето на трансакцијата со која беа откупени мнозинскиот пакет на акции. До Основниот суд Скопје-1 како доказен материјал се доставени:

1. Фотокопие на одлуката на Владата на Република Македонија донесена на 27.08.2002 година;

2. Фотокопие на Акционерскиот договор склучен на 15.01.2001 година помеѓу Република Македонија и стратешкиот инвеститор МАТАВ, а потпишан од министерот за финансии на Република Македонија од една страна и од друга страна на стратешкиот инвеститор во името на "Електрик", претседател и извршен директор на МАТАВ;

3. Потврда дека програмата за учество на вработените е усвоена од АД "Македонски телекомуникации" и Владата на Република Македонија;

4. Писмо упатено од генералниот секретар на Владата на Република Македонија до министерот за финансии и АД "Македонски телекомуникации" за донесената одлука на Владата на Република Македонија според овој предмет;

5. Фотокопија од договорот на пратеничкото прашање од Петар Апостолов поставено на 52-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29.01.2004 година;

Владата на Република Македонија го разгледа и го утврди на седница одржана на 23.02.2004 година;

6. Бројни пресметки помеѓу Владата на Република Македонија и АД "Македонски телекомуникации", со кои се потврдува дека нема никакви пречки да се оствари правото на вработените, а согласно обврската на Република Македонија преземена со акционерскиот договор. И покрај вакви очигледни докази со кои е утврдено правото на вработените на АД "Македонски телекомуникации" дека се сопственици на определен број на акции, Владата на Република Македонија и АД "Македонски телекомуникации" упорно го одложуваат извршувањето на преземената обврска на Република Македонија да им додели акции од вкупен износ од 1.916 775 акции, што претставува приближно 2% од вкупниот акционерски капитал на "Македонски телекомуникации".

Затоа, моето пратеничко прашање што се состои во неколку потпрашања, а поставувам само едно прашање, тоа ќе гласи вака:

Зошто сега не е извршена од страна на Владата на Република Македонија и АД "Македонски телекомуникации", преземената со акционен договор обврска на Република Македонија за доделување на акции на вработените на АД "Макеоднски телекомуникации".

Второ, да се именува личната одговорност на функционерите на Владата на Република Македонија и раководителот на АД "Македонски телекомуникации", кои не ја спроведуваат одлуката, односно не ја реализираат обврската на Република Македонија преземена со акционерскиот договор.

Трето, зошто до судот се одбива од страна на АД "Македонски телекомуникации" и од Владата на Република Македонија да ја зема со акционерскиот договор.

Трето, зошто од судот се одбива, од страна на АД Македонски телекомуникации, од Владата на Република Македонија да се достави акционерскиот договор и одлуката наведени во овој документ.

Четврто, кога Владата на Република Македонија и АД Македонски телекомуникации ќе ги извршат обврските на Република Македонија преземени со акционерскиот договор, а обврска со доделените акции на вработените на АД Македонски телекумуникации.

Петто, што презела Владата на Република Македонија досега за да ја изврши предметната обрска на Република Македонија и какви мерки презема, бидејќи одговорните лица кои повеќе од 4 години не ја извршуваат предметната обврска на Република Македонија согласно со акционерскиот договор, а обврска со доделените акции на вработените на АД Македонски телекомуникации. Како што напоменав, бидејќи не е тука премиерот, ниту заменик премиерот, барам да ми се одговори во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Значи, писмено ќе го проследиме до Владата.

Следниот пратеник е Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Благодарам претседателе. Моето прво прашање е мошне кратко. Имено ја прашувам Владата на Република Македонија кој е надлежен за конечно решавање на слечиштето Рамина во Велес, централната власт, или локалната власт. И дали постои план за довршување и дорешавање на проблемот и со луѓето и со објектите. И колку финансиски средства се потребни?

Второто прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање. МХК Злетово не работи неколку години во Велес. Но, гаѓаните ги чуствуваат последиците преку резидиумите на токсични материи во земјата и преку одгледаните плодови на неа. Знам дека на Министерството за животна средина му е позната така наречената постапка ремедација, тоа е обеслојување на површинските слоеви на земјиштето загадено со тешки метали и заменување со таканаречена еколошка земја. Како замена на оваа постапка невладините организации заговараат така наречена биоремедација каде доминантна постапка во оваа биоремедација е пошумувањето со кое растенијата преку ресорбција би ги повлекле штетните материи. Но, според една јапонска студија корените ги затвараат своите пори за материјалот кого го препознаваат како непотребен, да речеме минимално ресорбираат цинк, а скоро и да не ресорбираат калиум и олово преку феноменот на адаптација, а овие токсични елементи се најмногу присутни во земјиштето. Биоремедацијата е скоро немоќна во однос на џгурата од Злетово и од фабриката за ѓубрива. Но, тие џгури во присуство на кисели дождови со помало ПХ од тројка кои би настапиле при реактивација на фабриките, тогаш џгурата и сега станува растворлива и од тие дождови што ја прави поагресивна спрема подземните води загадувајќи ги. Проблемот се усложнува поради се повеќе бавење на стечајците и невработените со градинарство за преживување и тие работат во почетокот аматерски што ги зголемува ризиците.

Конечно прашањето е дали Министерството за животна средина и просторно планирање ќе превземе активност за ремедација, а досега поминаа неколку години, односно помина така наречениот златен период за интервенција.

**Љупчо Јордановски:** Тоа се две прашања.

Првото прашање е поставено до Владата на Република Македонија.

Бидејќи нема претставник од Владата, дали некој од присутниве може да одговори? Ако не, ќе добиете писмен одговор.

А на второто прашање ќе ви одговори заменик министерот за заштита на животната средина Драгољуб Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Навистина прашањата се исклучително прецизни.

Прво, што се однесува до слечиштето Рамина, на една од седниците на Владата истото ќе биде разгледувано токму од овој аспект на кого припаѓа вториот дел од санацијата на слечиштето Рамина, бидејќи првиот дел од санација го направи Министерстовото за животна средина, се разбира согласно средствата и можностите што беа пуштени од Владата на Република Македонија. За втората е изготвен план и програма и студија од Градежниот институт, со тоа што во зависнот од средствата и можностите треба да биде направена, поточно не би сакал да прејудицирам. Со самата одлука и ставот на Владата на една од наредните седници по ова прашање ќе бидете удостоени со одговор по истото. Тоа е за првото.

За второто прашање навистина е интересно, секаде на овие индустриски објекти каде што има загадување со тешки метали постои загадување покрај она што значи на самите депонии во отпадокот од џгурата и во околниот простор на самото земјиште, дури до длабочина некаде од 40 до 60 см. Светотот познава неколку методи околу ремедација на зејмишниот простор, се разбира едната и најдобрата е отстранување на ова земјиште и ставање нова еколошка чиста земја. Навистина тоа е исклучително голем процес кој чини многу, кој е скап и , за жал, во овој период, на пример на тој дел не се преземени активности. Но, дел од она што значи биоферментација и тоа е позната работа за која што најдалеку се отидени Русите во овој дел и со засадување на одредени билки постои апсорбирање на овие тешки метали. Точно е тоа што вие говорите дека има одредени сознанија од јапонските институти дека одредени билки апсорбираат одредени метали додека други билки не апсорбираат. Јас просто бев изненаден, одржавме ние една таква трибина во Клубот на пратеници каде што беа поканети еминентни стручњаци во државата, што имаме и од нив, сознанија. Дадоа одредени сугестии и насоки за кои растенија би можеле на кои простори во овој дел на Велес да бидат користени за оплеменување односно ремедација на просторот. И на крајот на краиштата радува и активноста што ја водат невладините организации и оптимистите на ова поле. Сакам да кажам истите се макскимално подржани од Министерстото за животна средина и просторно планирање. Ако ја следите активноста, Министерството неслучајно повлече една активност околу пошумување и активностите почнаа и во Велес, свесни дека тој дел на активности припаѓа и на други министерства и дејности, туку се со цел и иницијатива за една поширока општествена активност во пошумувањето, да речам ремедацијата на просторот. Јас се надевам дека во наредниот период откога ќе имаме одредени сознанија за овие работи и со ефектите што ќе бидат постигнати Министерството и те како ќе ја следи активноста и во зависност од можностите сигурно истата и финансиски ќе ја подржи, а и со

определени сознанија кои што ги имаме во активности кои веќе течат во делот на Министерството за животна средина во Македонија со Министерството за животна средина на Русија и нивните сознанија и можности ќе се обидеме во наредниот период навистина во зависнот од можностите финансиски да ги примениме пред се на овој простор.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски, дали сте задоволен од одговорот?

**Ристо Пејоски:** Релативно сум задоволен. Јас искрено ќе бев задоволен доколку ми беше соопштен план со термини и со намери. Активностите што ги планира Министерството некако се префрлени во иднина. Мислам дека доволно време одмина и досега требаше да се направи нешто повеќе.

**Илија Србиновски:** Првото прашање ќе го поставам до министерот за внатрешни работи. Група граѓани кои учествуваа на протестите против продажбата на ЕСМ Дистрибуција, а чии возила го попречуваа сообраќајот на скопските раскрсници, го прашуваат министерот за внатрешни работи господинот Љубомир Михајловски и тоа за следното. За каква цел им се регистарските броеви на моторните возила од граѓаните кои беа паркирани на раскрсниците со кои се попречуваше сообраќајот во знак на протест против продажбата на ЕСМ Дистрибуција што ги запишуваа службени лица од Министерството за внатрешни работи. Дали тоа се прави со намера да се заплашат овие граѓани кои го користеа своето демократско право на протест, дали се сака со ваквите постапки до крај да се задуши демократијата во оваа земја и дали преку задушување на демократијата се стигнува до членството на ЕУ која оваа Влада се залага со своите декларативни заложби. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, до Министерството за економија, мислам дека таму треба да биде пропратено. Имено се работи за најавена приватизација на ПОТ, лично од страна на директорот пред работниците, тоа се работи за РЕК Битола. Ќе се јават големи последици како во РЕК Битола, така и по вработените во фабриката, ќе бидат катастрофални. ПОТ е главниот снабдувач на РЕК Битола со резервни делови и опрема. Значи, зошто се раскрчмува ЕСМ и се продава профитабилна фабрика која е единствена мала преработувачка фирма која воопшто работи и во државата, а конкретно и за РЕК Битола.

Следното прашање, е до Министерството за здравство. Имено, во Клиничкиот центар во Битола е доведено во прашање секојдневното работење. Парното не функционира, пациентите мрзнат, болничкиот лифт не е во функција и можеби најстрашното е тоа што централниот стерилизатор не е сервисиран од неговото монтирање со што се доведува во прашање постоењето на Клиничкот центар со неговите основни функции. Министерот за здравство го посети овој центар но не кажа ништо за овие проблеми. Значи, до кога ќе ја имаме оваа состојба во Битолскиот клинички центар. Благодарам тоа беа три прашања.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. И на трите прашања ќе добиете писмен одговор.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе. Се согласувам, нека добијам писмен одговор. Меѓутоа минатиот пат поставив прашање, кажавте дека писмено ќе се одговори и еве до ден денеска поминаа можеби два-три месеци немаат одговорено Министерството за земјоделие, писмено немаат одговорено. Имено беше прашањето за ЗИК Пелагонија, колку концесии плаќа, колку им е дадено земјиште, сето тоа беше наведено и до ден денеска не е одговорено на тоа прашање.

Мислам треба да се одговори, па потоа и овие да се одговорат.

**Љупчо Јордановски:** Еве тука е заминик министерот за земјоделие. Да го потсетиме да провери на вашето прашање зошто не е одговорено. Благодарам.

Следните десет минути припаѓаат на господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Верувам од пратениците денеска човек никако да стигне на ред. Јас би го прашал замереникот министер за земјоделие за една сосема нова работа. Не е ова прашање. Би го прашал едно прашање кој никој не го прашал досега. Што станува со овогодишната реколта за извоз на македонски банани. Таков производ не постои. Нема да ве прашувам вас. Ова е алузија на низа од прашања кои беа поставени, ве слушавме цело време овде, ја преземавте улогата на пратеници, а во вашата стручност не се сомневам. Елабориравте многу, кажавте многу работи. Но, колку тоа народот ќе го прифати, тоа е сосема друго прашање. Се направи маркетинг од невиден тип и карактер овде се изнаслушавме многу работи.

Имам две прашања кои не се во доменот откуп и извоз на банани, туку се работи за две животни прашања. Поточно се работи за следното. Ме интересита, најверојатно писмено ќе ми одговорите, нема да се нафати никој да одговори на ова прашање. До каде е стигната Владата со заложбата за одбраната на Љубе Бошковски, затоа што се крена едно време прашина, Владата ќе биде кооперативна, ќе ги отвори сите архиви, финансиски ќе помогне и на него и на неговата фамилија. Очигледно е дека од таквата работа нема ништо. Туак сум да ве потсетам вас како претставници на Влада, ова се надевам дека ќе го пренесете и на господинот премиер кој не најде за сходно да ја свика Владата во 18.30 часот, да не сослуша по битни прашања. Сметам дека ова е битно прашање, затоа што се работи за животни прашања, не се работи за тоа јас некого да

омаловажам, за откуп на тутун итн, се работи за прашање да се биде, или да не се биде. И на Љубе Бошковски како екс министер, како македонски патриот, човек кој зад себе остави три деца, фамилија, а гледајќи ја инертноста на Владата не можам да се отргнам од впечатокот дека се нема интерес да се помогне. Како парадигма дека треба да се води сметка за своите бивши министри, не само министри и за најобичните граѓани кои утре можат да заглават по било кои затвори белосветски. Да ви го спомнам случајот на Готовина и кревањето на хрватската држава и на хрватското министерство за правда до максимално ниво. Прашањето е следно. Дали македонската Влада има искрени намери да остане на заложбите кои јавно ги деклрираше овде од оваа говорница од овие министерски места дека ќе стои финансиски, политички и секако друго зад одбраната на Љубе Бошковски. Значи, тоа е прашањето кое сакам да го испратам како порака добронамерно без некоја зла намера, без правење на маркетинг, на еден херој од татковинската војна, или вообичаено она македонското, човекот штом не е меѓу нас, многу брзо го забораваме. Да не заборавиме дека тој човек застана на браникот на македонската татковина во време кога на оваа држава и беше најтешко. Значи, да се отворат архивите, да се обезбедат пари,да му се даде максимална логистичка подршка на човекот кој се даде целиот себеси за доброто на оваа татковина наречена Република Македонија.

Второто прашање кое сакам да го поставам, може да ми одговори и господинот Талат Џафери, ако смета дека може да ми одговори, а тоа е следното. Следејќи ја вчера хрватската емисија на телевизија "Нова", половина час имаше дискусија, таа е една панел емисија, политичка е каде што се говореше за Македонија, поточно за министерството за одбрана во периодот на 2001 година кога министер во тоа Министерство беше господинот денеска актуелен премиер господинот Бучковски. Се работи за следното. Претпоставувам дека знаете за што се однесува. Се работи за купени 5100 ракети од хрватската армија купени од македонското Министерство за одбрана. Репарацијата на тие ракети одеше преку хрватската фирма, или загребската фирма "Ѓуро Ѓаковиќ". Тие ракети дали стигнаа во Македонија или не, неможам да кажам. Но, она што беше таму кажано како македонец гледајќи го тоа преку медиумите многу нелагодно се чувствував затоа што како држава бевме изложени што би рекол нашиот народ на подбив теза, на зафрканција. Во таа емисија учествуваат и неколку работи кои даваат шлаг на сета таа работа и тотално и како нација и како држава бевме изложени на подсмев, за жал. Сета таа трансакција вредеше некаде, говорам за тој период 5 милиони марки, денеска некаде околу 2,5 милиони евра. Парите се некаде загубени меѓу Скопје и хрватската фирма "Ѓуро Ѓакович".

Значи парите не се легнати на Министерството за одбрана на Република Хрватска.

Моето прашање е: Незнам колку знаете, реков доколку можете да ми одговорите, доколку не, може и писмено да ми одговорите. Сметам дека ми е должност како пратеник, а пред се како македонец да го поставам ова прашање. Дали тие ракети се стигнати тука и како по сите нормални узунси нешто што се купува треба и да се плати, дали се платени и ако се платени, зошто парите не се легнати на сметка на Хрватското Министерство за одбрана. Тоа е прашањето господине Џафери. Не мора да се трудите да ми одговорите усно, можете да ми одговорите и писмено, за да имам утре документ и аргумент, кога ќе ми одговорите, а се надевам дека тоа ќе биде пред изборите, гледајќи го капацитетот и работењето на оваа Влада. Значи тоа се две прашања, Прашањето и грижата за Љубе Бошковски, односно вашата негрижа за него и второто прашање, каде се парите од ракетите купени од Хрватското Министерство за одбрана. Дали останале овде, нема да навлегувам во тоа дали некој земал или не земал профи, дали некој се офајдил или не се офајдил. Значи второто прашање е во тој контекст. Сметам дека ова прашање треба да се постави, за да утре Македонија може да се брани и пред меѓународните институции и пред Република Хрватска која ја сметаме за пријателска земја и која не смееме да ја изложиме на еден ваков чин, доколку ова е направено, доколку не е исплатено.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За првото прашање побравте одговор во писмена форма, а и инаку не можете да добиете сега одговор.

За второто прашање, бидејќи тука е присутен заменик министерот за одбрана, вие дадовте алтернативи во врска со одговорот, па сепак ќе одлучи тој.

Повелете господине Џафери.

**Талат Џафери:** Тоа е прашање што секаде се поставува, само прашањето обеше каде се парите. Условно ако сме земале раќети, треба да се праша како се земени тие ракети. Одговор на тоа прашање ќе добиете во писмена форма, бидејќи сепак се работи за сеф на податоци кои се нумерички. Сега од оваа позиција не би можел да кажам, бидејќи се работи за 2001 година, немам функционални податоци и за тоа одговорот ќе биде во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Прашањето е малку проширено, покрај парите, ќе се одговори и каде се ракетите.

**Александар Флоровски:** Го разбравте прашањето. Јас само прашав дали Република Македонија исплати за она што го зема од Република Хрватска или парите останаа некаде измеѓу. Тоа е прашањето, можете да ми одговорите писмено, бидејќи се работи за работа

која е направена пред пет години, а вие тогаш не бевте тука, бевте на сосема друго место.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ќе добиете одговор во писмена форма.

Господине Шајноски, вие сте последен на листата, бидејќи бевте упорен сепак ќе ви дадам можност вашите 10 минути да ги искористите.

Повелете.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Јас имам три кратки прашања. На првото прашање би сакал да ми одговори министерот Никола Поповски, кај кого високо ја ценам конструктивноста, доследноста и почитувањето на законитоста. Дали приоритетните акции од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување можат да бидат обични, ако нивниот вкупен износ е помал од 51% од вкупниот акционерски капитал на фирмата на која се однесуваат.

Второто и третото прашање ќе ги наменам до министерот за економија.

Второто прашање гласи: Зошто ЕМО не го доби и кој го доби тендерот за изградба на 400 киловолтниот далновод Штип-Бугарија во вредност од приближно 20 милиони евра. Ако е можно, како аргумент на одговорот, би бил задоволен дас ми се достави и Записникот од седницата на која е извршен изборот на изведувач по овој тендер.

Третото прашање би било: Ако и судот во предвиденот законски рок не закаже Собрание на акционери, кои се натамошните права на малцинските акционери кои поседуваат минимум 10% од вкупниот број на акции, а бараат одржување на акционерско собрание.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Се надевам дека и сами сте свесни дека одговорите на овие прашања ќе ги добиете во писмена форма.

Со тоа и листата на дискутанти е исцрпена, а и времето на работниот ден завршува.

Продолжуваме утре со 117-та седница на Собранието, поточно Законот за воздухопловство е прва точка на дневен ред, втора фаза, почнавме со амандмани.

Значи се гледаме утре во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 18,00 часот).